**Зборник на трудови од меѓународната научна конференција**

# МИТ И ДРАМА: СОВРЕМЕНИ ТОЛКУВАЊА

**Proceedings of the International Conference**

# MYTH AND DRAMA: CONTEMPORARY INTERPRETATIONS

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ (УКИМ)
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ
Институт за македонска литература – Скопје, УКИМ
Факултет за драмски уметности – Скопје, УКИМ

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE (UKIM)
“Blaže Koneski” Faculty of Philology – Skopje, UKIM
Institute of Macedonian Literature – Skopje, UKIM
Faculty of Dramatic Arts – Skopje, UKIM

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ - СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ

# Зборник на трудови од меѓународната научна конференција

# *Мит и драма: Современи толкувања*

одржана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје

29-30 ноември 2024 г.

Скопје, 2025

**Издавач:**
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Институт за македонска литература – Скопје
Факултет за драмски уметности – Скопје

**За издавачот:**
Владимир Мартиновски, Филолошки факултет „Блаже Конески“– Скопје
Наташа Аврамовска, Институт за македонска литература – Скопје
Бесфорт Идризи, Факултет за драмски уметности – Скопје

**Главни уредници:**
Наташа Аврамовска, Институт за македонска литература – Скопје
Деспина Ангеловска, Факултет за драмски уметности – Скопје
Дарин Ангеловски, Институт за македонска литература – Скопје
Бесфорт Идризи, Факултет за драмски уметности – Скопје
Владимир Мартиновски, Филолошки факултет „Блаже Конески“– Скопје
Кристина Н. Николовска, Филолошки факултет „Блаже Конески“– Скопје

**Извршни уредници:**
Деспина Ангеловска, Факултет за драмски уметности – Скопје
Дарин Ангеловски, Институт за македонска литература – Скопје
Кристина Н. Николовска, Филолошки факултет „Блаже Конески“– Скопје

**Графичко уредување:** МАР-САЖ

**Лектура на македонски:** Анета Дучевска
**Лектура на англиски:** Калина Малеска
**Лектура на француски:** Деспина Ангеловска

**Дизајн на корица**:
Дарин Ангеловски
Жарко Иванов

Скопје, ноември 2025 г.

Овој зборник е објавен со финансиска поддршка од Министерството за образование и наука на РСМ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821-2.09:821-343.09(062)
792.2:2 264(049.32)(062)

ФИЛОЛОШКИОТ факултет „Блаже Конески“ (2024 ; Скопје)
Мит и драма : современи толкувања : зборник на трудови од меѓународната научна конференцијаодржана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје 29-30 ноември 2024 г / Филолошкиот факултет „Блаже Конески“-Скопје, Институт за македонска литература-Скопје, Факултет за драмски уметности-Скопје ; [главни уредници Наташа Аврамовска,... [и др.]]. - Скопје : Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ : Институт за македонска литература : Факултет за драмски уметности, 2025. - 543 стр. : илустр. ; 22 см

Фусноти кон трудовите. - Напор. ств. насл. на анг. јаз.: Myth and Drama:
Contemporary Interpretations. - Останати уредници: Деспина Ангеловска, Дарин Ангеловски, Бесфорт Идризи, Владимир Мартиновски, Кристина Н. Николовска. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-234-132-3 (Филолошки факултет „Блаже Конески“)
ISBN 978-9989-729-21-8 (ФДУ)
ISBN 978-608-4744-48-1 (Институт за македонска литература)

1. Факултет за драмски уметности (2024 ; Скопје) 2. Институт за македонска литература (2024 ; Скопје)
а) Светска книжевност -- Мит -- Драма -- Критики и толкувања -- Зборници
б) Драмски изведби -- Мит -- Критики -- Зборници

COBISS.MK-ID 67469061

**Организатори на конференцијата:**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Институт за македонска литература – Скопје
Факултет за драмски уметности – Скопје

**Програмски одбор**:
Наташа Аврамовска, Институт за македонска литература – Скопје
Деспина Ангеловска, Факултет за драмски уметности – Скопје
Дарин Ангеловски, Институт за македонска литература – Скопје
Ивица Баковиќ, Факултет за хуманистички и општествени науки, Универзитет во Загреб (Хрватска)
Жанина Мирчевска, Академија за театар, радио, филм и телевизија, Универзитет во Љубљана (Словенија)
Бесфорт Идризи, Факултет за драмски уметности – Скопје
Владимир Мартиновски, Филолошки факултет „Блаже Конески“– Скопје
Кристина Н. Николовска, Филолошки факултет „Блаже Конески“– Скопје
Лада Стевановиќ, Институт за етнографија, Српска Академија на Науките и Уметностите, Белград (Србија)
Весна Томовска, Филозофски факултет - Скопје
Даниела Тошева, Филозофски факултет - Скопје
Игор Штикс, Факултет за медиуми и комуникации, Белград (Србија)/ Филозофски факултет, Универзитет во Љубљана (Словенија)

**Организациски одбор:**
Деспина Ангеловска, Факултет за драмски уметности – Скопје
Дарин Ангеловски, Институт за македонска литература – Скопје
Кристина Н. Николовска, Филолошки факултет „Блаже Конески“– Скопје

**Техничка поддршка:** Владимир Јанчевски

**Секретари на конференцијата:**
Христина Велчевска
Калина Котевска

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
BLAŽE KONESKI FACULTY OF PHILOLOGY - SKOPJE
INSTITUTE OF MACEDONIAN LITERATURE - SKOPJE
FACULTY OF DRAMATIC ARTS - SKOPJE

# Proceedings of the International Conference

# *Myth and Drama: Contemporary Interpretations*

Hosted by the "Blaže Koneski" Faculty of Philology in Skopje

29-30 November 2024

Skopje, 2025

**Publisher:**
“Blaže Koneski” Faculty of Philology – Skopje
Institute of Macedonian Literature – Skopje
Faculty of Dramatic Arts – Skopje

**For the Publisher:**
Vladimir Martinovski, “Blaže Koneski“ Faculty of Philology – Skopje
Nataša Avramovska, Institute of Macedonian Literature – Skopje
Besfort Idrizi, Faculty of Dramatic Arts – Skopje

**Chief editors:**
Nataša Avramovska, Institute of Macedonian Literature – Skopje
Despina Angelovska, Faculty of Dramatic Arts – Skopje
Darin Angelovski, Institute of Macedonian Literature – Skopje
Besfort Idrizi, Faculty of Dramatic Arts – Skopje
Vladimir Martinovski, “Blaže Koneski“ Faculty of Philology – Skopje
Kristina N. Nikolovska, “Blaže Koneski” Faculty of Philology – Skopje

**Executive Editors:**
Despina Angelovska, Faculty of Dramatic Arts – Skopje
Darin Angelovski, Institute of Macedonian Literature– Skopje
Kristina N. Nikolovska, “Blaže Koneski” Faculty of Philology – Skopje

**Layout:** MAR-SAŽ

**Macedonian Proofreading:** Aneta Dučevska
**English Proofreading:** Kalina Maleska
**French Proofreading:** Despina Angelovska

**Book cover design:**
Darin Angelovski
Žarko Ivanov

Skopje, November 2025

These proceedings have been published with financial support from the Ministry of Education and Science of the Republic of North Macedonia.

**Conference Organizers:**
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
"Blaže Koneski" Faculty of Philology – Skopje
Institute of Macedonian Literature – Skopje
Faculty of Dramatic Arts – Skopje

**Conference Programme Committee:**
Nataša Avramovska, Institute of Macedonian Literature – Skopje
Despina Angelovska, Faculty of Dramatic Arts – Skopje
Darin Angelovski, Institute of Macedonian Literature - Skopje
Besfort Idrizi, Faculty of Dramatic Arts – Skopje
Vladimir Martinovski, "Blaže Koneski" Faculty of Philology – Skopje
Kristina N. Nikolovska, "Blaže Koneski" Faculty of Philology – Skopje
Ivica Baković, Faculty of humanities and social sciences, University of Zagreb (Croatia)
Žanina Mirčevska, Academy of Theatre, Radio, Film and Television, University of Ljubljana (Slovenia)
Lada Stevanović, Institute of Ethnography, Serbian Academy of Sciences and Arts, Belgrade (Serbia)
Vesna Tomovska, Faculty of Philosophy – Skopje
Daniela Toševa, Faculty of Philosophy – Skopje
Igor Štiks, Faculty of media and communications, Belgrade (Serbia)/ Faculty of Philosophy, University of Ljubljana (Slovenia)

**Technical Assistant:** Vladimir Jančevski
**Conference Secretaries:**
Hristina Velčevska
Kalina Kotevska

## СОДРЖИНА / CONTENTS

Предговор
**Деспина Ангеловска, Дарин Ангеловски, Кристина Н. Николовска** ..... 15

Preface
**Despina Angelovska, Darin Angelovski, Kristina N. Nikolovska** ..... 19

Вовед: Митот и драмата во огледалото на современието
**Деспина Ангеловска, Дарин Ангеловски, Кристина Н. Николовска** ..... 23

Introduction: Myth and Drama in the Mirror of Contemporaneity
**Despina Angelovska, Darin Angelovski, Kristina N. Nikolovska** ..... 31

ПЛЕНАРНО ПРЕДАВАЊЕ / KEYNOTE LECTURE

**Svetlana Slapšak** Legacy of Arachne / **Svetlana Slapšak** Nasledstvo Arahne: poetika haosa i miturgije ..... 41

I. МНОГУТЕ ЖИВОТИ НА МИТОТ /THE MANY LIVES OF MYTH

**Jordi Redondo** Mythical Trends in Euripides' *Hypsipyle* / **Jordi Redondo** Tendances mythiques dans l'*Hypsipyle* d'Euripide ..... 57

**Лидија Капушевска Дракулевска** Реинтерпретација на митот во драмата *Ифиѓенија на Таврида* од Ј. В. Гете / **Lidija Kapuševska Drakulevska** Reinterpretation of the Myth in Goethe's *Iphigenia in Tauris* ..... 71

**Владимир Мартиновски** Судењето како митски и сценски процес / **Vladimir Martinovski** The Trial as a Mythical and Theatrical Process ..... 85

**Анастасија Ѓурчинова** Реинтерпретација на митот во декадентниот театар на Габриеле Данунцио / **Anastasija Ǵurčinova** Reinterpretation of the Myth in the Decadent Theater of Gabriele D'Annunzio ..... 97

**Goce Smilevski** Mythical Patterns in *A Doll House* by Henrik Ibsen / **Гоце Смилевски** Митските обрасци во *Домот̄ на една кукл*а од Хенрик Ибзен ..... 107

II. МАСКИ, МИТОВИ И ТРАНСФОРМАЦИИ / MASKS, MYTHS AND TRANSFORMATIONS

**Ениса Успенски** Афродита од антике до модерног романа и симболистичке драме / **Enisa Uspenski** Aphrodite from Antiquity to the Modern Novel and Symbolist Drama .....117

**Софија Тодоровић** Аутомитологизација и изгубљени медијатор у драми *Минет̄и* Томаса Бернхарда / **Sofija Todorović** Self-Mythicization and the Lost Mediator in Thomas Bernhard's *Minetti* ..... 133

**Елисавета Поповска** Како паднаа маските во пиесата *Елект̄ра* од Маргерит Јурсенар / **Elisaveta Popovska** How the Masks Fell in Marguerite Yourcenar's *Electra* ..... 151

**Alioune Willane** Théâtre et réécriture, les nouveaux mythes de la modernité : lecture comparative de *Beatrice du Congo* de Bernard Dadié et *L'exil d'Albouri* de Cheik Aliou Ndao / **Alioune Willane** Theatre and Rewriting, the New Myths of Modernity: A Comparative Reading of *Beatrice of the Congo* by Bernard Dadié and *The Exile of Albouri* by Cheik Aliou Ndao ..... 169

**Калина Малеска** Реинтерпретација на африкански митови во постколонијалните драми на Сојинка и Онвуеме / **Kalina Maleska** Reinterpretation of African Myths in the Postcolonial Plays of Soyinka and Onwueme
..... 183

**Besfort Idrizi** Exploring Theatrical Elements in the Cult of the Dead: A Case Study of the Necromanteion of Acheron / **Бесфорт Идризи** Истражување на театарските елементи во култот на мртвите: Студија на случајот на Некромантеонот на Ахерон
..... 197

## III. ГЛАСОВИ НА ЖЕНИ / VOICES OF WOMEN

**Cassandre Martigny** "Regard oblique" sur l'*Odyssée* : le mythe d'Ulysse reconfiguré depuis une perspective féminine/féministe dans le drame *Trois fois Ulysse* de Claudine Galea (2024) / **Cassandre Martigny** An "oblique look" at the *Odyssey*: the Myth of Ulysses Reconfigured from a Female/ Feminist Perspective in Claudine Galea's *Trois fois Ulysse*
..... 223

**Andreea Bugiac** Au-delà du masculin et du féminin : reconfigurations mythiques et binarités détournées dans le théâtre de Sylviane Dupuis / **Andreea Bugiac** Beyond Masculine and Feminine. Mythical Reconfigurations and Subverted Gender Binarism in Sylviane Dupuis' Theatrical Works
..... 237

**Bela Gligorova** In the Space Between Adaptation and Acknowledgement of Trauma: Paula Vogel's *How I Learned to Drive* and Its Most Recent Theatrical Lives / **Бела Глигорова** Меѓу адаптацијата и признавањето на траумата: *Како научив да возам* од Паула Вогел и нејзините најнови театарски животи
..... 253

**Aleksandra Kuzmić** The Quest for Freedom in Milena Marković's *The Doll Ship* / **Aleksandra Kuzmić** La quête de liberté dans *Le Bateau pour poupées* de Milena Marković
..... 261

**Мария Маринова** Самодивата – фолклорни представи vs. литературни интерпретации / **Maria Marinova** The Samodiva: Folklore Depictions vs. Literary Interpretations
..... 281

## IV. СЦЕНИ НА МОЌТА / STAGES OF POWER

**Кристина Н. Николовска** Митологизирањето на историските „факти“ во Расиновата драма *Александар Велики* / **Kristina N. Nikolovska** The Mythologization of Historical “Facts” in Jean Racine’s *Alexander the Great*
..... 299

**Ivan Dodovski** Unraveling the Balkan Dionysus: Western Arrogance and Eastern Irrationality in Goran Stefanovski’s *Bacchanalia* / **Иван Додовски** Разоткривање на балканскиот Дионис: ароганцијата на Западот и ирационалноста на Истокот во драмата *Баханалии* од Горан Стефановски
..... 319

**Ведран Диздаревиќ** Трите животи на Антигона: анахронизмот и отуѓувањето во „етичко-политичката вежба“ на Славој Жижек / **Vedran Dizdarević** The Three Lives of Antigone: Anachronism and Alienation in Slavoj Žižek’s “Ethico-political Exercise»
..... 331

**Жарко Иванов** Митски реинтерпретации: *Пилад* на Пазолини како социо-политички коментар / **Žarko Ivanov** Mythical Reinterpretations: Pasolini’s *Pylades* as Sociopolitical Commentary
..... 353

## V. МАКЕДОНСКА ДРАМА: ЖИВИ МИТОВИ / MACEDONIAN DRAMA: LIVING MYTHS

**Ана Стојаноска** Митското како драмски топос во современата македонска драма (студија на случај – митот за Болен Дојчин и современата македонска драма) / **Ana Stojanoska** The Myth as a Dramatic Core in Contemporary Macedonian Drama: A Case Study of *Bolen Dojčin* and the Contemporary Macedonian Drama
..... 371

**Биљана Рајчинова-Николова** Интегрирањето и функционирањето на митот во македонската современа драма (преку драмата *Словенски ковчеѓ* од Венко Андоновски) / **Biljana Rajčinova-Nikolova** The Integration and Functioning of Myth in Macedonian Contemporary Drama: *Slovenski kovčeg* by Venko Andonovski
..... 387

**Сузана Мицева** Митолошкото и сказновидното во драмата за деца од 19 век до новото време: врз примери од македонски и странски драми / **Suzana Miceva** The Role of Myth in Children's Drama from the 19th Century to Contemporary Times: Examples from Macedonian and International Works
..... 407

**Дарин Ангеловски** Класичниот мит во драмата *Баханалии* од Горан Стефановски / **Darin Angelovski** Classical Myth in Goran Stefanovski's Play *Bachanalia*
..... 425

**Катерина Панов Кожаров** *Падоѓ на Масада* од Венко Андоновски – транскрипција на Сизифовата контеплација на патот од врвот кон подножјето на планината / **Katerina Panov Kožarov** *The Siege of Masada* by Venko Andonovski: Transcribing Sisyphean Contemplation in the Path from the Top to the Bottom of the Mountain
..... 435

VI. МИТОТ НА СЦЕНА И НА ПЛАТНО / MYTH ON STAGE AND SCREEN

**Lada Stevanović** Ancient Drama and Myth on Screen / **Lada Stevanović** Antička drama i mit na filmu
..... 455

**Славица Србиновска** Интерпретација на наративите за Медеја: Историски контексти и различни медиуми / **Slavica Srbinovska** The Interpretation of Medea's Narratives in Historical Context and across Different Media
..... 475

**Massimo Fusillo** The Extensions of Medea / **Massimo Fusillo** Les extensions de Médée
..... 495

**Jitka Goriaux** *Anthropolis* by Roland Schimmelpfennig and Karin Beier: The Experience of Tragic Conflict on the Contemporary Stage / **Jitka Goriaux** *Anthropolis* de Roland Schimmelpfennig et Karin Beier : L'expérience du conflit tragique sur la scène contemporaine
..... 507

**Despina Angelovska** Réinventer le mythe au présent: *Antigone in the Amazon* de Milo Rau / **Despina Angelovska** Reinventing the Myth in the Present: Milo Rau's *Antigone in the Amazon*
..... 525

# ПРЕДГОВОР

Меѓународната научна конференција *Мит и драма: Современи толкувања*, соорганизирана од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Институтот за македонска литература – Скопје и Факултетот за драмски уметности – Скопје, со финансиска поддршка од УКИМ, се одржа на 29 – 30 ноември 2024 година во просториите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Идејата за конференцијата произлезе од неформалните разговори што ги водевме една година претходно, кога, како колеги од овие три институции, препознавме значителен јаз: иако митот и драмата / театарот отсекогаш биле длабоко испреплетени, немало многу можности двете области да се доведат во директен и систематски дијалог. Токму затоа сакавме да создадеме таков простор, простор што ќе ги собере научниците кои работат на крстопатот на митот и драмата, во нивното пошироко значење, и ќе им овозможи да пристапат кон овој сложен однос од различни дисциплинарни и методолошки перспективи. Нашата цел беше да поттикнеме дискусија за тоа како митовите, како традиционални извори за драмски текстови и театарски изведби, продолжуваат да инспирираат, да бидат препрочитувани, па и субвертирани во современите креации, и истовремено да го поставиме прашањето за тоа како се обликуваат новите митови како одговор на предизвиците на современето.

Целта на оваа интердисциплинарна конференција беше историски и дијахрониски да се истражат релациите меѓу концептите на митското мислење и драмското / театарското творештво. Кон ова поле пристапивме преку критичкиот арсенал на книжевно- компаративистичкиот пристап и перспективите на театрологијата за естетиката, семиотиката и драматургијата на старите и новите наративи. Како предлози за дискусија предложивме широк спектар на можни насоки: митот и драмата / театарот низ историјата; античките митови во современата драма / театар; современи критички читања на традиционалните драми и митови; реинтерпретации / репрезентации на митот во современата драма и театар; митот како драма / драмата како мит; деми(с)тификации на митот и драмата; интердисциплинарни толкувања на митот и драмата кои се потпираат на родова теорија, постколонијална теорија, психоаналитичка

теорија; вкрстувањата на митот, драмата / театарот и идентитетот; мит и ритуален театар; мит и постдрамски театар; митот драмата / театарот во ерата на дигиталните технологии, вештачката интелигенција и постхуманизмот; и конечно, новите митови. На конференцијата од хибриден карактер, со можност за учество со физичко присуство или онлајн, излагањата беа на македонски, англиски, француски и на повеќе јужнословенски јазици.

Конференцијата беше свечено отворена со обраќањата на Проректорот за меѓународна соработка на УКИМ, Александар Скепаровски, кој ја нагласи трајната улога на Универзитетот како најстара и најистакната автономна високообразовна институција во земјата, која ја слави својата 75-годишнина. Тој ја подвлече посветеноста на УКИМ за унапредување на истражувањата во уметноста и хуманистичките науки, истакнувајќи дека овие области се неразделни од општествениот развој и се неопходни за поттикнување на меѓународната академска размена. Во овој контекст, тој ја истакна важноста од испитување на односот помеѓу митот - како основа на човечката култура - и драмата, и во нејзините текстуални и во перформативни димензии. Овој однос, забележа тој, одекнува низ делата од антиката до денес и продолжува да нуди клучна перспектива за човечката креативност и општествената еволуција. По неговото обраќање, директорката на Институтот за македонска литература во Скопје, Наташа Аврамовска; деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Владимир Мартиновски; и деканот на Факултетот за драмски уметности во Скопје, Бесфорт Идризи, ги поздравија учесниците и ги споделија своите размислувања за трајната меѓусебна поврзаност помеѓу митот и театарот, поради што овој клучен дијалог останува толку важен денес.

Првиот работен ден на научната конференцијата започна со длабоко инспиративното пленарно предавање на Светлана Слапшак, пензионирана професорка по антропологија на антички светови, антропологија на родот и балканологија и директорка на Меѓународниот институт за блискоисточни и балкански студии од Љубљана, чие излагање *Наследството на Арахна* предизвика голем интерес кај учесниците. Следното утро, програмата продолжи со еднаков интензитет со второто пленарно предавање на Катерина Колозова, редовна професорка на постдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, насловено *Пречесто посетувана тема*: *Антигона, сродството и државата*. Во текот на двата дена, дванаесетте паралелни сесии создадоа терен за плоден дијалог на дури педесет и пет учесници од бројни универзитети и научноистражувачки институции ширум светот, кои ги претставија своите излагања во повеќејазичниот формат

на конференцијата. На крајот од секоја сесија имаше мошне анимирана дискусија, претворајќи ја размената на идеи во еден од најсилните адути на конференцијата, и нагласувајќи ги богатството и разновидноста на рефлексиите на научниот собир во Скопје.

Работниот дел од конференцијата беше затворен со заклучните согледби изнесени од тројцата раководители на институциите соорганизатори од УКИМ: Наташа Аврамовска, Владимир Мартиновски и Бесфорт Идризи. Уште од самиот почеток на нашиот проект се стремевме кон тоа конференцијата да биде нешто повеќе од чисто академска размена: исто така сакавме да создадеме можности студентите активно да учествуваат, да учат и да ја искусат живата врска помеѓу науката и уметничката пракса. Поради оваа причина, свеченото затворање на вториот ден вклучуваше уметничка програма со сценското претставување на студентските работилници посветени на современи реинтерпретации на митот и драмата. Студентите од Факултетот за драмски уметности и од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје ги презентираа резултатите од својата работа во рамките на работилницата за креативно пишување, која ја водеше Маја Стевановиќ, како и на работилницата за театарска изведба, која ја водеа Зоја Бузалковска и Александар Степанулевски. Естетски и емоционално импресивното сценско препрочитување на класичните митови во изведба на студентите, кое предизвика голем интерес, одекна како сублимиран уметнички одраз на научниот собир, подвлекувајќи ја виталноста и релевантноста на митот за новите генерации.

За успешната реализација на конференцијата *Мит и драма: Современи толкувања*, членовите на организацискиот и програмскиот одбор им се заблагодаруваат на сите учесници, кои ја збогатија нејзината содржина со своите инспиративни и релевантни презентации. Особено сме им благодарни на секретарките на конференцијата, Христина Велчевска и Калина Котевска, кои придонесоа за тоа настаните да се одвиваат во најдобар ред и во мошне пријатна атмосфера, како и на Владимир Јанчевски за техничката поддршка. Конечно, сакаме да изразиме посебна благодарност до Ректоратот на УКИМ чија финансиска и институционална поддршка беа од клучно значење за успешното одржување на оваа значајна меѓународна конференција.

Деспина Ангеловска
Дарин Ангеловски
Кристина Н. Николовска

# PREFACE

The international conference *Myth and Drama: Contemporary Interpretations*, co-organized by the Faculty of Philology "Blaže Koneski" – Skopje, the Institute of Macedonian Literature – Skopje, and the Faculty of Dramatic Arts – Skopje, with the financial support of Ss Cyril and Methodius University in Skopje (UKIM), was held on 29–30 November 2024 at the "Blaže Koneski" Faculty of Philology in Skopje. The idea for the conference grew out of our informal conversations a year earlier, when, as colleagues from these three institutions, we recognized a significant gap: although myth and drama / theater have always been deeply intertwined, there had been few opportunities to bring the two fields into direct and systematic dialogue. We wanted to create such a space, one that would gather scholars who work at the intersection of myth and drama, broadly understood, and allow them to approach this complex relationship from different disciplinary and methodological perspectives. Our aim was to foster discussion on how myths, as traditional sources for dramatic texts and theatrical performance, continue to inspire, be reread, and even subverted in contemporary production, while also raising the question of how new myths are being shaped in response to the challenges of modernity.

The aim of this interdisciplinary conference was to explore, both historically and diachronically, the relationship between mythical thought and dramatic or theatrical creation. We approached this field through the critical tools of comparative literature as well as the perspectives of theatrology, with its focus on aesthetics, semiotics, and dramaturgy in both traditional and contemporary narratives. To guide discussion, we proposed a wide range of possible directions: myth and drama / theater across history; the presence of ancient myths in contemporary works; new critical readings of traditional dramas and myths; reinterpretations and representations of myth in today's stage productions; the interplay of myth as drama and drama as myth; processes of demystification in both fields; interdisciplinary approaches drawing on gender theory, postcolonial theory, and psychoanalysis; the intersections of myth, theater, and identity; the links between myth and ritual theater; the resonance of myth in postdramatic performance; the place of myth and drama in the age of digital technologies, artificial intelligence, and posthumanism; and finally,

the emergence of new myths. The hybrid format of the conference, which allowed for both in-person and online participation, welcomed contributions in Macedonian, English, French, and all South Slavic languages.

The conference opened with a welcome address by Aleksandar Skeparovski, Vice-Rector for International Cooperation of UKIM, who emphasized the University's enduring role as the country's oldest and most distinguished autonomous higher education institution, now celebrating its 75th anniversary. He underlined UKIM's commitment to advancing research in the arts and humanities, noting that these fields are inseparable from societal development and essential for fostering international academic exchange. In this context, he highlighted the importance of examining the relationship between myth—as a foundation of human culture—and drama, in both its textual and performative dimensions. This relationship, he remarked, has echoed through works from antiquity to the present and continues to offer a crucial perspective on human creativity and social evolution. Following his address, Nataša Avramovska, Director of the Institute of Macedonian Literature; Vladimir Martinovski, Dean of the Faculty of Philology "Blaže Koneski"; and Besfort Idrizi, Dean of the Faculty of Dramatic Arts, each welcomed the participants and shared their reflections on the enduring interconnection between myth and theater, and on why this intersection remains so vital today.

The first day of the conference was inaugurated with a thought-provoking plenary lecture by Svetlana Slapšak, retired professor of anthropology of ancient worlds, gender anthropology, and Balkanology, and director of the International Institute for Near Eastern and Balkan Studies in Ljubljana, who captivated the audience with her talk *The Legacy of Arachne*. The following morning, the program continued with equal intensity as Katerina Kolozova, full professor of postgraduate studies at the Institute of Social Sciences and Humanities – Skopje, delivered her lecture *A Theme Revisited too many Times: Antigone, Kinship and State*. Across the two days, twelve parallel sessions created a vibrant arena for dialogue, with fifty-five scholars from a wide range of universities and research institutions worldwide presenting their work in the conference's multilingual format. Each session concluded with lively discussion, turning the exchange of ideas into one of the conference's greatest strengths and underscoring the richness and diversity of perspectives brought together in Skopje.

The working part of the conference concluded with conclusive remarks delivered by the three leaders of UKIM's units: Nataša Avramovska, Besfort Idrizi, and Vladimir Martinovski. Yet from the very beginning of our planning, we wanted the conference to be more than a purely academic exchange: we also wished to create opportunities for students to participate actively, to learn, and to experience the living connection between scholarship and

artistic practice. For this reason, the ceremonial closing on the second day included a creative program showcasing student workshops dedicated to contemporary reinterpretations of myth and drama. Students from the Faculty of Dramatic Arts and the "Blaže Koneski" Faculty of Philology presented their work in two directions: a creative writing workshop led by Maja Stevanović, and a theater performance workshop led by Zoja Buzalkovska and Aleksandar Stepanulevski. The aesthetically and emotionally powerful re-readings of classical myths staged by the students captivated the audience and resonated as a fitting artistic counterpart to the scientific discussions, underlining the vitality and relevance of myth and drama for new generations.

For the successful realization of the conference *Myth and Drama: Contemporary Interpretations*, the members of the organizational and program board extend their heartfelt thanks to all participants, whose insightful contributions greatly enriched the program. We are also deeply grateful to the conference secretaries, Hristina Velčevska and Kalina Kotevska, for ensuring the smooth coordination of events and creating such a welcoming atmosphere, as well as to Vladimir Jančevski for his technical support. Finally, we wish to express our special gratitude to the Rectorate of UKIM, whose financial and institutional support was essential to the successful organization of this international gathering.

The experience of this conference has shown us that we have only begun to scratch the surface of the vast and intricate relationship between myth and drama. The richness of the discussions and the diversity of perspectives confirmed the need for continued dialogue, inspiring us to establish *Myth and Drama: Contemporary Interpretations* as a biennial event. With great enthusiasm, we now look ahead to the next edition in 2026, which will turn its focus to the many faces of comedy—a dimension that remained unexplored in our first gathering and one we are eager to examine together in the years to come.

Despina Angelovska
Darin Angelovski
Kristina N. Nikolovska

# Вовед: Митот и драмата во огледалото на современието

Ова издание произлегува од работата на научната конференција *Мит и драма: Современи толкувања* (2024) и опфаќа вкупно триесет и еден научноистражувачки труд, вклучително со пленарното излагање на професорката Светлана Слапшак. Прилозите ги прошируваат и ги продлабочуваат размислувањата отпочнати во рамките на конференцијата, нудејќи богат мозаик на перспективи за трајниот дијалог помеѓу митот и драмата / театарот. Рефлектирајќи го меѓународниот и повеќејазичниот дух на собирот, приложените трудови се на македонски, англиски, француски, српски и на бугарски јазик. За да ја опфати разновидноста на предложените пристапи и видувања, книгата е поделена на шест тематски блока: Многуте животи на митот; Маски, митови и трансформаци; Гласови на жени; Сцени на моќта; Македонска драма: Живи митови; и Митот на сцената и на платното. Притоа, секој дел нуди свој влез во креативното и критичко преиспитување на митот, додека сите заедно ги доловуваат богатството, разновидноста и современата итност на размените што ја анимираа нашата конференција.

Во својата статија „Наследството на Арахна: поетика на хаосот и митургија“ **Светлана Слапшак** го препрочитува митот за Арахна, кој нуди бројни толкувања, и ја истражува неговата релевантност за современоста. Таа најпрво ја анализира семиотиката на овој мит, што спротиставува две практики - ткаењето и пишувањето, кои обете потекнуваат од латинскиот збор *textum*. Врската меѓу конецот и женското пишување, долго присутна во историјата и теоријата на книжевноста и родовите студии, е појдовната точка на рефлексијата на Слапшак околу важното место што митот за Арахна и неговата сложена мрежа на значења, симболи и асоцијации го заземаат особено во феминистичката мисла. Повикувајќи се на мотивот на жената-ткајачка, која ја користи својата работа за преживување или одмазда, авторката ја поврзува Арахна со Филомела и Пенелопа, но и со Аријадна, митски хероини што ги препознава како нејзини „сестри“. Оттука, таа ги разгледува метафоричките значења со кои се стекнува наследството на Арахна во теоријата и филозофијата, надоврзувајќи се на фасцинираноста од пајаците и мрежата како мисловни модели, сложени структури и творечки обрасци. Слапшак го пре-

познава и го анализира влијанието на сложениот „арахнејски“ модел во римскиот, и особено во современиот театар. Како концептуална алатка за анализата на ова наследство, авторката го предлага воведувањето на концептот *митурџија*, како критичка алатка која ги поврзува изведбените практики, усната нарација, учествувањето и импровизацијата, отворајќи ново семантичко поле за изучувањето на митот. Трудот завршува со освртот кон сегашноста: студентското движење на отпор во Србија што започна во ноември 2024 г., токму во периодот на одржувањето на конференцијата *Мит и драма: Современи толкувања.* Слапшак го толкува ова движење низ призмата на она што таа го анализира како негова арахнејска политика на ткаење мрежа и на наоѓање нови методи на отпор, покажувајќи како митот за Арахна продолжува да ги инспирира уметничкото творештво и политичката имагинација денес.

Првиот тематски блок, *Многуте животи на митот*, ги следи различните патешествија на митот низ времето и просторот - од античките трагедии до модерната драма - откривајќи го постојаното преобликување, адаптирање и оживување на митските елементи во нови културни контексти. Статиите од овој дел ја нагласуваат отпорноста на митот како креативна и критичка рамка, покажувајќи ја неговата моќ да се преосмисли во дијалог со различни епохи, естетики и идеи. **Жорди Редондо** ги истражува зачуваните фрагменти од трагедијата *Хипсипила* на Еврипид во која авторот експериментира со теми како женскиот протагонизам, егзотичните поставки, културните контрасти, рајските визии, есхатолошките проблеми, па дури и потеклото на човештвото. Иако не се сите овие теми строго „митски“, Редондо тврди, Еврипид ги интегрирал во склад со драмските функции на митот. Трудот го истакнува иновативното преобликување на митот во овој текст, како и неговото влијание врз подоцнежната старогрчка книжевност и, во крајна линија, врз атинското општество. **Лидија Капушевска Дракулевска** ја препрочитува *Ифигенија во Таврида* од Гете како радикална преработка на делото на Еврипид. Избегнувајќи ја божествената интервенција, Гете создава психолошка и етичка драма која предвидува хуманистичка утопија заснована на достоинство и интегритет. Напишана за време на неговото патување низ Италија, и означувајќи го неговото свртување кон вајмарскиот класицизам, драмата го заменува спектаклот со морално дејствување. Во трудот Капушевска Дракулевска објаснува и како реинтерпретацијата на Гете го трансформира митот во универзална драма на човековата слобода. За разлика од наведените статии, **Владимир Мартиновски** проследува еден единствен мотив, оној на судењето, како митска структура и драмско средство од антиката до модерниот театар. Почнувајќи со постулатите на Аристотел дека трагедијата е вкоренета во

семејната вина, тој ги споредува делата на Ајсхил, Софокле, Шекспир, Ибзен и Томе Арсовски. Статијата покажува како сцената честопати служи и како судница каде што се откриваат скриени престапи, поврзувајќи го митот, правдата и изведбата преку модели на откривање, пресуда и казна. **Анастасија Ѓурчинова** истражува како Габриеле Данунцио се свртува кон митот како средство за ослободување од граѓанскиот театар во Италија на крајот од деветнаесеттиот век. Во пиесата *Мртвиот град* (1896), дејството се одвива на археолошкиот локалитет во Микена, а митските мотиви на слепило и инцест го поврзуваат класичното наследство со декадентниот модернизам. Парискатa премиера во 1898 година со Сара Бернар во главната улога, ѝ носи успех на претставата, и покажува како митот можел да го ревитализира театарот на крајот од деветнаесеттиот век (*fin de siècle)*. Слично на ова, **Гоце Смилевски** ја преиспитува улогата на митот во *Домот на една кукла* од Хенрик Ибзен. Потпирајќи се на толкувањата на повеќе критичари меѓу кои и Фергусон, Штајнер, Џонстон и Дурбах, тој покажува како приказната на Нора отсликува архетипски структури на трансформација и се потпира на митските фигури на Ојдип и Антигона. Трудот ја претставува пиесата не само како социјална драма, туку и како современ мит, во кој Нора ја отелотворува и тежината на наследените обрасци и можноста за радикално самооткривање. Заедно, трудовите од овој блок откриваат како митот функционира како жива, прилагодлива сила во драмата, поврзувајќи ги антиката и современоста, потврдувајќи го постојаниот човеков импулс да ги трансформира и преиспитува приказните низ времето и просторот.

Вториот тематски блок, насловен *Маски, митови, трансформации*, вклучува уште една серија студии што откриваат како митовите се преобликуваат и се преродуваат низ културите и епохите - без разлика дали е во прашање преосмислување на античка митска фигура во модерната литература, лична митологизација на сопствениот живот, или, пак митско-ритуален простор во кој обредот се граничи со театар. **Ениса Успенски** ги следи многуте лица на Афродита, од нејзиното исконско хтонско потекло преку филозофијата, трагедијата, христијанската мисла, реалистичкиот роман и симболистичката драма. Таа покажува како мотивите на љубовта, срамот и жртвата стануваат централни за книжевните хероини, посочувајќи низ примери како модерните драматурзи ја оневозможуваат трагедијата, претворајќи ја во гротеска или комедија. **Софија Тодоровиќ** се свртува кон *Минети* од Томас Бернхард, каде што протагонистот го митологизира сопствениот живот идентификувајќи се со кралевите на Шекспир симнати од престолот, само за да види како неговата изведба се урива без вистинска публика. Ова отсуство, вели

Тодоровиќ, преминува во гротескна комедија и го сигнализира исчезнувањето на самата заедница што го одржува митот. **Елисавета Поповска** ја разгледува интерпретацијата на митот за Електра кај Маргерит Јурсенар, која се оддалечува од политичката алегорија за да ги истражи желбата, ривалството и скриеното потекло, создавајќи вознемирувачко ново разрешување во кое одмаздата, љубовта и убиството на таткото се претопуваат во драма на несвесното. **Алиун Вилен**, пак, истражува како двајца африкански драматурзи, Бернард Дадје и Шеик Алиу Ндао, го враќаат митот како алатка за културна инвенција: преку ликовите на Беатрис од Конго и Албури, тие ги спојуваат усните традиции со сценската поетика, спротивставувајќи им се на колонијалните модели и сугерирајќи нови колективни идентитети. Во слична насока се движи и статијата на **Калина Малеска,** која покажува како двајца нигериски драматурзи, Воле Сојинка и Тес Онвуеме, ги преработуваат старите митови со цел да се соочат со современата политика: Сојинка преку ритуалот и жртвата, а Онвуеме преку критиката кон наметнатиот модел на развој што не им е од помош на руралните Нигеријки. На крајот, **Бесфорт Идризи** ги истражува посмртните обреди на Некромантеонот во Ахерон, сугерирајќи дека тие веројатно личеле на театарски перформанс што имал за цел да ги убеди учесниците дека е можна комуникација со мртвите. Идризи исто така сугерира дека античкиот ритуал е еден вид претходник на техниките кои подоцна станале дел од театарската сцена.

Третиот тематски блок *Гласови на жени* вклучува пет статии, кои се осврнуваат на препрочитувањето / пресоздавањето на митовите од женска или родова перспектива, покажувајќи како писателките и уметничките бараат свој простор во рамките на традициите, честопати доминирани од машки наративи. Касандра Мартињи ја анализира пиесата *Трипати Ogucej* (2024) на драмската авторка Клодин Галеа, во режиската поставка на Летиција Гедон на сцената на *Théâtre du Vieux-Colombier* во Париз од 2004 г. како женски „заобиколен поглед“ во однос на Хомеровиот еп, односно како „феминистичка ревизија“ на античките митови чија цел е да го преиспита концептот на јунаштвото од перспективата на трите клучни женски фигури: Хекаба, Калипсо и Пенелопа. **Андреа Буџиак** се осврнува на начинот на кој пиесите на швајцарската драмска авторка Силвиан Дипи го адаптираат, го преизмислуваат или го пренасочуваат композитниот митски материјал и ја субвертираат родовата бинарност, повикувајќи се на концептите на „митски (ре)конфигурирации“ на Уте Хајдман и на „постдрамскиот театар“ на Ханс-Тиес Леман. Буџиак покажува како Дипи, посветена на препрочитување на големите (машки) митови од минатото, ја гради својата драматика, надоврзувајќи се на палимпсестната практика на женското пишување. **Бела Глигорова** ја ис-

тражува пиесата на Вогел *Како научив да возам* (1997), низ призмата на адаптацијата, митотворството и претставувањето на траумата, преку примерот на српската сценска поставка на режисерката Тара Маниќ од 2024 г. Глигорова се осврнува и на отпорот на Вогел кон тенденцијата на медиумите да го обележуваат автобиографското пишување на жените како „исповедно“, разоткривајќи го постоењето на една двојна родова норма во рецепцијата на личните наративи, особено кога се однесуваат на траумата. Студијата ја анализира претставата низ визурата на односот меѓу преживеаната траума во драмскиот текст и поширокиот процес на создавање митови во сценската адаптација. **Александра Кузмиќ** ја анализира пиесата на Милена Марковиќ *Брод за кукли* (2005), постдрамска и постмодерна бајка, во која архетиповите и маските што ги презема хероината ја разоткриваат нејзината заробеност во „вредносниот“ систем на родовите и другите стереотипи. Кузмиќ ја истражува идеолошката и драматуршката функција на потрагата по слободата во пиесата, преиспитувајќи ги условите под кои женската субјективност може да дојде до израз. Конечно, **Марија Маринова** се осврнува на митолошката фигура на Самодивата - натприродна жена, обдарена со извонредна моќ и убавина во бугарскиот фолклор - преку драмата *Самодива* од Петко Тодоров и романот *Украдено. Осудено. Заштитено* од Искра Урумова. Нејзината студија покажува како оваа фигура, која опстојува и е вкоренета во народната традиција, била постојано реинтерпретирана низ времето, претворајќи се во моќен симбол во модерната литература и културната имагинација. Заедно, овие пет труда покажуваат како женските гласови – било да се тие древни, модерни или новоизмислени - го преобликуваат митот во жив медиум за преиспитување на моќта, реапропријација на меморијата и замислување нови можности.

Четвртиот тематски блок, *Сцени на моќ*, обединува четири труда што истражуваат како митовите и драмите ги артикулираат, ги преговараат и ги предизвикуваат структурите на авторитетот. Пристапувајќи кон темата од различни агли, авторите ги испитуваат начините на кои моќта се создава, се легитимира, се оспорува и се преосмислува во литературата и во театарот. Блокот започнува со трудот на **Кристина Н. Николовска**, кој анализира како Жан Расин ја митологизира фигурата на Александар во својата драма *Александар Велики* (1666), користејќи одбрани класични историографски извори. Николовска понатаму тврди дека втор слој на митологизирање се јавува во процесот на рецепција на драмата во рамките на македонскиот културен контекст. **Иван Додовски** истражува како македонскиот драматург Горан Стефановски се повикува на митската шема на Дионис за да ги критикува не само балканските национализми, туку и западната ароганција, разоткривајќи го трајниот стереотип

за балканската ирационалност како спротивност на западното „просветителство“. **Ведран Диздаревиќ** се осврнува на единственото драмско дело на Славој Жижек досега, *Антигона*, разгледувајќи го и во однос на теоретските дела на авторот за митската хероина. Студијата покажува како Жижек го реконфигурира митот во провокативен простор за етичка и политичка рефлексија во современиот свет. Тематскиот блок завршува со трудот на **Жарко Иванов**, кој ја анализира реинтерпретацијата на Пазолини на Ајсхиловата *Орестија* во својата драма *Пилад*. Иванов нагласува дека драмата отвора дебата за општествената трансформација и морална одговорност, потврдувајќи ја моќта на митот да ги доведува во прашање политичките и културните реалности. Заедно, овие придонеси покажуваат како митот и драмата стануваат моќни сцени на кои општествата ги проектираат, ги преиспитуваат и ги преобликуваат своите визии за авторитетот, нацијата и отпорот.

Петтиот тематски блок, *Македонска драма: Живи митови*, се фокусира на начините на кои македонските драматурзи се занимаваат со митот, преработувајќи ги традиционалните мотиви и архетипови во современи драмски форми. Трудовите во овој дел истражуваат како митовите - без разлика дали произлегуваат од фолклорот, епот, класичната антика или универзалните културни симболи - продолжуваат да живеат, да се менуваат и да одекнуваат во делото на повеќе современи македонски автори. Преку пиесите *Болен Дојчин* и *Ангелина* од Сталев и *Леда Ангелина* од Ристески-Платнар, **Ана Стојаноска** во својата статија покажува како фолклорните и традиционалните мотиви еволуираат во модерни театарски практики, претворајќи го епскиот херој во драмска фигура со современа релевантност. **Билјана Рајчинова-Николова**, од друга страна, ги користи постколонијалната теорија, имагологијата и студиите за идентитетот за да аргументира дека спротивставеноста на основачките митови во драмата на Венко Андоновски одразува трагично барање идентитет и потекло, отворајќи пат кон подлабоко културно саморазбирање. **Сузана Мицева** истражува митски елементи во македонските и странските примери на детската драма. Нејзината студија истакнува како митот и бајката обезбедуваат наративна подлога што ја одразува и ја проширува имагинативната игра на детството. **Дарин Ангеловски** се осврнува на тоа како Горан Стефановски го вградува митот за Дионис во својата пиеса *Баханалии* преку имитација, емулација и креативна преработка на трагедијата *Бакхи* од Еврипид. Неговата анализа покажува како класичниот материјал се реактивира за да ги испита модерните културни и социјални реалности. Тематскиот блок завршува со студијата на **Катерина Панов Кожаров** за пиесата на Венко Андоновски *Опсадата на Масада*. Црпејќи од јунговските и фројдовските рамки, таа ја толкува драмата

како филозофски трактат поставен во драматична форма, каде што гротескните искривувања се појавуваат, не толку во дејствијата, колку во моралните дилеми на херојот. Земени заедно, овие трудови се потврда за тоа дека македонските драми, не само што ги зачувуваат живите врски со митот, туку и ги претвораат во витални алатки за преобмислување на прашањата поврзани со идентитетот, културата и човековото постоење.

Последниот тематски блок *Митот на сцената и на платното* опфаќа пет статии кои ги истражуваат семантички и естетски богатите испреплетувања и надоврзувања на митот, театарот и филмот. **Лада Стевановиќ** се занимава со сложениот и разновиден начин на кој митот и античката драма се присутни во филмската уметност. Овој плоден дијалог меѓу митот, драмата и седмата уметност авторката го надоврзува на долгата традиција на антиката во театарот и литературата, на обидот да се привлече образована публика во киносалите, како и на илузијата за стабилното минато во ерата на брзи промени во 20 век итн. Стевановиќ се повикува на бројни интересни примери од филмскиот жанр „пеплум“ („мечеви и сандали“), но и на многуте поджанрови на филмови со антички мотиви. Трудот се задржува, како на директните адаптации на режисери како Пазолини или Какојанис, така и на филмовите индиректно поврзани со античката драма, како оние на Вуди Ален. **Славица Србиновска** ги истражува трансформациите на митот за Медеја од антиката до современоста. Споредувајќи ги трагедиите на Еврипид и Сенека со филмската адаптација на Ларс фон Трир од 1988 година, таа ја следи еволуцијата на значењата на љубовта, страдањето, страста, омразата и одмаздата, истакнувајќи ја релевантноста на митот во различни временски и културни контексти. **Масимо Фузило** се повикува на она што Жерар Женет го дефинира како аналептичко продолжување (continuation analeptique) – наративната и драматуршка експанзија на митот преку современите препрочитувања. Надоврзувајќи се на трилогијата *Златното руно* г. на Франц Грилпарцер, филмот *Medeja* на Пјер Паоло Пазолини, пиесата *Медејаматеријал* на Хајнер Милер, како и на експерименталниот перформанс *Студија на Медеја* на Антонио Лателадела, Фузило истакнува дека ваквите аналептички стратегии го продлабочуваат развојот на ликовите и ја обновуваат виталноста на митот. **Јитка Горио** го истражува современото обновување на античката трагедија преку примерот на театарскиот циклус во пет дела, *Антрополис* од Роланд Шимелфениг и Карин Бајер, изведен во театарот *Deutsches Schauspielhaus* во Хамбург (2023), според мотивите на трагедиите на Ајсхил, Софокле и Еврипид. Студијата го разгледува начинот на кој трагичкиот конфликт станува релевантен во современата ера, во која доминираат разумот и рационалното решавање на конфликтите. Авторката аргументира дека *Антрополис*

Замената на местата на божествената со човечката интервенција што ја прави Гете не е случајна, напротив! Таа е во функција на Гетеовата интенција за разрешување на драмскиот конфликт во духот на класичниот хуманистички и уметнички идеал за умерена хармонија. Доверливите разговори и утешните зборови од сестрата ги заменуваат насилните форми кои доминирале во Танталовиот род цели шест генерации. Зборот (јазикот, дијалогот) станува еманципаторски начин на ослободување од стариот комплекс на наследна вина и традиционалната неспособност на членовите на семејството да комуницираат меѓу себе. Ако крајот на Еврипидовата трагедија е во знакот на семоќта на боговите, кои дејствуваат однадвор, крајот на Гетеовата драма ја велича моралната акција на главната хероина, која освојува одвнатре. Според критиката, „верна на законот запишан во нејзиното срце“, Ифигенија има моќ „да го прекине синџирот на страшните ужаси и насилства“ (Pulvirenti). И неслучајно, триесет години подоцна, самиот Гете ќе ја нарече својата Ифигенија „ѓаволски човечка“!

Со своите благородни, бескомпромисни и храбри одлуки, а не со лаги и измами (како во митот и кај Еврипид каде што Ифигенија е одмаздољубива), дури и по цена на ризикување на животот – сопствениот, но и на животите на Орест и на Пилад (кога му ја признава вистината за планираното бегство на Тоант), Ифигенија прераснува во симбол на независната индивидуа, која сама ја исцртува својата животна патека според сопствените морални одлуки, без оглед на влијанието на боговите. Во оваа смисла, хрватскиот теоретичар Виктор Жмегач ќе изјави: „Победата на моралното достоинство е дело на поединецот кој со својата етика ги освојува сите ‘луѓе со добра волја’. На тој начин, митската предлошка на драмата е заменета со психолошката“ (Žmegač 87).

Умешноста на Гете да даде драмски приказ на една благородна душа се рефлектира низ неколку стожерни црти на главната хероина: *чистотата на срцето, јасноттијата на мислата* и *искреното делување без скриени намери*. Ифигенија е поим за добрина, чесност, вистинољубивост и праведност. Како олицетворение на Гетеовиот идеал за хуманост, таа е пример за хуманизација на индивидуата како внатрешен процес на

себеусовршување, кој треба да доведе до хуманизација и на другите, значи, на еден поширок, општествен план. Ифигенија, покрај несомнената блага природа, поседува и храброст да му се спротивстави на кралот Тоант, врвниот авторитет (во духот на бунтовништвото на Гете од првата творечка фаза), во име на маргинализираните (поробените туѓинци); таа успева да ја засади културата во варварските предели, умее мудро и трезвено да размислува, да ги промислува ситуациите од различни перспективи за да го направи вистинскиот избор и праведно да делува според сопственото внатрешно чувство и, на тој начин, да ги надмине и сите предизвици пред кои е исправена. Во монологот со кој се отвора четвртиот чин, Ифигенија вели:

...јас самата не знам
Пред никого да мамам и да тајам!
О тешко оному што да лаже треба! Не дава
Лага избав в срце, од неа утеха нема,
Како што може реч вистинита,
Таа не теши, туку срдба му дава на
Човека што тајно ја кова, и се враќа
В поврат ко стрела, од бог вратена,
Кај оној што ја фрла... (Гете 74)

Чесноста и остроумноста на Ифигенија се несомнени; таа е свесна дека омразата раѓа само омраза и дека злото му се враќа на оној кој има зла мисла кон другите. Нејзината констатација некаде при крајот на драмата, дека *Срцето во себе ужива само кога сето е без петна* (Гете 87), прозвучува како сентенција, како гномски израз што не знае за време и простор. Навистина, Ифигенија е инкарнација на највисока хуманост, а нејзиниот творец, Гете, тој „германски граѓанин на светот“, со право е еден од „претставниците на безвременското човештво, кои го формираат највисокото оправдување на човештвото лице в лице со вечното и универзалното“ – вели Томас Ман (Mann), повикувајќи се на епитетот што овој автор го добива од своите современици – „божествено човечко суштество“, без никакво чувство на екстраваганција. Овој епитет ѝ припаѓа и на неговата хероина Ифигенија.

Драмата *Ифигенија на Таврида* го илустрира развојот на Гете од младешката кон зрелата фаза и преминот од *дело* (бунт, акција) до *збор*. Дијалектичката врска меѓу делото и зборот е видлива веќе во дилемите на Гетеовиот Фауст при преводот на Јовановото Евангелие: *„На почетокот беше збор!“ Овде стои така! / И веќе запирам! Дали некој да ми помогне сака?* (...) / *Духот ми помогна! Се озари моето чело: / И смирено пишувам: На почетокот беше дело!* (Гете 50). Наспроти конечното ре-

шение на Фауст, Ифигенија го одбира зборот: *(...) Мене зборовите ми се / И штит и оружје...* – вели таа и убедливо се спротивставува на феудално-херојската позиција на Орест со меч да се избори за нивното бегство, но и на Тоант кој, исто така, е спремен за дуел. Ифигенија спасот го гледа во „довербата во хуманоста на варварите како единствена вистина кадарна да ја обезбеди слободата“ (Jaus 235). И навистина: нејзината „молба кротка и смела“, нејзиниот апел до кралот кого таа го почитува како „втор татко“ да биде „милостив“, да слушне „што срцето му вели“ и да „поита, добро да стори“, „дело благородно“, резултира со мирољубиво збогување на Тоант со тројцата Грци кои можат слободно да се вратат во родниот крај. *Само ти ме скова со милноста своја* – признава Тоант на едно место во драмата (Гете 30). Низ процесот на хуманизација низ кој проаѓа Тоант, тој ја напушта желбата за одмазда, ги потиснува емоциите кон Ифигенија, а со тоа се откажува и од својата иднина (од брак со потомци). Хуманизацијата на Тоант, со право, се смета за најблагороден, највисок етички чин во драмата на Гете. Емил Штајгер ја толкува впечатливата разрешница на драмата со акцент врз преобразбата на Тоант токму преку моќта на вербалното убедување, како метафора за дискурзивното разрешување на кој било конфликт во кое било време:

> Ифигенија му приоѓа [се мисли на Тоант, заб. моја] полна со доверба во неговата добрина; и гледај, тој станува достоен на довербата и подава рака за разделба. Мораме да увидиме дека човечкото суштество не постои само по себе и не е апсолутно добро или зло. (...) Душата која се прелева од љубов, ќе среќава души полни со љубов, затворената душа – затворени души. Човек исполнет со омраза предизвикува омраза, пријателски расположениот човек – пријателство. Зашто, сето тоа веќе постои во нас. Кој и да застане пред нас, ја носи одговорноста за она што ќе се случи во нас, како што, од друга страна, наша задача е да ги чуваме своите браќа. А тоа значи дека трагичните катастрофи никогаш не се нужни. Нужноста претпоставува непроменливи величини. Човекот не е непроменлив, тој е неодреден и подложен на влијанија сè до коренот на егзистенцијата и во својата слобода е способен за секој вид преобразба (Štajger 14).

На истата линија функционира и ставот на Томас Ман и неговата перцепција на Гете како „борец и ослободител во областа на моралот, на мислата, особено во однос на љубовта, но не и во областа на политичкото и општественото организирање“ (Mann). Сепак, се смета дека Гете токму во драмата *Ифигенија на Таврида* како едно од централните дела на неговиот хуманизам напишано во пресрет на Француската револуција, ја ар-

тикулира трансформацијата на моралната акција во политичко дејство. За Морис Бланшо, *Ифиѓенија* е цивилизациско дело бидејќи ги брани правата на општеството (другите), а против ароганцијата на духот (индивидуата) (Mann). За италијанската германистка Грација Пулвиренти, пак, Гете со својата драма за Ифигенија „се обидува да ѝ го довери спасот на женска фигура; на жена која се осмелува да не ја послуша и да ѝ се спротивстави на машката ригорозност со стратегијата на слушање и зборување“ (Pulvirenti).

Еве го во игра Гетеовиот поим „вечна женственост“ („Die ewiege Weiblichkeit“) со кој завршува и вториот дел на *Фауст*. Несомено, прототип за Ифгенија е Шарлота Буф, недостижниот женски идеал за Гете, неговата голема младешка љубов, но тоа не е истата Лота, хероината од епистоларниот роман *Страдањата на младиот Вертер*. Ифигенија е портретирана според, во тоа време, доминантната Винкелманова визура на античката култура синтетизирана во фразата „благородна едноставност и тивка величина“. Новиот поглед на Јохан Јоахим Винкелман за антиката, која ја презема и Гете, има за цел да ја истакне хармонијата на внатрешната (етичка) и надворешната (естетска) убавина, на умот и телото. Но, Гетевото навраќање кон старите мотиви и митови не значи бегство од своето време; авторот води разговор со минатото (традицијата), го актуализира и го преиспитува од една историска дистанца, од аспект на своето време. Според Ханс Мајер, постои остра конфронтација меѓу митот и просветителството од времето на Гете: „секоја митска етапа е виртуелно просветителство, а секое досегнато просветителство се стреми назад кон митското“ – вели тој и продолжува: „‘Прагматичната претпоставка на *Ифиѓенија* е варварството’, сметал Адорно. Тоа се однесува на сферата на драмското дејствие, но тоа се однесува и на *општествената сфера на Гетеовото доба во Вајмар*“ (Мајер 81), зашто Гете, дење се занимавал со проблемите на ткајачите, со регрутација на војниците, со еден збор, со прозаичната стварност, а ноќе – пишувал. Зрелиот Гете верува во можното помирување меѓу надворешниот и внатрешниот свет, меѓу уметничкиот гениј и реалноста, аналогно на антиката во која гледа триумф на хармонијата. Оттаму и неговата интервенција во драмата за Ифигенија во поглед на воспоставената паралела меѓу луѓето и боговите за која веќе стана збор. Се смета дека и помирливиот крај во неговата драма претставува олицетворение на новиот просветителски однос меѓу боговите и човекот, можност етиката на чистата женственост на Ифигенија да кореспондира со волјата на боговите:

Зашто на бесмртните им се драги
Родовите човечки добри, раширени
И радо на смртникот му даваат

(...)
Бар за миг со поглед весел кон
Небото вечно нивно да се слади (Гете 31).
(...)
Ама вам ви се предавам јас, богови! Ако сте
Вистинити, како што сте и славени,
Тогаш поткрепа дајте ми, преку мене
Вистина прославете!... (Гете 101).

Моќта на „вечната“ или „чистата женственост“ која досегнува отаде границите на рационалното сознание, ја открива Орест во својот завршен говор, кој се однесува на доблеста на Ифигенија, наспроти најголемата слава на мажите – „власта и итрината“: *Сите ќе се посрамат од вистинитоста / На оваа душа голема, возвишена* – изјавува тој (Гете 112). Таа нова, модерна и еманципирана Ифигенија, не е само метафора за „вечната женственост“, туку и самата станува *божица*, односно нов мит: „Кај Гете Ифигенија станува божица која се ослонува на вистината која ја носи во себе, која се наоѓа во човечката душа“ – вели Хегел (Hegel 225). Самиот Гете, пак, во едно писмо до Шарлота фон Штајн, тврдел дека неговата Ифигенија има црти и на христијанска светица, чиј урнек го нашол во Рафаеловата Света Агата.

Ханс Роберт Јаус, во својата критичка рецепција на *Ифигенија на Таврида* од Гете, ја поставува дилемата во врска со исходот на оваа „драма на цивилизацијата“. Според Јаус, Гете го решава проблемот на премин „од варварство кон хуманост“ на тој начин што наместо надминатите митови, на сцена поставува „еден нов мит за женската природа, како гаранција за остварениот хуманистички идеал“ (Jaus 239). Јаус му замерува на Гете што не успеал да го внесе скриениот конфликт меѓу хуманоста и историската стварност, односно на визијата на хуманоста не ѝ дал историски рамки, во контекстот на минатото или на сегашноста (се мисли на времето во кое живеел Гете): „Во кој тоа мит сме ние денес заробени – аналогно на Гете во митот за искупувачката женственост – а воопшто да не сме свесни за тоа?“ – се прашува Јаус (Jaus 242). Иако ја остава отворена оваа дилема, германскиот теоретичар сугерира едно трајно опстојување на митот, негов премин од еден во друг облик, во духот на конкретен историски миг.

Полемиката околу „апстрактната хуманост“ на Гетеовата *Ифигенија* опстојува во германските книжевни кругови уште од времето на неговите современици Шилер и Виланд: „*Ифигенија* е големо поетско дело, но на оваа психодрама ѝ недостига сценска живост и визуелен корелат“ – ќе рече Шилер (Žmegač 87). Впрочем, смислата на оваа апстрактна драма, јазички и драматуршки строго стилизирана, лежи во идејата на Гете да

креира своевидна утопија за „чистата човечност“ („reine Menschlichkeit“). Овој Гетеов идеал останува еден недовршен проект, кој не загубил од својата актуелност ниту во нашево, исполнето со најразлични предизвици, бурно време. Поимот „вечна“ или „чиста женственост“ (инкарниран во ликот на Ифигенија), низ драмата на Гете, се трансформира во поимот „чиста човечност“ (инкарниран во ликот на Тоант), а патот до него е еден исклучиво внатрешен, психолошки процес низ кој треба да помине секој поединец: единствено преку моќта на индивидуалното самоограничување како посредник меѓу човековите егоцентрични желби и неговите морални обврски, може да се достигне идеалот! Човекот има избор! – сака да рече Гете. Во разговорите со Екерман, тој, автопоетички, ја открива споменатата интенција на своето дело – етичкиот чин на ликовите, кој се рефлектира и врз театарската / актерската изведба:

> Делото има свои тешкотии. Тоа е богато со душевен живот, а е сиромашно со надворешен живот. Но се работи токму за тоа да се изнесе внатрешниот живот. Делото е полно со најефикасни средства кои создаваат најразновидни грозоти врз кои тоа е засновано. Се разбира дека печатениот збор е само блед отсјај на животот кој вриеше во мене за време на инвенцијата. Но глумецот мора да нѐ врати на тој првичен жар од кој бил вдахновен поетот со таквата содржина. Ние сакаме да видиме силни Грци и јунаци освежени од морскиот воздух кои, измачувани и поробувани од различни несреќи и опасности, моќно го искажуваат она што им го наложува срцето во градите; но ние не сакаме слаби глумци кои само површно ги научиле улогите наизуст, а уште помалку такви кои дури не ги ни знаат улогите. Морам да признам дека сè уште не ја доживев совршената претстава на мојата *Ифиīенија* (Ekerman 77-78).

Драмата *Ифиīенија на Таврида* од Ј. В. Гете се смета за едно од најзначајните дела во светската книжевност. Во неа, Гете ни нуди една емоционална и филозофска пловидба низ бездните на комплексната човекова психа, нѐ соочува со сопствените морални принципи и дилеми, нѐ втурнува во средиштето на конфликтните релации: маж-жена, вистина-лага, богови-луѓе, цивилизирани-варвари, срце-разум, нѐ води на патување низ темите на насилството и злото, жртвата и љубовта, човековата судбина и смислата на постоењето. Реинтерпретацијата на митот за Ифигенија креиран низ неговата визура, е во знакот на победата на моралното достоинство на човекот во време и простор. Оттаму и вонвременската и универзална рамка на Гетеовата драма, покрај нејзината несомнена историчност, оттаму, со право, таа се нарекува „драма на хуманата слобода“.

## Цитирана литература

### На кирилица:

Гете, Јохан Волфганг. *Ифиѓенија во Таврида.* Нампрес, 2016.
Гете, Јохан Волфганг. *Фаусѓ.* Том 1. Арс Ламина – публикации, 2016.
Мајер, Ханс. *Геѓе*: оглед о успеху. Светови, 2000.
Мојашевић, Миљан. *Немачка књижевносѓ*: доба просветитељства, класике и романтизма (II издање). Научна књига, 1981.

### На латиница:

Ekerman, J. P. *Razgovoti sa Geteom*. Rad, 1960.
Euripid. *Ifigenija na Tauridi*. Rad, 1969.
Gete, Johan Volfgang. “Ifigenija na Tavridi”. *Odabrana dela 2*. Rad, 1982.
Grevs, Robert. *Grčki mitovi.* (III izd.) Nolit, Jedinstvo, 1987.
Hegel, Georg Vilhelm Fridrih. *Estetika 1*. Kultura, 1970.
Hergešić, Ivo. *Shakespeare, Molière, Goethe*: književno-kazališne studije. Znanje, 1957.
“Interpretation ‘Iphigenie auf Tauris’ von Johann Wolfgang Goethe”. https: / / www.xlibris.de / Autoren / Goethe / Werke / Iphigenie%20auf%20Tauris
Jaus, Hans Robert. *Estetika recepcije*. Nolit, 1978.
Krivokapić, Mirko. “Gete”. *Njemačka književnost 2*. Svjietlost, Nolit, 1987, pp. 11-34
Mann, Thomas. “Goethe”. *The Yale Review* 2025 (From the Archives. Originally published Vol. 21, No. 4, Summer 1932). https: / / yalereview. org / article / thomas-mann-goethe
Meier, Albert, Prof. Dr. “Johann Wolfgang Goethe – Iphigenie auf Tauris / Torquato Tasso”.
https: / / www.litwiss-online.uni-kiel.de / thematische-vorlesungen / goethe / goethe-iphigenie /
Pulvirenti, Grazia. “Johann W. Goethe, Ifigenia in Tauride”. Ifigenia in Tauride - Marsilio Editori
Štajger, Emil. “Johan Volfgang Gete”. Predgovor vo: J. V. Gete, *Odabrana dela 1.* Rad, 1982, pp. 5-19.
Valeri, Pol. “Govor u čast Getea”. *Pesničko iskustvo*. Prosveta, 1980, pp. 124-146.
Žmegač, Viktor. “Weimearska klasika”. *Povijest svjetske književnosti 5*. Mladost, 1974, pp. 86-104.

792:82-2.09
82.091

# Судењето како митски и сценски процес

**Владимир Мартиновски**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“
martinovski@gmail.com

**Апстракт:** Концептот на грешката / вината која води до конфликт и злодела меѓу блиските е еден од клучните параметри во осмислувањето на суштината на трагичната фабула во Аристотеловата *Поетика*: „(кога страдањата се вршат меѓу свои луѓе, како, на пример, кога брат убива брата или син татка си или мајка сина си или син мајка си ја убива или се готви да ја убие или да стори некое слично (злодело), тоа треба поетот да го бара“ (глава 14, 20). Веројатно од оваа перспектива, станува јасно зошто сценскиот простор, уште од зачетоците на театарот до ден-денес неретко добива статус на судница. Идејата дека и „најскришните злодела не можат да се сокријат и дека кога-тогаш стануваат јавно видливи” и се казнуваат веројатно не ја измислил Вилијам Шекспир, изговорена преку Хамлет. Всушност, преку компаративна анализа на неколку драмски дела (*Орестија* од Ајсхил, *Ојдип тиранин* од Софокле, *Хамлет* од Шекспир, *Народен непријател* од Ибзен и *Парадоксот на Диоген* од Арсовски) ќе се обидеме да ги трасираме врските меѓу топосот на судењето како митско-религиска матрица и структурата на драмското дејство која се плете околу концептите на детектирање и санкционирање на вина, карактеристични како за античката трагедија, така и за низа драмски дела од различни епохи. Преку споредбеното читање ќе се обидеме да ги разгледуваме митските импликации на драмските фабули, кои се структурирани како еден вид детективски потраги или како судски процеси.

**Клучни зборови:** мит, правда, судење, вина, казна, хор, порота

# The Trial as a Mythical and Theatrical Process

**Vladimir Martinovski**
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Blaže Koneski Faculty of Philology,
martinovski@gmail.com

**Abstract:** The concept of error / guilt leading to conflict and crimes among close relatives is one of the key parameters in understanding the essence of the tragic plot in Aristotle's *Poetics*: "(when the sufferings occur between family members, as for example, when a brother kills a brother, or a son his father, or a mother her son, or a son kills his mother or is preparing to kill her or commit some similar wrongdoing, the poet must seek this out)" (XIV, 20). From this perspective, it likely becomes clear why the theatrical space, from the very beginnings to the present day, often assumes the status of a courtroom. The idea that the most hidden crimes cannot be concealed and sooner or later become publicly visible and are punished was probably not invented by William Shakespeare. Through a comparative analysis of several dramatic works (*Oresteia* by Aeschylus, *Oedipus Rex* by Sophocles, *Hamlet* by Shakespeare, *An Enemy of the People* by Ibsen, and *Diogen's Paradox* by Tome Arsovski), we will attempt to trace the connections between the topos of the trial as a mythical-religious matrix and the structure of the dramatic action, which revolves around the concepts of detecting and sanctioning guilt, characteristic both of ancient tragedy and various dramatic works from different epochs. Through this comparative reading, we will try to explore the mythical implications of the dramatic plots structured as a form of detective search or as legal proceedings.

**Keywords:** myth, justice, trial, guilt, punishment, chorus, jury

*Дотогаш стрпи се душо. Не постои злодело*
*кое и најдлабоко закопано, не ќе излезе еднаш на видело.*
Шекспир, *Хамлет*

## 1. Воведни забелешки

Идејата дека и најскришните злодела не можат да се сокријат засекогаш и дека кога-тогаш стануваат јавно видливи веројатно не ја измислил Вилијам Шекспир, но успеал да ја искаже сугестивно преку репликата на Хамлет. Таа идеја е стара, не може со прецизност да се каже колку векови, па дури и милениуми, ама е неоспорно поврзана со митско-религиозната идеја за судењето на душата на умрениот, која се среќава во огромен број политеистички, а потоа се интегрира и во монотеистичките религии. Во египетската *Книга на мртвите,* на пример, душата на умрениот се става на терезија и ако е полесна од перо од ној, кое се наоѓа на другиот тас, душата излегува на светлина (*Pert em hru*), т. е. по налог на Озирис се наградува во престојување во еден рајски простор. Во спротивно, нејзината тежина се толкува како оптовареност, натежнетост со грев (или гревови), па затоа сурово се казнува. Уште најстарите митологии предупредуваат дека не постои „совршено злосторство".

Поинаку кажано, механизмот „злосторство-казна" е засведочен уште во најстарите митови и е зачуван во синтагмите „Танталови маки", „Прометејско страдање" или „Сизифов труд", кои нè потсетуваат дека митските страдалници се всушност казнети за своите престапи. Кај некои од нив, како кај Тантал, на пример, проклетството и казната се пренесува дури и врз неколку поколенија, а тоа е стожерната тема на единствената запазена античка трилогија, Ајсхиловата *Орестија.*

Концептите на правдата, правичноста, праведноста и правото не само што се начнати во митско-религиозната свест, туку се темелни вредности како на античката философија така и на античката литература. Едно од најубавите дела на Платон, *Одбраната Сократова,* дело со неоспорни високи естетски дострели, е токму посветено на едно од најпознатите судења во античката историја. Во оваа пригода би можеле да се потсетиме дека Платон ја пласира својата најсилна критика на миметичката уметност токму во *Политеја / Држава,* дело чијшто поднаслов гласи токму „За праведноста".

Концептот на грешката / вината која води до конфликт и злодела меѓу блиските е еден од клучните параметри во осмислувањето на суштината на трагичната фабула во Аристотеловата *Поетика*: „(...) кога страдањата се вршат меѓу свои луѓе, како, на пример, кога брат убива брата или син

татка си или мајка сина си или син мајка си ја убива или се готви да ја убие или да стори некое слично (злодело), тоа треба поетот да го бара“ (Аристотел 55).

Од оваа визура, индикативно е дека во запазените трагедии на големата хеленска традиографска тројка (Ајсхил [525–456 пр. н. е.], Софокле [495 –406 пр. н. е.], Еврипид [480 –406 пр. н. е.]) конфликтите во фабулите, т.е. во митовите, неизбежно добиваат правни (сферата на Дике), а неретко и судски конотации (сферата на Полисот). Во студијата *Митот и трагедијата во античка Грција,* Жан-Пјер Вернан и Пјер Видал-Наке ја анализираат врската меѓу античката трагедија, етиката и правото:

> Трагичките поети го користеле правниот вокабулар намерно играјќи си со неговите несигурности, со неговите променливости, со неговите незавршености: непрецизноста на термините, лизгањето на смислата, некохерентноста и спротивностите кои ги откриваат противречностите во рамките на самата правна мисла, кои ги преведуваат тие конфликти со религиозната традиција, со моралната рефлексија чиешто право е веќе издвоено, но чиишто домени, сè уште, не се јасно одделени (Вернан и Наке 15).

Во оваа пригода ќе се обидеме низ споредбена визура да ги посочиме многубројните врски меѓу митологијата, драмата и правото. Еден од клучните поттици за едно вакво интердисциплинарно читање на античката, ренесансната и современата драма дојде токму од студијата *Античката трагедија, Сцената и судот* од Фредерик Пико (1999), која нуди нови агли на читање на античката трагедија низ призма на врските меѓу митовите и нивните драмски интерпретации, кои ги тематизираат и врските меѓу категориите вина, правда и казна, иманентни за судските постапки. Всушност, во неколку култни и клучни антички запазени трагедии сцената добива статус на простор во кој треба да се открие вината, да се именува виновникот, да се изрече пресудата или да се санкционира некое злодело, сторено свесно или во незнаење, одамна или во блиското минато на драмските ликови. Во оваа пригода предлагаме да се потсетиме макар на дел од тие антологиски трагедии и драмски ситуации.

## 2. Вината во трагедијата „Ојдип Тиранин“ од Софокле

Во експозицијата на Софоклевата *Ојдип тиранин,* која од страна на Аристотел е посочена како парадигма и успешен, светол пример на сложена фабула во која се проникнуваат страдањето, пресвртот и препознавањето, токму протагонистот Ојдип добива задача да го детектира и да го казни убиецот на својот претходник Лај, како предуслов за второто

спасување на Теба од катастрофа (по спасувањето од Сфингата). Имено, колективната казна, чумата која ја десеткува Теба може да се прекине само доколку се детектира и се казни убиецот на Лај. Парадоксот на оваа стожерна античка трагедија се состои во тоа што и пред да ја спроведе истрагата, Ојдип ја искажува „пресудата“:

забранувам, во оваа земја, власт и трон
кај имам јас, да него, било кој да е,
го прима в својот дом и го поздравува
и со него да моли, с’ него заедно
да жртвува и света вода подава.
Од домови да биде гонет зашто срам
тој нам ни донел, ко што овој час
пророштвото од богот питски извести.
Па еве, јас се јавувам ко помошник
на бог и наедно на мажот покоен.
Се молам пак, виновникот, ил’ скришно сам
да убил ил’ со мнозина, ко никаквец
да несреќно го мине својот беден век.
И, ако тој е некој мој и в мојот дом
се наоѓа со мое знаење, и јас
нек’ поднесам што токму сега проколнав (Софокле 41).

Од овие зборови на Ојдип може да се забележи дека правдата е замислена како „еднаква за сите“, така што и без да знае кој бил убиецот на Лај, протагонистот најавува дека ќе се погрижи доследно да биде казнет *секој*, не исклучувајќи се и себеси, со што ефетктно е најавен епилогот на трагедијата. Едновремено, драмската фабула треба да биде потврда за нераскинливата врска меѓу концептите на доследност, правда и правичност.

Меѓутоа, во потрагата по прашањето „Кој е убиецот на Лај?“, на Ојдип низ драмското дејство постепено му се наметнува и прашањето „Чиј сум јас?“ или „Кој сум јас?“. Оттука, вешто воденото (само)препознавање ги дава двата одговори: „Ојдип е и убиецот и синот на Лај“! Но ситуацијата е далеку посложена и позамрсена од правно-етички ракурс: Ојдип е и истражниот орган и „осомниченият“, судијата но и обвинетиот, и оној што го бара виновникот и оној што се (само)казнува.

Но од гледна точка на интерференцијата на митот и правото, особено е индикативен епилогот на оваа трагедија: препознавајќи го и казнувајќи го убиецот на Лај, Ојдип сепак ја спасува Теба од чумата како колективна казна. Затоа, Аристотел со право заклучува: „Најубаво е препознавањето кога наедно се случуваат и пресврти, како што е, на пример, во ‘*Ојдип*’“

(Аристотел 33). Низ призма на Аристотеловата теориска оптика, токму детектирањето на вината е предуслов за трагичниот пресврт, дефиниран како „промена на дејствувањето (работите) во спротиван правец“, а најавено уште во зборовите на слепиот пророк Тејресиј:

> Ти опулен, а не гледаш во какво зло
> се најде; каде и со кого живееш.
> Дал' знаеш чиј си? Душман си на својот род
> и под и над земја, а тоа не знаеш (Софокле 49).

Преминот на Ојдип од среќа во несреќа, од владетел во просјак, од богат во сиромав човек, од здрав човек со највисок статус во Теба во ослепен изгнаник-талкач, од детектив и судија во обвинет и казнет, како што се најавува во зборовите на пророкот, е плод токму на истрагата по убиецот на Лај, која отвора цела лавина прашања токму поради коинцидирањето на субјектот и објектот на истрагата. Затоа, внимателното читање на овој драмски текст неизбежно води кон сознанието дека развојот на драмското дејство е амалгамиран со реконструкција на настаните од минатото, тесно поврзани со местото и времето на смртта на Лај. Споменувањето на „тројниот крстопат“ како „место на злосторството“ од страна на Јокаста, го поттикнува Ојдип за првпат да го изрече јавно признанието за неговото злодело пред да дојде во Теба. Од оваа визура, чинот на откривањето на вината на протагонистот во овој драмски текст станува неразделен од поривот тој да си го открие вистинскиот идентитет. Епизодните ликови, во таа смисла, на сцената добиваат улоги на крунски „сведоци“, чии реплики стануваат клучни во потрагата по одговорите и за идентитетот на Ојдип, но и за убиецот на Лај. Откривањето на вистината за таткоубиството, најавена уште со зборовите на пророкот Тејресиј, во овој драмски текст коинцидира и со откривање на другите „гревови“ на протагонистот, меѓу кои и инцесниот брак со Јокаста. Притоа, Ојдип како сопствен судија и џелат, се самоослепува под товарот на вината, но и се самопрогонува од Теба, со што по вторпат го спасува градот основан од Кадмо.

### 3. Сцената како судница (во Ајсхиловата трилогија „Орестија“)

Меѓу запазените антички трагедии најеклатантен пример за релацијата книжевност-етика-казнено право е Ајсихиловата трилогија *Орестија* (во која се соджат трагедиите: „Агамемнон“, „Надгробно жртвување“ и „Евмениди“). Во ексодата од третиот дел на *Орестија* сцената во буквална смисла на зборот станува судница или, како што Ајсхил предлага во дидаскалијата: „Се менува сцената. Клупи за судиите, маса со две

урни за гласање. Орест го зазема местото за обвинет, а хорот местото за обвинител. Се појавува Атена со судиите и гласникот. Доаѓаат граѓани како публика. Судиите седнуваат. Атена го зазема претседателското место“. (Ајсил 198)

Судењето на Орест во финалето на *Орестија* за убиството на мајка му Клитајмнестра е индикативно од неколку причини:

1) Во дистрибуцијата на улогите токму божицата на мудроста Атена го има главниот збор, а таа вели дека нејзина задача е да се донесе „праведен суд“. На тој начин, Праведноста метафорично се поистоветува со Мудроста.

2) Симптоматично е што улогата на обвинител во оваа трагедија ја добива токму хорот, сочинет од ерииите, древно хипостазирани божества, родени од крвта на Уран, а задолжени за одмаздата на пролеана крв на родител.

3) Нивниот главен аргумент е дека Орест мора да биде сурово казнет како пример за останатите, да не ни помислат да посегаат по животите на своите родители.

4) Одбраната на Орест му е доверена токму на Аполон, кој постепено добива тројна улога: на сведок, на еден вид „адвокат“ на Орест, но и на „виновник“, кој вели: „Убиството на мајка му е моја вина“ (Ајсхил 199).

5) Орест во ниеден миг не одрекува дека ја убил мајка си, но инсистира дека убиството е легитимна, праведна одмазда за недостојната смрт на неговиот татко, Агамемнон, повикувајќи се на налогот даден од Аполон т. е. Зевс: „Аполоне, дал’ таа умре праведно! / А дека сторив, сторив, не одречувам. / Но дал’ со право чиниш, пролив крв ил’ не, / ти в срце пресуди за да им кажеш ним“ (Ајсхил 203).

6) Особено битно за односот меѓу митологијата и казненото право низ призма на драмата е да се истакне дека Атена го востоличува принципот на судење како супститут на крвната одмазда: „Чуј закон веќе, народе на Атика! / За првпат судиите за крв пролиена. / Суд овој, ваков, натаму засекогаш / на народот на Ајгеј ќе му остане“ (Ајсхил 206).

7) Во елаборацијата за потребата на воведување на судската постапка, Атена се повикува токму на стравот од казната како принцип врз кој се темели почитувањето на правдата, та го поставува реторичкото прашање: „Кој смртник праведен е, ако нема страв?“ (Ајсхил 207).

8) Особено впечатлив аспект на носењето одлука е токму воведувањето на гласањето, како демократски чин на споделување на одговорноста: „Ајде сега станете, / камчињата земете ги и гласајте, / имајќи клетва на ум!“ (Ајсхил 207). Овој елемент од драмското дејство на *Орестија* би можел да се чита како најава на улогата на поротите во подоцнежните филмови фокусирани на судски процеси.

9) Со оглед на нерешениот исход на гласањето на судиите (кој ја потврдува комплексноста на случајот на Орест, во кој индивидуалната вина е неразделна од вината на предците во четири генерации, но и од топосот на божествена интервенција на Аполон), последниот збор во ова судење, неслучајно Ајсхил ѝ го доделил на божицата на мудроста. Нејзината одлука да го ослободи, амнестира Ореста, е предодредена од нејзината судбина: мајкоубиството го проштава божица која не е родена од жена, божица која одлучува да ја прекине долгата спирала на одмаздата кај потомците на Тантал, заменувајќи ја суровата крвна одмазда (поврзана со постарите божества ериниите) со чинот на судење (востановен од Атена), чија можна разврска, чиј можен расплет е и демонстрацијата на милост.

Во оваа епизода, се чини дека Ајсхил отвора еден субверзивен аспект на чинот на судењето: исходот на правниот спор зависи од (искуството, светогледот и вредносниот систем) на судијата.

10) Промената на парадигмата е симболизирана и преку трансформацијата на гневните и крволочни еринии, кои се заканууваат со сеопшта казна, во милосливите евмениди, кои како седиште го добиваат храмот на Ерехтеј на атинскиот Акропол.

11) Во сцената со судењето е индикативно и воведувањето на публиката во сценскиот простор, како своевидно удвојување на сценскиот простор и антиципација на техниката „сцена во сцена“ т. е. „театар во театар“, која неретко во подоцнежните драми ќе ја има улогата за детектирање на вината.

Особено индикативна е улогата на хорот во трилогијата *Орестӣја* низ призма на интерференцијата меѓу митот и драмата кои тематизираат филозофски, но и правни прашања. Во сите три дела од трагичката трилогија хорот е тој што упорно потсетува на потребата од правда. Во „Агамемнон“, хорот на аргиските старци ги поврзува правдата и казнувањето со авторитетот на Зевс:

> Којшто го сетил Зевсовиот камшик
> Тој да истражува ова би можел.
> Што барал и нашол (Ајсхил 35).

Исто така, токму хорот ја манифестира трагичната свест за кобната димензија на вината на предците:

> И, ако сега тој плати за крв што пролеале предци
> и, ако на мртвите сам умирајќи им плати
> отштета, казна за убиства туѓи,
> кој смртник, слушајќи го ова,
> ќе се заколне дека не се родил проклет? (Ајсхил 84)

Токму хорот, обраќајќи ѝ се на Клитајмнестра, потсетува на механизмот на правдата, според кој секое злосторство се казнува со истата суровост на стореното убиство:

Злосторството по злосторство иде.
Тешко е да судиш.
Паѓа тој што урива; кој убил, гине.
Дур' е Зевс, и тоа ќе е –
којшто сторил нека плати; така зар е право (Ајсхил 95).

Притоа, би требало да се истакне дека во „Надгробно жртвување", покрај Електра, хорот е клучниот сојузник на Орест во одмаздата, постојано давајќи елаборација и поттик за одмаздата на недостојната смрт на претходниот владетел, освојувачот на Троја, Агамемнон. Хороводецот вели:

Правда по заслуга дели
И на цел глас вика:
„На удар крвав, крвав удар врати!
Кој сторил зло, нека трпи!"
Од памтивека така се вели (Ајсхил 33).

Или:

Дур' некој умира, офка,
одмаздник се раѓа (Ајсхил 34).

## 4. Меѓу етичкото, правното и театарското

Низ призма на овие две трагедии би можеле да констатираме дека античката трагедија во своите фабули неизоставно третира стожерни етички прашања поврзани со идентификација на вина и нејзино казнување. Во трагедијата *Антигона* од Софокле, на пример, трагичниот конфликт е последица од судирот меѓу божествените и човечките закони и пресуди: кршењето на забраната на Креонт од страна на Антигона, која е главната причина на трагичниот крај, воопшто, не е ставена под прашање: како „обвинета" Антигона, воопшто, не го одрекува стореното дело, туку ја става под прашање оправданоста на забраната на Креонт. Според Фредерик Пико, грешките што Креонт ги прави како владетел и судија ќе ги засегнат „Антигона, Исмена, жителите на Теба, Хајмон, Тејресиј, а дури, конечно, и хорот" (Picco 89). Хибрисот на владетел е тематизиран и во трагедијата *Хиполит* од Еврипид: Тесеј, без да ги провери доказите

т. е. клеветите на Фајдра и без да ги слушне аргументите на другата, „обвинетата“ страна, му пресудува на син му Хиполит, а потоа се соочува од тежината на непромислената, одмаздољубива одлука, која е причина за трагичниот крај.

Со други зборови, античките трагедии неретко го ползуваат сценскиот простор како еден вид „судница“ во која се детектира вината и се случува трагичниот пресврт во судбината на трагичниот јунак, но секоја на свој начин посредно и суптилно ни укажува колку е тешко но и неопходно да се суди праведно. Последниците од грешките во судењето можат да бидат трагични да засегаат многумина, не исклучувајќи го и хорот. Сцената е и простор за страдање, еден од неизоставните елементи на трагичната фабула. Можеби најеклатантен пример е *Прикованиот Прометеј* од Ајсхил: протагонистот од почетокот до епилогот на драмата достоинствено ја поднесува казната, оспорувајќи ја нејзината оправданост. Оваа Ајсхилова трагедија како да најавува една сурова трансформација на театарскиот простор, што се одигрува подоцна во древниот Рим: ако во старогрчката трагедија постои еден вид кодекс за неприкажување на насилството во сценскиот простор, во стариот Рим (амфи) театрите се трансформираат во место за сурова, вистинска егзекуција во гладијаторските „игри“.

Ехото од античкиот интерес за проблемите и премрежјата на казненото право и врските со политичката моќ може да се забележи и во низа антологиски драмски остварувања од наредните епохи. Сцената како простор за правно надитрување, на пример, ја среќаваме во Шекспировата драма *Венецијанскиот трговец* (1598). Во епилогот на Молиеровата драма *Тартиф* (1664) на сценскиот простор се манифестира апсолутната, неприкосновена и „непогрешлива“ правно-политичка моќ на кралот: во последен миг, низ еден вид *Rex ex machina*, измамникот Тартиф е препознаен, демаскиран и казнет од страна на Кралот. Во драмата *Народен непријател* (1882) од Хенрик Ибзен, во една од клучните епизоди, сцената станува еден вид судница, т.е. простор за прогласување народни непријатели. Во македонската драмска традиција во оваа пригода би можеле да ја посочиме драмата *Парадоксот на Диоген* (1961) од Томе Арсовски, како еден вид „судска“ драма, во која протагонистот, архитектот Драшко Каревски се соочува со низа морални дилеми и философски прашања, чии корени би можеле да ги бараме уште во антиката, на што посочува самиот наслов. Поаѓајќи од детектирањето и анализирањето на врските меѓу судските постапки и драмските фабули, несомнено би можеле да составиме долга, непрегледна и никогаш до крај заокружена листа на драмски дела од различни епохи и поетики, но тоа ги надминува границите на оваа студија.

## 5. Заклучни согледби (враќање кај Хамлет)

Сепак, како последен пример во кој сценскиот простор е искористен за разоткривање на вина и на злодело би можеле да се навратиме на неодминливиот *Хамлет* (1602) од Шекспир. Во низата улоги што ги добива синот-одмаздник Хамлет, како ренесансен пандан на Ајсхиловиот Орест, би можела да се впише и улогата на еден вид „судија“. Благодарение на техниката „театар во театар“, Шекспир на Хамлет не само што му ја доделува улогата на актер, режисер и набљудувач на сопствената претстава, туку и набљудувач на реакциите на стрико му Клавдиј, кој ја открива својата вина, препознавајќи се во ликот на убиецот од претставата на Хамлет.

Следејќи ги и иновативно надградувајќи ги стратегиите на античката трагедија, Шекспир во *Хамлет* спровел повеќекратно препознавање: благодарение на реакциите на Клавдиј, Хамлет го препознава убиецот на татка си, а убиецот го препознава Хамлет како потенцијален „судија“ и одмаздник за скриеното злосторство! Во оваа сцена сите маски паѓаат, а театарот во театар, драмата во драма станува најсилниот „детектор за лаги“. Иако Хамлет претходно е неодлучен и несигурен, сепак во епилогот од Шекспировата трагедија Клавдиј е наполно демаскиран, со што се остварува Хамлетовата теза дека, сепак, *не постои злодело / кое и најдлабоко закопано, не ќе излезе еднаш на видело* (Шекспир 467). Како еден вид судница, сцената е простор во кој тајните злодела постепено се обзнануваат и се демаскираат, а и се казнуваат јавно.

И ликовите во трагедијата, но и гледачите во публиката или читателите на трагедијата, постепено откриваат дека драмскиот писател неосетно ги вовлекол во улогите на поротата во судски процес. Како и во гледањето или читањето драма, така и во следењето судски процес, неутралноста или индиферентноста се тешко замисливи избори. А и судењето како митски и сценски процес би било апсурдно без гледачите исправени пред парадоксите, изборите и дилемите на драмските ликови.

**Цитирана литература:**

**На кирилица:**

Ајсхил. *Орестија*. Прев. Д. Чадиковска. Скопје: Метафорум и МКЦ, 1993.

Аристотел. *За поетиката*. Прев. М. Д. Петрушевски. Скопје: Култура, 1979.

Арсовски, Томе. *Парадоксот на Диоген*. Скопје: Микена, 2008.

Вернан, Жан-Пјер, и Пјер Видал-Наке. *Мит и трагедија у античкој Грчкој I*. Прев. Ј. Попов. Сремски Карловци и Нови Сад: Издавачка књижарница Зорана Стојановића, 1989.

Ибзен, Хенрик. *Драми*. Прев. И. Бадева Ивановска. Скопје: Магор, 2014.

Софокле. *Оџдип тиранин. Оџдип на Колон.* Прев. Д. Чадиковска. Скопје: Мисла, 1991.

Томовска, Весна, и Даниела Тошева. *Античка драма*. Скопје: Три, 2018.

Шекспир, Вилијам. *Кралот Лир, Макбет, Отело, Хамлет.* Прев. Д. Михајловски. Скопје: Каприкорнус, 2008.

**На латиница:**

De Romilly, Jacqueline. *La Grèce antique contre la violence.* Editions de Fallois, 2000a.

---. *La tragédie grecque.* Paris: PUF, 2002.

Picco, Frédéric. *La tragédie grecque. La scène et le tribunal.* Paris: Michalon, 1999.

Vernan, Žan-Pol. *Vaseljena, bogovi, ljudi* (prev. A. Mančić). Beograd: Gradac, 2002.

Vidal-Nake, Pjer. *Grčka demokracija u historiji* (prev. F. Cetinjić). Beograd: Gradac, 2003.

792.09:821.131.1-2.09
82.091

# Реинтерпретација на митот во декадентниот театар на Габриеле Данунцио

**Анастасија Ѓурчинова**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“
agjurcinova@flf.ukim.edu.mk

**Апстракт:** Италијанскиот писател Габриеле Данунцио на преминот помеѓу 19 и 20 век покажува особен интерес за драмата и за театарот. Неговата концепција подразбира желба за излегување од тогаш доминантните театарски форми во Италија, особено од баналностите на секојдневието во граѓанскиот театар, така што авторот прибегнува кон реактуелизација на митот и на античката драма. Особено во делото „Мртвиот град“ од 1896 г. е присутно оживување на античката трагедија и нејзино вкрстување со модернистичките тенденции на европскиот декадентизам. Оваа трагедија во пет чина, чие дејство се случува во современоста на авторот, но е лоцирано на археолошкото наоѓалиште во Микена, на Пелопонез, реинтерпретира некои од типичните тематско-мотивски елементи на грчкиот мит (особено слепилото и инцестот). Делото доживеало значителен успех, а неговата праизведба се случува во Париз во 1898 г. со легендарната Сара Бернар во главната улога.

**Клучни зборови:** Данунцио, театар, митологија, декадентизам

# Reinterpretation of the Myth in the Decadent Theater of Gabriele D'Annunzio

**Anastasija Gjurčinova**
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Blaže Koneski Faculty of Philology in Skopje
agjurcinova@flf.ukim.edu.mk

**Abstract:** The Italian writer Gabriele D'Annunzio at the turn of the 19th and 20th centuries shows a particular interest in drama and theater. His original conception of the theater implies a desire to get out of the then dominant theatrical forms in Italy, especially from the banality of everyday life, present in the themes and forms of the bourgeois theater. For this purpose, motivated by the desire to return to the sublime theatrical forms, the author resorts to a dramaturgical re-actualization of the myth and the ancient drama. Especially in the work *The Dead City* from 1896, there is a revival of Greek tragedy and its intersection with the modernist tendencies of European decadence. This tragedy in five acts, the action of which takes place in the contemporary era of the author, but is located in Greece, at the archaeological site of Mycenae in the Peloponnese, reinterprets some of the typical thematic-motive elements of Greek myth, such as, for example, blindness and incest. The play experienced significant success, and its first performance took place in Paris in 1898, starring the legendary Sarah Bernhardt.

**Keywords:** D'Annunzio, theater, mythology, Decadent movement

На преминот од 19 во 20 век италијанскиот театар се одвива по некои традиционални врвици во чии рамки не се забележуваат нагласено радикални трансформации. Во него сè уште се присутни трагите од епохата на веризмот, како и на вечно омилената комедија, додека граѓанскиот театар со своите актуелни, но по малку и тривијални тематики, бележи апсолутна доминација и популарност кај публиката.

Писателот Габриеле Данунцио (1863-1938), контроверзен како со своето дело, така и со политичките погледи, во овој период веќе славен поет и прозаист, во текот на една деценија и половина (помеѓу 1896 и 1911 година) почнува интензивно да се занимава и со театарот и драматургијата. Притоа, тој се стреми да се оттргне од баналностите и медиокритетството на владејачкиот театар во Италија, пристапувајќи кон иновации, потпирајќи се главно на античката драма, но и на декадентизмот и на актуелните тенденции во поширокиот европски контекст.

Еден од пресудните елементи за да се заинтересира за театарот секако е и неговата позната врска со славната актерка Елеонора Дузе (1858-1924), која трае десет години, токму во периодот од 1895 до 1905 година. Во тогашниот италијански театар улогата на актерот била сè уште неприкосновена, така што Дузе жнеела успеси низ театарските сцени и пред да им попушти на додворувањата на помладиот поет, кому сепак во текот на една деценија ќе му стане сопатничка, муза и љубовница, олицетворение и симбол за фатална убавина и еротизам.

Данунцио се посветува на театарот со голем ентузијазам, воден од идејата да пишува драмски дела во кои Дузе ќе ги толкува главните улоги, но и не само затоа: како уметник кој постојано копнее да оствари што поголем импакт на публиката, тој е воодушевен од моќта на театарот во оваа смисла. Сцената му овозможува на неговиот „збор-акција“ да предизвика директни импресии кај гледачите и да ги вовлече во светот на неговата амбициозна уметност. За зголемениот интерес, пак, на Данунцио кон античката драма и грчката митологија, пресудно е едно патување низ Грција во 1895 година, во придружба на Дузе, на самиот почеток од нивната врска, кога тој посетува археолошки локалитети и препрочитува антички автори. Неговиот идеал ќе стане поетскиот театар, па како ретко кој драмски автор во неговото време, тој ќе се стреми кон сублимноста на формата, а дури и ќе напише неколку драми во стихови. Најпознатите дела во неговиот драмски опус се: *Мр҃твиот҃ гра҃д* (1896), *Џоконда* (1898), *Ќеркаѓа на Јорио* (1904), *Франческа од Римини* (1910) и *Федра* (1910). Во три од нив е нагласена преработката на митот: оној античкиот во *Мр҃твиот҃ гра҃д* и во *Федра*, како и руралниот мит, оној на магиските обреди и суеверија во *Ќеркаѓа на Јорио*.

Во оваа пригода ќе се задржиме подетално на *Мрҭвиоҭ ҕрад*, драма настаната непосредно по посетата на археолошките наоѓалишта за време на споменатото патување на авторот во Грција. Трагедијата (како што гласи и поднасловот на делото) ја имала својата премиера најпрвин во 1898 година во Париз, во „Театарот на Ренесансата“, со славната Сара Бернар како протагонистка, која и самата интензивно соработувала со Данунцио за подготовката на оваа изведба. Впрочем, познато е дека во отсуство на оформена фигура на режисерот, во овој иновациски период на италијанскиот театар, самиот писател вообичаено се грижел и за сценското поставување на сопственото дело, а тоа мошне често го правел и Данунцио (Angelini 162). Подоцна, драмата е објавена како книга од страна на издавачот „Тревес“ од Милано и конечно, на 21 март 1901 година, во Оперската куќа во Милано ќе ја доживее и својата прва италијанска театарска изведба. Во неа ќе земат учество двајцата најпознати актери на италијанскиот театар од овој период: задолжителната Елеонора Дузе, во улогата на Ана, и славниот Ермете Закони, во улогата на Леонардо.

Одбирот на трагедијата како жанр е несомнено поттикнат и од долгогодишниот засилен интерес на Данунцио за делото на Фридрих Ниче, преку *Раѓањеҭо на ҭраҕедијаҭа,* а особено за неговата идеја за „натчовекот“, концепција што Данунцио често ја варира и во прозата и во поезијата. Во изборот на темата, освен реално посетените места на античка Грција, јасно е дека на авторот му оставиле силен впечаток и бомбастичните информации за тогаш актуелните археолошки откритија на Троја и другите локалитети од славните хомерски епови, од страна на германскиот археолог Хајнрих Шлиман. Толкувачите на ова дело често се навраќаат на еден експлицитен исказ на Данунцио, каде што авторот објаснува колку била за него важна конкретната посета на самите грчки локалитети: „Сонцето на Грција му дари на мојот дух совршената зрелост, а на моите очи невообичаена чистота […] Мојот долготраен, нејасен и флуиден сон за драмско дело – конечно се искристализира. Обликот на мојата драма е веќе јасен и цврст. Насловот е Мртвиот град“ (Guaragnella 24).

Дејството во *Мрҭвиоҭ ҕрад* Данунцио го сместува во нему современо доба, на крајот од 19 век, но во просторот на едно од најзанимливите места од грчката митологија, во митската Арголида, на североисточниот дел на Пелопонез, или поточно во Микена, славната престолнина на кралот Агамемнон. На овој простор се случува драмата помеѓу четирите протагонисти:

[28] Чини се да бисмо и за ово (измистификовано) дело Џејмса Енсора могли рећи да се појављује као (сликарско) *дело у* (литерарном) *делу*, те да представља особени (интермедијални) еквивалент помињаном метатеатралном драматуршком поступку: и Енсорова маска из *Минетија* могла би се схватити као својеврсни не-текстуални (измистификовани) *цитат*. О још једном виду специфичног цитата можда би могло бити речи у сцени Минетијеве смрти, која као да се трансформише у једно од Енсорових платана. Маскирани Минети и сам постаје, парадоксално, део маскараде и, самим тим, део ове енсоровске „слике".

ум, сходно томе, функционише кроз бинарну логику – као најелементарнији начин организовања и обраде информација.[29] Стварност се, у том контексту, схвата као низ бинарних супротности у које се класификују чињенице (на пример: живот:смрт, природа:култура). Између ових супротстављених појмова, међутим, у стварности постоји стална и нерешива тензија. Према Леви-Стросу, митовима је додељена улога да креирају логички модел који ће превазићи ту унутрашњу противуречност (Kirk 48, Komnenić 362). Другим речима, мит има задатак да путем посредовања – *медијације* – реши проблем контрадикције, односно да премости јаз између крајности. Медијатор, јунак мита, функционише као елемент који треба да доведе до измирења супротности. Он, међутим, не може да постоји независно (супстанцијално) – његово функционисање могуће је искључиво у релацији са терминима (бинарним половима, логичким опозитумима). Медијација, која се остварује унутар мита и представља његов коначни исход, доноси ипак тек привидно решење. Како се такво помирење контрадикцијâ не може изједначити са стварношћу, свако настојање да се премости јаз између полова увек остаје у домену илузије (Meletinski 82–88).

Ако се има у виду оваква констелација и базична митолошка схема, претпостављени медијатор у *Минетију* био би сам Минети. Као фигура уметника, он се појављује као онај који би требало да успостави медијаторну везу са представницима бинарних опозитума (сферâ људског и трансцендентног) и на тај начин испуни празнину која међу њима зјапи. Овде је, међутим, бинарни термин који представља људску сферу (публика) одсутан, што значи да је успешна медијација онемогућена. Медијатор не може постојати одвојено, независно од људи (и обрнуто), већ искључиво у односу на њих. Чињеница да претпостављени медијатор Минети покушава да насилно изведе медијацију – чак иако је неопходни елемент митске схеме одсутан – у потпуности детронизује медијаторову фигуру, те сенчи његову позицију као гротескну и трагикомичну. Медијација остаје неиспуњена, будући да присуствујемо потоњој смрти медијатора. У *Минетију* је, као што је, уосталом, сугерисано и поднасловом (*Портрет уметника у старости*), који открива сасвим очигледну алузију на Џејмса Џојса, јунак приказан у пародично-карикатуралном светлу, а фокус је премештен са животног почетка на његов крај (све се налази у одсуству, са некаквим негативним предзнаком). Насупрот уметниковом (физичком и симболичком) рађању и стасавању,

[29] По Леви-Стросу, „основни механизам функционисања људског духа, механизам бинарних опозиција и корелација, представља станиште нужности док је све оно што се овом механизму супротставља и опире, дакле свеколика област интереса и уопште афеката, истоветно са случајношћу и произвољношћу" (Milošević XXI). Уп. Badcock 64.

овде присуствујемо његовој смрти.[30] Бернхардова драма се тако указује као модерни мит о глумцу чија је глума изгубила један од фундаменталних елемената. Управо је суштинско одсуство неопходног члана митске схеме (представника људске сфере) онемогућило испуњење уметникове медијаторне функције и, најзад, изнудило и његово уклањање са сцене. Губљење самог медијатора доводи до крајњег урушавања митске структуре.

## 4. Закључак

*Минети* Томаса Бернхарда представља сложен систем међусобно умрежених интерлитерарних дијалога, имплицитних и експлицитних, које функционално подупиру трагикомичну димензију (карикатурално осенченог) протагонисте и из којих проговара ауторско демитологизовање јунакових напора за аутомитологизацијом властите приче. Успостављањем комплексног система међутекстуалних веза и модернистичком деконструкцијом митске структуре, која је имплицитно уписана у наратив о уметнику, Бернхард ствара модерну драму о интимној кризи уметника.

Минетијеви механизми аутомитологизације, који се односе на успостављање веза са протагонистима канонских текстова, литерарних „митова" (посредством, дакле, различитих система идентификације), и поменути „лажни", фингирани бинарни опозитум за јунака имају одређену компензативну, али никада у потпуности задовољавајућу улогу. На крају драме – стапањем са анорганским елементом снега – чак ће и беживотно тело претпостављеног медијатора бити изгубљено из вида, те симболички нестати са позорнице.

[30] Поменута интертекстуална веза, присутна на *паратекстуалном* нивоу поднаслова, остварена је путем ироничне инверзије – алузија на литерарни *топос уметника у младости* гротескно је инвертована. Уколико је Џојсов роман, као изданак традиције *Bildungsroman*-а, сав у перспективи и усмерен ка будућности, те прати манифестације хиперсензитивне осећајности будућег уметника у његовом формативном периоду, метаморфозе његовог уметничког погледа на свет и развијање потенцијала уметника у младости, утолико је овде, код Бернхарда, читава схема изврнута. Нада ће бити замењена коначним сломом свих надања. Алузивна спона са Џојсом биће још једном остварена – у самом тексту драме, а у функцији контрастирања две временске равни (глумац некад и сад): „Овде на овој фотографији / можете видети мене / као Лира / моје опроштајно извођење у Либеку / […] / Лир / у Енсоровој маски / […] / Портрет уметника / у младости" (*Минети* II). У вези са поменутим контрастирањем, нарочито је упадљив моменат у којем жена из хотелског лобија упоређује фотографију младог глумца са Минетијем, онаквим каквог га види пред собом.

## Цитирана дела

### Ћирилични извори:

Кајзер, Волфганг. *Гротескно у сликарству и песништву*. Светови, 2004.
Шекспир, Вилијам. *Хамлет, дански краљевић*. Превео Сима Пандуровић, Акционирска штампарија, 1924.

### Латинични извори:

Allen, Graham. *Intertextuality*. Routledge, 2000.
Badcock, Christopher Robert. *Lévi-Strauss: Structuralism and Sociological Theory*. Hutchinson, 1975.
Barthofer, Alfred. "Kind Lear in Dinkelsbühl. Historisch-Biographisches zu Thomas Bernhards Theaterstück *Minetti*." *Maske und Kothurn*, vol. 23, no. 2, 1977, pp. 159–172. doi.org / 10.7767 / muk.1977.23.2.159
Bauman, Richard. *A World of Others' Words: Cross-Cultural Perspectives on Intertextuality*. Blackwell Publishing, 2004.
Becks-Malorny, Ulrike. *James Ensor 1860–1949: Masks, Death and the Sea*. Taschen, 2000.
Bernhard, Thomas. *Minetti: Ein Porträt des Künstlers als alter Mann*. Württembergisches Staatstheater, 1976.
*Brokoph-Mauch, Gudrun. "Thomas Bernhard. Eine Einführung in sein Werk." Modern Austrian Literature, vol. 12, no. 2, 1979, pp. 113–127. JSTOR*, www.jstor.org / stable / 24645848
Canning, Susan M. *The Social Context of James Ensor's Art Practice*. Bloomsbury Publishing, 2023.
Dunn, Catherine. "The Storm in *King Lear*." *Shakespeare Quarterly*, vol. 3, no. 4, 1952, pp. 329–333. doi.org / 10.2307 / 2866694
Esslin, Martin. "Beckett and Bernhard: A Comparison." *Modern Austrian Literature*, vol. 18, 1985, pp. 67–78. *JSTOR*, www.jstor.org / stable / 24647557
Gedo, John E. "More on the Healing Power of Art: The case of James Ensor." *Creativity Research Journal*, vol. 3, no. 1, 1990, pp. 33–57. doi.org / 10.1080 / 10400419009534332
Haider-Pregler, Hilde. "Minetti. Ein Porträt des Künstlers als alter Mann." *Bernhard-Handbuch: Leben – Werk – Wirkung*, hrsg. v. Martin Huber und Manfred Mittermayer, J. B. Metzler, 2018, pp. 223–225. doi.org / 10.1007 / 978-3-476-05292-6_43
Honegger, Gitta. "Thomas Bernhard: An Introduction." *Performing Arts*

*Journal*, vol. 5, no. 1, 1980, pp. 96–100. doi.org / 10.2307 / 3245131

Juvan, Marko. *Intertekstualnost*. Prevela Bojana Stojanović Pantović, Akademska knjiga, 2013.

Kirk, Geoffrey Stephen. *Myth: its Meaning and Functions in Ancient and Other Cultures*. Cambridge University Press–California Press, 1970.

Komnenić, Milan. „Krilata misao pod sumnjom." *Mit tradicija savremenost*. Nolit, 1972, pp. 353–363.

Kot, Jan. *Šekspir, naš savremenik*. Preveo Petar Vujičić, Svjetlost, 1990.

Lemke, Jay L. "Intertextuality and Educational Research." *Linguistics and Education*, vol. 4, 1992, pp. 257–267. doi.org / 10.1016 / 0898-5898(92)90003-f

Lloyd, Jill. "James Ensor. Brussels." *The Burlington Magazine*, vol. 141, no. 1161, 1999, pp. 765–767.

Maliye, Iris Deepali. "Carnival and the Theatre of Eccentricity: An interpretation of the late plays of Thomas Bernhars, with special reference to *Der Theatermacher*, *Ritter Dene Voss*, *Elisabeth II* and *Heldenplatz*." PhD thesis, University College London, 2004. discovery.ucl.ac.uk / id / eprint / 10119552 /

Meletinski, Jeleazar. *Poetika mita*. Preveo Jovan Janićijević, Nolit, 1983.

Milošević, Nikola. „Predgovor." Klod Levi-Stros. *Mitologike I: Presno i pečeno*. Preveo Danilo Udovički, Prosveta–BIGZ, 1980, pp. VII–XLVIII.

Milutinović, Zoran. *Metateatralnost: Imanentna poetika u drami XX veka*. Studentski izdavački centar, 1994.

Mittermayer, Manfred. "'Auf dem Totenbett eine Komödie schreiben'. Thomas Bernhards Verwandlung der Welt in eine Theaterbühne." *Entwicklungen der Dramatik und Formen des Theaters in Österreich seit den 1960er Jahren*, hrsg. v. Sieglinde Klettenhammer und Wolfgang Wiesmüller, Innsbruck University Press, 2020, pp. 27–43.

Oraić Tolić, Dubravka. *Teorija citatnosti*. Grafički zavod Hrvatske, 1990.

Šekspir, Vilijam. *Kralj Lir*. Preveo Branimir Živojinović, Vajat–SKZ–BIGZ, 1993.

Shickman, Allan R. "The Fool's Mirror in *King Lear*." *English Literary Renaissance*, vol. 21, no. 1, 1991, pp. 75–86. doi.org / 10.1111 / j.1475-6757.1991.tb01019.x

Spring, Byron. "Art and Sociality in Thomas Bernhard's *Minetti*, *Der Theatermacher*, and *Alte Meister*." *The Modern Language Review*, vol. 105, no. 1, 2010, pp. 171–190. doi.org / 10.1353 / mlr.2010.0249

Stuart, Betty Kantor. "Truth and Tragedy in *King Lear*." *Shakespeare Quarterly*, vol. 18, no. 2, 1967, pp. 167–180. doi.org / 10.2307 / 2867703

Tamblyn, William Ferguson. "Tragedy in *King Lear*." *The Sewanee Review*, vol. 30, no. 1, 1922, pp. 63–77. *JSTOR*, www.jstor.org / stable / 27533502

Van den Bussche, Willy. *Ensor and the Avant-gardes by the Sea*. Mercatorfonds, 2006.

Webber, Andrew. "Costume Drama: Performance and Identity in Bernhard's Works." *A Companion to the Works of Thomas Bernhard*, edited by Matthias Konzett, Boydell & Brewer, 2002, pp. 149–165. doi.org / 10.1515 / 9781571136060-012

Weimann, Robert. "Cultural Change, Communication and the Space for Art: Notes on Value and the Uses of Intertextuality." *Poetics*, vol. 19, 1990, pp. 537–547. doi.org / 10.1016 / 0304-422x(90)90017-y

Werman, David S. "James Ensor and the Mask of Reality." *Journal of Applied Psychoanalytic Studies*, vol. 5, no. 3, 2003, pp. 335–348.

Williams, George W. "The Poetry of the Storm in *King Lear*." *Shakespeare Quarterly*, vol. 2, no. 1, 1951, pp. 57–71. doi.org / 10.2307 / 2866729

Wulf, Catharina. "Desire for the Other: Obsession as Failure / Failure as Obsession. Beckett's Krapp's *Last Tape* and Bernard's *Minetti*." *Samuel Beckett Today / Aujourd'hui: An Annual Bilingual Review / Revue Annuelle Bilingue*, vol. 2, 1993, pp. 87–94.

792.09:821.133.1-2.09
255-264:821.133.1-2.09

# Како паднаа маските во пиесата *Електра* од Маргерит Јурсенар

**Елисавета Поповска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“
e.popovska@flf.ukim.edu.mk

**Апстракт:** Маргерит Јурсенар својата пиеса *Електра или падот на маските* ја пишува во текот на четириесеттите, а нејзиното објавување и прво изведување на сцена е во текот на педесеттите години на минатиот век. Тоа соодветствува на времето кога голем број француски писатели и драматурзи (Жироду, Ануј, Кокто, Сартр...) го внесуваат митот во своите пиеси како своевиден универзален модел што лесно се приспособува и ги рефлектира актуелните дадености на современото општество. Следствено на постапката која ѝ е драга, низ автокритички записи што во форма на белешки или предговори ги придружуваат нејзините дела, Јурсенар ги изнесува своите ставови во однос на драмските варијанти на митот за Електра од антиката до времето кога таа ја издава својата верзија. Укажувајќи на она што не ѝ се допаѓа во тие пиеси, како и на она што им го должи во создавањето на нејзината верзија, Јурсенар сопствената обработка на митот за Електра ја ослободува од секаква политичка, социолошка или филозофска димензија и ја свртува кон темните понори на несвесното. Така, *Електра или падот на маските* доживува една неочекувана, фројдовски драматична разврска – Електра ја убива мајка си затоа што „несвесно“ ја доживува како ривалка бидејќи е потајно вљубена во Егист; од друга страна, Орест, непосредно пред да му нанесе смрт на Егист, дознава дека тој е неговиот вистински татко. Одмаздата се претвора во едно неочекувано, но намерно таткоубиство, при што изборот на Орест повторно може да се толкува како „несвесна“ елиминација на ривалот бидејќи оној другиот, „идеализираниот“, но невистински татко, е веќе одамна мртов.

**Клучни зборови:** митот за Електра, Едипов комплекс, психоанализа, татковска фигура, Фројд, Лакан

# How the Masks Fell in Marguerite Yourcenar's Play *Electra*

**Elisaveta Popovska**
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Blaže Koneski Faculty of Philology
e.popovska@flf.ukim.edu.mk

**Abstract:** Marguerite Yourcenar wrote her play *Electra or the Fall of the Masks* (*Électre ou la Chute des Masques*) during the 1940s; it was published and first staged in the 1950s. This corresponds to a period when numerous French writers and playwrights (Giraudoux, Anouilh, Cocteau, Sartre, and others) began incorporating myth into their plays as a kind of universal model—flexible, adaptable, and reflective of the conditions of modern society. In keeping with her usual practice of accompanying her works with self-critical commentary in the form of notes or prefaces, Yourcenar outlines her perspective on the dramatic adaptations of the Electra myth, from antiquity to her own time. While she criticizes aspects she finds lacking in earlier versions, she also acknowledges her debt to them in shaping her own approach. Yourcenar strips her retelling of the Electra myth of overt political, sociological, or philosophical dimensions, and instead redirects it toward the dark depths of the unconscious. As a result, *Electra or the Fall of the Masks* unfolds into an unexpected Freudian dramatic resolution: Electra kills her mother because she "unconsciously" perceives her as a rival, being secretly in love with Aegisthus. Orestes, in turn, learns—just before killing Aegisthus—that he is his biological father. The act of revenge thus becomes a deliberate but psychologically fraught act of patricide. Orestes' choice may be read as an "unconscious" elimination of a rival, since the other father figure—the idealized but unreal one—has long been dead.

**Keywords:** Electra Myth, Oedipus Complex, Psychoanalysis, Father function, Freud, Lacan

## 1. Вовед

Несомнено, драмското творештво на Маргерит Јурсенар живее во сенката на нејзините романсиерски остварувањата, кои ја внесоа во редот на врвните литературни творци. Сепак, иако драмските текстови на Јурсенар се создадени во периодот пред нејзиното стекнување со светска слава благодарение на *Мемоариите на Хадријан*, (и таа никогаш повеќе не се навратила на пишување театарски пиеси), Јурсенар кон нив отсекогаш негувала посебен однос. Во долгите разговори што ги води со Матје Галеј, Јурсенар истакнува дека секоја од овие пиеси е во дослух со некое од останатите нејзини дела, дека пиесите ѝ се драги затоа што тие, и покрај различната форма, споделуваат иста „супстанца" со нејзините романи. Така, истата економија на ликовите (тројца), кои се главни двигатели на дејствието и се меѓусебно нераскинливо поврзани во маѓепсаниот круг на „љубов, омраза и опасност", ја има и во краткиот роман *Завршен удар* (*Coup de grâce,* објавен во 1939) и во пиесата што е предмет на нашиот интерес *Електра или падот на маските* (*Électre ou la chute des masques*) (Galey 187)[1]. Во двете дела постои речиси идентична дистрибуција на односи кои се управувани од свесни стратегии и несвесни пориви, иако во романот дејствието е сместено во балтичките земји од почетокот на дваесеттиот век, во екот на антиболшевичките борби, а пиесата за Електра нè внесува во проколнатиот митски свет на Атридите, кој датира уште од претхомеровото време.

## 2. Митот како „бланко чек"

Маргерит Јурсенар е исклучителен познавач на грчко-римската историја и митологија. Според нејзините сопствени зборови, таа ги научила латинскиот и грчкиот јазик до својата дванаесетта година (Galey 30), што ѝ овозможувало античките текстови и автори да ги чита во оригинал и на тој начин да изгради непосреден критички пристап кон материјата што ја воодушевувала и ја опседнувала уште од најраното детство. Античкиот мит е најнепосредниот инспиративен двигател, кој се појавува во повеќето од нејзините рани творби и опстојно се провлекува низ целокупното нејзино творештво. Кога во 1944 година Јурсенар ја пишува својата театарска пиеса посветена на приказната за Електра, таа застанува на линија на повеќето француски драматурзи од тоа време, кои ја искористуваат рамката што ја нуди митот за да зборуваат за универзални (но и за индивидуални) теми и дилеми, кои тежат врз човештвото. Така,

[1] Пиесата е напишана во 1944 година, а за прв пат е објавена во 1947 година во антологијата *Le milieu du siècle*. Roger Lannes (dir.), Janin, 1947, pp. 23-66.

Жан Жироду ја дава својата верзија на *Електра* во 1937 година, Сартр го актуелизира овој мит во својата пиеса *Муви* (*Les Mouches*) во 1943 година, додека Јурсенар театарски ја вообличува приказната за античките брат и сестра – убијци на своите родители во 1944 година (Brunel 27). Во Предговорот приклучен кон пиесата *Електра или падот на маските* во изданието *Théâtre II* (1971), како и во нејзиниот *Бележник за Електра* (*Carnets de notes d'Électre)*, преобјавен во 2017 година по повод триесет години од нејзината смрт, Јурсенар ни го дава на увид нејзиното критичко читање на навраќањето на овој мит во театарски цели, од античките до најсовремените автори. Нејзина констатација е дека современите автори не понираат во антиката, туку истата ни ја носат во еден современ контекст (Yourcenar, *Carnets* 18); нивните пиеси добиваат извесна историска димензија, така што Електра станува симболична фигура на непокорот и отпорот во една Европа над која се надвиснала фашистичката закана (Жироду), или добиваат метафизичка димензија во која се актуелизира вечната тематика на слободата и изборот, односно на слободата на избор (Сартр). Одлуката да даде своја драмска верзија на митот за Електра, во време кога митската предлошка станува неодминлив интертекст на современите автори, Јурсенар ја образложува на следниов начин: „Набрзо разбрав дека е подобро уште еднаш да го искористам овој неисцрпен кредит што го нуди античката драма, овој извонреден бланко чек врз којшто секој поет, наизменично, може да си дозволи да ја напише цифрата којашто му одговара"(Yourcenar, *Théâtre II* 19).[2] Но, од друга страна, својот обид по којзнае кој пат да се искористи митската рамка, но овојпат за сопствени цели, го оправдува на следниов начин:

> Доколку грчките маски му нудат на современиот поет максимум на комодитет и престиж, тоа е затоа што тие престанаа да упатуваат на било кое време, дури и на античкото. Секој ги носи на свој начин; секој настојува да излее што е можно повеќе од себе во овие вечни калапи, [така што] никогаш не се разликуваме повеќе еден од друг тогаш кога пристапуваме кон истите теми (Yourcenar, *Carnets* 14).

Јурсенар во својата пиеса сака да тргне во поинаков правец од современиците; додека тие ја впишуваат трагичната судбина на Атридите во еден историско-морализаторски контекст, Јурсенар сака нивната приказна да ја врати во семеен контекст, но во оној на црните хроники од сите времиња, во контекстот на глембаевските семејства меѓу чии членови, крвното сродство е дотолку повеќе причина за омраза, затоа што е главно

[2] Сите преводи на цитатите од француски на македонски јазик се дадени од страна на авторката.

исходиште за манипулација, ривалство, љубомора, убиство... Семејства што навидум функционираат како и секое друго семејство, но се длабоко дисфункционални, каде што наивните и немоќните се инструментализирани за реализација на мрачните цели на агресивните, злонамерните, недоследните, кои себеси се прикажуваат за Спасители, Праведници, Маченици... Семејства во кои невротично извртените пориви на Ерос и Танатос изродуваат непринципелни коалиции, неподносливи тајни, криминални стратегии, неконтролирани импулси со катастрофални последици. Она што сака Јурсенар да го направи со својата *Електра* е „да го покаже во неговата целовитост, но исто така и во неговата соголеност, семејниот конфликт, кој во секојдневното постоење најчесто ни е претставен на заобиколен, затскриен начин, заплеткан во формулациите на психолозите или препуштен на баналностите на рубриките за дневни настани“ (Yourcenar, *Carnets* 21). Затоа, за Јурсенар, „како змиско гнездо кое постојано ја менува формата, авантурите на Електра и на нејзините блиски, наизменично, со текот на вековите, ги добиваат различните аспекти на едно криминално семејство“ (Yourcenar, *Théâtre II* 9).

Имено, Јурсенар настојува во својата пиеса да го проблематизира симболот на неумолива правда што ѝ се припишува на Електра во бројни интерпретации. Или поскоро, таа настојува сликата на Праведничка да ја замени со онаа на Одмаздничка. Електра како Одмаздничка. Одмаздата како таква е категорија која е поподложна на психолошките осцилации, бидејќи е тешко да се одреди дали е праведна или не. Односно, многу легитимно е прашањето дали воопшто една одмазда може да биде праведна. Френетичноста, вербалната агресивност со која Електра на Јурсенар го крои и го реализира одмаздничкиот план, аргументите што ги користи како оправдание, упатуваат на фрустрација што ја јаде одвнатре, која не може да ја препознае, уште помалку да ја артикулира, а поради тоа не умее ниту да ја контролира. Во нејзиното поведение се насираат несвесните понори на длабока лична мотивираност, што прави Електра да ги напушти беспрекорните линии на античката скулптура, и да се хуманизира низ постојаното моделирање на аморфниот човечки материјал.

## 3. Долгот кон Антиката

Ваквата „хуманизација“ не само на ликот на Електра, туку и на другите ликови што се појавуваат во пиесата на Јурсенар, според признанието на авторката, се должи на фактот што од тројцата антички автори (Есхил, Софокле и Еврипид), кои театарски ја вообличиле оваа митска приказна, својата верзија Јурсенар најмногу ја гради врз моделот на трагедијата на Еврипид. Таа луцидно ги анализира првите два трагичари:

Есхил, кој ја дава и најстарата трагична верзија на митот, е сè уште многу блиску до епопејата, со Орест во преден план, во момент кога тој е „растргнат помеѓу стариот матријархален обичај и семејното право од наредните епохи“ (Yourcenar, *Théâtre II* 12). И, додека „кај Есхил станува збор за наплата, кај Софокле станува збор за правда“ (Yourcenar, *Théâtre II* 13). Софокле е тој што фигурата на Електра ја внесува во прв план и од неа создава симбол на Правдата. Впрочем, за класичната епоха на која ѝ припаѓа Софокле, тешко восприемливо е дека една нежна мајка може истовремено да биде и убиец (Yourcenar, *Théâtre II* 13). Јурсенар донекаде не се согласува со ваквото сведување на Клитемнестра од страна на Софокле на чиста инкарнација на злото.

Електра на Јурсенар најмногу се доближува до „френетичната“ Електра на Еврипид. Реализмот на декорот, во кој преовладуваат мизеријата и пониженоста како фактори кои придонесуваат за разгорување на омразата (Yourcenar, *Théâtre II* 20), најмногу одговара на проектот на Јурсенар. Авторката го позајмува од Еврипид делот во кој кралскиот пар ја мажи насила Електра со градинарот од палатата и таа мора да се пресели во неговиот сиромашен селски дом. Позајмен е и делот во кој дијаболичниот план за одмазда на Електра се состои во тоа таа да се претстави како лажно бремена, со што ја наведува Клитемнестра да ја посети во нејзината колиба, местото каде што ќе биде извршено убиството. Во драмата на Јурсенар, целата криза на ковање на планот за убиство од омраза, како и самиот чин, се одвива во соголениот декор на домот на нејзиниот маж, на добриот селанец Теодор. Односно, нема ниту една промена на декорот во текот на целата пиеса. Сцените од настаните што се случиле во минатото и во палатата се евоцираат низ спомените и зборовите на протагонистите. Целата стратегија на заговорот, тајното доаѓање на Пилад и Орест во куќата на Електра, двојното убиство на Клитемнестра и Егист се случуваат во еден ист ден. На тој начин, Јурсенар максимално го почитува светото тројство на класичната трагедија за единство на место, време и дејство.

Но, на овие грчки премиси, Јурсенар додава сопствени решенија – Електра со голи раце ја задавува мајка си, откако претходно ја намамува во својот дом. Смртта е дотолку повеќе насилна, бидејќи избезумената Електра само неколку минути претходно, од устата на сопствената мајка, го слуша она што го закопала во најтемните длабочини на несвесното, а кое е најголемата причина за омразата – таа сака да ја отстрани Клитемнестра бидејќи е вљубена во Егист. Од друга страна, Орест, пред да му го нанесе смртниот удар на Егист, дознава дека токму тој, а не Агамемнон, е неговиот вистински татко. Со овие последни сознанија пред самите убиства се руши основниот морален столб на кој сестрата

и братот го потпираат својот чин – чинот на Правда. И наместо чекор наназад, тие решаваат да го направат последниот чекор нанапред – и да убијат. На тој начин, наместо Праведници, стануваат Убијци. Електра поради одмаздољубивост, Орест поради слабост. Си заминуваат од местото на злосторството со новите сознанија, свесни дека се упатени само еден на друг во тој мрачен свет каде што ќе ги прогонуваат Фуриите, но без одговор на прашањето зошто новата вистина не го запре мечот во моментот додека замавнуваше. Она на што тие немаат одговор, психоанализата го наоѓа во моментот на несвесен порив за елиминација на ривалот.

## 4. Долгот кон психоанализата

Јурсенар во предговорот кон својата Електра истакнува: „Еврипид е првиот кој ја подотвори, најверојатно несвесно, Пандорината кутија со неисцрпните и смрдливи богатства на потсвесното“ (Yourcenar, *Théâtre II* 13). Оваа нијансирана констатација нè наведува да почуствуваме во неа извесен ироничен став, не само поради пејоративот „смрдливи“, туку и поради решителната критика на начинот на кој е преземен и обработен митот за Електра од страна на модерните автори. Понатаму таа вели:

> Богати или необични, агресивни или збунувачки, речиси сите овие современи интерпретации се сложуваат во тоа да му доделат на концептот на правдата само една индивидуална вредност, за да изнајдат во бесот на Електра, или во лудилото на Орест, очигледни или затскриени сексуални мотивации, и конечно, да му дадат предност на инстинктивното и несвесното во однос на свесното, во двете значења, интелектуална и морална, на овој застарен збор. Онаму каде што естетскиот гениј на старите автори одбива да внесе конфузија во чувствата, исто како и во жанровите, и дозволува единствено *несвесно да се прифати несвесното*[3], таму модерниот поет, несигурен или непријателски расположен кон категоричките императиви што ги почитувале неговите претходници, чувствувајќи се непријатно пред концептот на личноста и стварноста, е принуден да се спушта во спротивен правец од врвот по кој се искачил Есхил. […] Поетот го отфрла античкото решение, коешто беше правда, без да го прифати христијанското решение, кое би било опростување, ниту оние решенија на лаичката мудрост како што се разбирањето, презирот, рамнодушноста. Психолошките термини, литературните формулации само го етикетираа и различно го опишаа истиот сиров факт, а тоа е омразата (Yourcenar, *Théâtre II* 17-18).

[3] Наше подвлечено.

Не е непознато дека Јурсенар на неколку наврати го искажува својот негативен став кон фројдистичката и постфројдистичката психоанализа. Еден пример за тоа се ставовите што таа ги изнесува по повод нејзината збирка книжевно пренесени соништа *Соништа и судбини* (*Les songes et les sorts*), за кои истакнува дека ги создала во 1938 година без да биде под влијание на психоаналитичките теории од тоа време (Galey 99) и дека отсекогаш ѝ се чинеле погрешни исклучиво сексуалните интерпретации на Фројд (Yourcenar, *Essais et mémoires* 1534). Ваквото отфрлање на психоанализата како исходиште за проучување на мобилните принципи во однесувањето и постапките на ликовите во оваа своја пиеса, Јурсенар го образложува во својот став дека сакала, напротив, во својата Електра да ја покаже „ужасната и воодушевувачка настојчивост на суштествата да останат доследни на самите себе, што и да се случи“ (Yourcenar, *Théâtre II* 20); дека овие ликови „ниту бранат, ниту напаѓаат  каква било теза“, дека тие „немаат за задача да проверат дали човекот се лаже во поглед на сопствените мобилни принципи и оти никој не може да биде сигурен дали е син на својот татко“, односно, дека поскоро треба да се задоволиме на овие ликови да гледаме како на „група човечки суштества кои им се препуштаат на ужасните пожари на омразата“ (Yourcenar, *Carnets* 24)

Имено, Јурсенар е позната по својата тенденција, низ постапката на автокритика на сопствените остварувања, да ја канализира рецепцијата на своите дела. Оттаму и нејзината настојчивост неуморно да ги опколува своите дела со паратекстуелна апаратура во форма на поговори, предговори, белешки, интервјуа, во желба да влијае врз интерпретациите што би дошле од страна на читателот. Но, таа настојчивост, тоа превенирање, тоа свесно отфрлање на несвесното може да се чита и како можност за поинакви интерпретации; дека во тој декларирaн чин на негирање, по углед на старите автори, кои ги става на повисок пиедестал од современите, кај Јурсенар сепак постои „несвесно допуштање на несвесното“; посебно затоа што омразата, која таа ја одредува како константа во својата пиеса, е еден од доминантните психички концепти, кои дејствуваат како невротична свртница што го одредува колосекот на животот. Нашата студија се обидува пиесата на Јурсенар да ја разгледува низ психоаналитички паралели, (но без претензии кон научна исцрпност од доменот на психоанализата, уште помалку да употребува специјализиран говор, посебно патолошки), и притоа да не го напушти теренот на литературната анализа. Со настојувањето во фокусот да ги ставиме драмските пресврти, и да ги детектираме индициите што ги навестуваат таквите книжевни ефекти, донекаде и се согласуваме со Јурсенар дека сето ова е, пред сè, литература – еден ингениозен ткаеж на наративни постапки кои нудат „задоволство од текстот“.

## 5. Семеен комплекс

Првата средба на Фројд со Јурсенар се случува, сепак, на полето на книжевноста, и тоа во делото *Хамлет* од Шекспир. Јурсенар согледува дека основната предлошка на приказната за Атридите се наоѓа токму во *Хамлет*. Но, според нејзините зборови, Шекспир во Хамлет ни претставува „индивидуална, а не семејна драма“, затоа што одмаздата е разгледувана низ современите категории на одговорноста, а „драмата на Одмаздникот дефинитивно упатува на неспособноста на модерниот човек да се одмазди“ (Yourcenar, *Théâtre II* 15). Првичната идеја на Јурсенар била да напише дело кое се надоврзува токму на драмата на Хамлет, и во кое би упатила на неочекуваните меандри што би можела да ги добие личната драма на преиспитување на принцот од Данска, доколку во заден час дознаел дека не е син на убиениот монарх, туку на убиецот што седи на тронот, и чиј полуинцестуален брак со неговата мајка не го одобрува. (Yourcenar, *Théâtre II* 18). Но, колку повеќе напредувала во таа идеја, толку повеќе ѝ било јасно дека сепак треба да се врати на „неисцрпниот кредит“ што го нуди античката рамка.

Од друга страна, Фројд, уште на самите почетоци на својата концептуализација на Едиповиот комплекс како фаза во либидалниот развој на едно дете, упатува на *Хамлет* и го изнесува својот став во врска со двоумењето на Принцот да го убие чичкото-узурпатор, кој е виновен за смртта на татко му. Во вид на реторичко прашање, тој го нуди и одговорот: „Како тоа подобро да се објасни освен со измачувањето што му го предизвикува мрачното сеќавање дека го направил истиот тој чин против својот татко поради страст кон својата мајка?“ и заклучува “Неговата морална совест е несвесна свест дека и тој носи вина“ (Freud, *Le complexe d'œdipe* 8).[4] Со оваа констатација, Фројд упатува на книжевен лик во кој потиснатиот комплекс се инхибирал во двоумење.

Имено, во пеколниот триаголник на Едиповиот комплекс постои една основна шема – секој од родителите е доживуван како предмет на љубовта од страна на детето од спротивниот пол. Во оваа фројдовска оптика, либидалниот интерес на синот е насочен кон мајката, а оној на ќерката кон таткото. Следствено, родителот од истиот пол е доживуван како ривал, односно како пречка за да се поседува предметот на љубовта. Оттаму и она што, во таа инфантилна фаза, би можело да се согледа како чувство на непријателство кон родителот од ист пол. Без да навлегуваме во поголеми нијансирања од типот фалусна фаза, кастрирање и сл., ќе укажеме дека односите, во даден момент, стануваат посложени затоа што чувството на омраза се дуплира со потребата за идентификација –

[4] Писмо на Зигмунд Фројд до Вилхем Флис од 15 октомври 1897.

детето инстиктивно чувствува дека, за да го поседува предметот на желбата, треба да се идентификува со родителот од ист пол. Така, синот се идентификува со таткото, а ќерката се идентификува со мајката. За да се замеме местото на Другиот, треба да се елиминира Другиот, а тоа значи да се „убие“ Другиот. Со ваквата махинација се отвора перспективата на две прохибирани дејствија – парицид и инцест. Соочувањето со овие две табуа при излезот од едиповската фаза, прави овие нагони да бидат потиснати и да преминат во латенција, која, во зависност од животните околности, подоцна може да се реактивира. Имено,

> Либидото не треба да остане фиксирано за првите објекти, тоа треба да се задоволи така што подоцна ќе се угледа на нив како на модели и, во времето на дефинитивен избор, ќе премине од нив на туѓи личности. Детето треба да се оттргне од своите родители: тоа претставува неминовност за да може детето да ја игра својата општествена улога“ (Freud, *Cinq leçons* 88).

Овде Фројд упатува на значењето и одговорноста што во оваа постедиповска фаза ја добиваат едукацијата и едукаторот. Ако правилно се канализира, омразата не е повеќе негативен, туку конститутивен елемент во односот дете-родител бидејќи треба да помогне во одвојувањето, индивидуализацијата и сублимацијата. Доколку првобитната сексуална љубопитност на детето не тргне во тој правец, при подоцнежниот психички развиток, таа може да продолжи во други два правци: инхибиција и опсесивност. Затоа Фројд смета дека Едиповиот комплекс е „нуклеусен комплекс“ на секоја невроза и дека може да остане активен, иако несвесен, во различни домени на психичкиот живот (Freud, *Cinq leçons* 87). Едиповиот комплекс кој ги ровари односите на семејството во пиесата *Електра или пагот на маските* не се исцрпува со едноставниот триаголник. Во него постои дуплирање на родителските позиции – постојат двајца татковци, но, како што ќе се обидеме да покажеме, и две мајки.

Јурсенар истакнува дека, во текот на пишувањето на пиесата, ѝ станувало сè појасно оти, доколку сака неочекуваните пресврти што ги оставила за крај да не бидат доживеани како незасновани театарски ефекти, неопходно е текстот да го просее со серија делумни упатувања на бројните и сложени лаги, кои ги допираат секој лик поединечно (Yourcenar, *Théâtre II* 19). Детектирањето на тие индиции, во овој наш обид за читање наназад, овозможува „финалниот пад на маските“ да биде помалку необичен, а со тоа и помалку неочекуван.

## 6. Маската на мајката

Добро е познато дека односот меѓу Електра и Клитемнестра е еден од најтешките односи мајка-ќерка што ги познава културната историја на човештвото. Мајката го убива предметот на љубов на ќерката, таткото Агамемнон, пред ќерката адолесцентка да успее да ја надмине ривалската фаза и да го изнајде својот пат низ некаква индивидуализација или сублимација. Таа останува заглибена во омразата како исконско чувство пред истото да почне да го овозможува, низ сопоставувања со други дадености, излезот од семејниот комплекс. Електра мрази на начин кој е архаичен, неподнослив, на ниво на нагон што треба да се задоволи. Јурсенар вели „ не се работи повеќе за тоа да се постигне правда, туку да се задоволи омразата“ (Yourcenar, *Théâtre II* 13). Токму таа омраза со својата доследност, настојчивост, постојаност, Јурсенар ја определува како константа на својот лик. Омразата на нејзината Електра е своевиден Танатос.

На ваквата хуманизација во „негатива“ на ликот на Електра, одговара хуманизацијата во „позитива“ на ликот на Клитеменстра и тоа во трите инстанци што таа ги определува – сопруга, мајка и љубовница. (Poigneaux 25-31, Brémond 101). Во интензивната сцена која прикажува како Клитемнестра се фаќа во стапицата и ја посетува ќерка си во надеж дека наскоро ќе добие внуче, присуствуваме на своевидна исповед која поопстојно ни ги расветлува овие три инстанци што таа ги инкарнира. Најпрво, како жена на Агамемнон, љубовта кон сопругот од почетокот на бракот кај неа исчезнува пропорционално на долгите отсуства на кралот кој води непотребни војни, се збогатува со пљачкосување, „заглупува“ со своите болни амбиции и неверства (Yourcenar, *Théâtre II* 58-59). Клитемнестра му станува љубовница на Егист затоа што неговата љубов ја научила дека е можно “сè да се ризикува за да се живее или да се умре заедно” (Yourcenar, *Théâtre II* 57). По смртта на Агамемнон, повторно како сопруга, но овој пат на Егист, и покрај извесни промени, таа продолжува да се држи за љубовта на Егист како „нешто најдобро што ѝ го нуди животот“ (Yourcenar, *Théâtre II* 57). Но, овие две инстанци, во делото на Јурсенар, не ја засенуваат кај Клитемнестра улогата на мајка: таа се вознемирува за здравјето на својата бремена ќерка, се радува на идејата дека набрзо ќе стане баба, искажува жалење што не ѝ пружила поголема љубов на ќерката, што му посветувала поголемо внимание на синот, со што признава дека однесувањето на Електра кон мајка си не е неосновано.

Но, ваквото хуманизирано претставување на Клитеменстра, не ѝ припишува автоматски хуманата димензија. Очигледно, Електра свое-

то детство и пубертет ги поминува во своевидна состојба на „недостаток“ – таткото е зафатен со водење војни, мајката е зафатена со синот и љубовникот. Поради оваа ситуација на топло-ладно со мајката, која е тука, но како да е отсутна, Електра се фиксира за татковската фигура. Оттаму и извесната вирилност во изгледот и однесувањето на Електра. Но, Електра го гради тој специфичен однос, не кон фигурата на реалниот, туку кон онаа на идеализираниот татко. Во економијата на речникот на Лакан, идеализираниот или идеалниот татко се подведени под терминот *Имаџинарен таџко*. Тоа е татко што „детето си го замислува врз основа на своите фантазми, желби, конкретни искуства и, несомнено, културната имажерија во врска со Таткото“ (De Neuter 57). Во својот семинар посветен на „Релација со објектот“ (*Relation d'objet*), Лакан во фигурата на Имагинарниот татко ја обединува тројната дијалектика на агресивноста, имагинацијата и идеализацијата (Lacan 290).

Со смртта на Агамемнон, идеалниот татко повеќе го нема, на неговото место доаѓа Друг. Не е повеќе можна идентификација со идеалниот татко. Моделите се рушат, ама останува либидото. Очувот е, сепак, реален татко во онаа мера во која тој го дели креветот со мајката. Тој е, всушност, татко во реалноста (De Neuter 55). Повторувањето на примитивната сцена предизвикува одвратност кај Електра, но истовремено и ја привлекува. Електра ѝ признава на Клитеменестра дека во подолг период таа ги демнела љубовниците за време на нивните средби, дека дувањето на ветерот и претрчувањето на глушец што ги сепнувало во нивниот занес, биле всушност здивот и одот на девојчето Електра (Yourcenar, *Théâtre II* 59). Таа незграпно го правда сопствениот воајеризам со неможноста да се прошета низ палатата „од страв да не наиде на нозете на нејзината мајка заплеткани со нозете на некој маж“ (Yourcenar, *Théâtre II* 59). Сега кога го нема иделниот татко, идентификацијата може да се врати на мајката, објектот на желба на мајката станува објект на желба и на ќерката. Електра несвесно го посакува својот очув. Клитемнестра, по ваквото признание, и откако ѝ станува јасно дека е многу блиску до смртта, ѝ го фрла в лице на Електра она во што веќе подолго време се сомневала – овој матрицид не е заради одмазда на Таткото, туку заради љубов кон (по)таткото.

> И колку пати оттогаш си се разбудила целата зовриена затоа што си го сонувала Егист? Колку пати си го замислила Егист додека те прегрнувал твојот градинар? Ах! Колку бев во право што се сомневав во твоите одења наваму-натаму, наутро, по ходниците, во твоите премногу куси здолништа на девојченце со слаби нозе, во твоите тврдоглаво спуштени очи, кои сепак го демнеа Егист! Колку ми завидуваше на мојот љубовник! И колку, оплакувајќи го твојот

> татко, ги местеше така работите за да се струполиш на каучот, разоткривајќи ги, со секое липање, твоите голи раменици“ (Yourcenar, *Théâtre II* 60).

За да се биде целосно на местото на мајката, треба да се има и дете. Малата едиповска ќерка посакува дете од својот татко, а во нашиот случај, од оној што е на местото на Таткото. Детето што ќе го роди е надомест за фалусниот елемент што ѝ недостасува, дар што го прима, но и дар што го дава (симболичниот долг според Лакан) (Lacan 80, 95-96, 114, 204). Така таа се востоличува себе си на ниво на *имаџинарна мајка* (178-183). Електра е во бел брак со Теодор, но тоа не значи дека таа се чувствува помалку мајка. Таа го доживува Орест како свое дете, го моделира како, небаре, да го воспитува, ја проектира врз него својата фрустрација и прави тој да верува дека тоа е негова фрустрација. Пилад ѝ вели: „Сум те видел како му вдахновуваш омраза [на Орест] како што се дува во трска за да се добие остар звук, како му ставаш во рацете планови за иднина како што се става меѓу прстите на едно мрзливо дете играчка којашто постојано ја испушта...“ (Yourcenar, *Théâtre II* 41).

Метафората на гестација често ги придружува дејствијата на Електра. Ковањето на заговорот што трае со месеци, Електра го доживува како време на зачнување и носење на плодот во мајчината утроба. Кога Теодор ѝ приговара што постојано одбива да имаат свое дете, таа му вели: „Зарем овој план за убиство не е нашето дете? Зарем тој не расте како наша тајна, невидлива за другите, сè потежок и потежок во мојата утроба, сè додека не го слушна како му чука срцето? Зарем јас нема, можеби, да умрам сета во крв како некоја родилка?“ (Yourcenar, *Théâtre II* 31). Како своевидна манипулативна мајка, (бидејќи таа својата мајка Клитемнестра ја доживува како манипулаторка), Електра го злоупотребува концептот на детето. Нејзината лага дека е бремена е монструозната алатка со која ја привлекува Клитемнестра во својата смртна стапица. Кога Клитемнестра ќе ѝ укаже на несвесните пориви кои ја наведуваат на мајкоубиство, она што ја тера Електра да ја задави мајка си со голи раце, не е толку стаписаноста од новото сознание за нејзината несвесна заљубеност, колку што е можеби одвратноста што премногу се препознава себеси во Клитемнестра – „Сега разбирам дека мојата одвратна стратегија со бременоста е само незграпен обид да се изедначам со неа во нејзината плодност“ (Yourcenar, *Théâtre II* 66).

## 7. Маската на таткото

Бројни се наговестувањата што упатуваат на тоа кој е вистинскиот татко на Орест. Во расправијата во која Електра жолчно ѝ приговара на

мајка си за убиството на Агамемнон, Клитемнестра вели: „Не престануваш да гледаш на смртта на татко ти како на некакво славје што си го организиравме Егист и јас. Немаш поим какви сè неопходности ја изродуваат омразата, какви сè болки ја крчкаат одмаздата. Нашето злосторство претставуваше крвава ампутација, а твојот очув и јас бевме двајца болни што моравме да избираме помеѓу смртта и ножот“ (Yourcenar, *Théâtre II* 57). На прашањето на Електра: „Од каде потекнуваше таа гангрена?“ (Yourcenar, *Théâtre II* 57), Клитемнестра избегнува да ја развие метафората и, на тој начин, да биде вовлечена во уште едно признание; таа фокусот повторно го свртува на силната љубов меѓу неа и Егист. За Електра, заслепена каква што е, таквиот одговор е доволен и, можеби, единствено прифатлив. Премногу навикната на концептот на патријархално семејство, за Електра не е чудно ниту признанието на Клитемнестра дека го сакала „Орест со онаа силна и наивна, несмасна и луда љубов, која прави плачењето на детето да се доживува како музика, а истовремено, да не се чувствува смрдеата на пелените“ (Yourcenar, *Théâtre II* 57). Впрочем, Електра е навикната на ваквата диспропорционалност во давањето љубов од страна на родителите и таа не чувствува љубомора. Таа е втората, малата мајка на Орест. Таа нема да сфати дека последните зборови на Клитеменстра, во моментот кога нејзините раце-те го прекинуваат здивот и гласот во мајчиното грло: „...А татко ти го доби она што го заслужи, стар крвник, дртав расипник, продадена душа...А татко му на Орест...“ (Yourcenar, *Théâtre II* 61) не упатуваат на еден ист човек, туку претставуваат споредба.

Постепеното откривање на идентитетот на реалниот татко, односно на таткото во реалноста, настанува во сцената во која Егист се соочува со Орест, Електра и Пилад, непосредно пред неговата смрт. Првата лага, односно првата тајна што се разоткрива е болна и за Орест и за Електра – Пилад, кај чие кралско и пријателско семејство Електра го засолнува брата си, е на платниот список на Егист. Егист му дава пари на Пилад за да му овозможи удобен живот на Орест, а Пилад му дава информации на Егист за тоа како и каде живее Орест. Низ ламентирачкиот тон со кој ја искажува својата разочараност од предавството на пријателот, Орест, оној што постојано се препушта другите да го водат, било да е тоа Електра или Пилад, конечно почнува логички да ги поврзува работите: „...мојот пријател беше само запчаник во оваа ужасна машина [...] Оваа осаменост на егзилот не беше дури ниту осамена... јас бев само дете што нежно го шетаа од кафез во кафез“ (Yourcenar, *Théâtre II* 69) и му се обраќа на Егист: „А ти кој знаеше каде живеам, кои имиња ги користам, ми обезбедуваше леб што многу лесно можеше да го затруеш. Ти сакаше да живеам!“ (Yourcenar, *Théâtre II* 71). По отвореното признание на Егист

дека тој е вистинскиот татко на Орест, одеднаш убиството на Агамемнон добива друга димензија – тоа не е повеќе подмолен чин на прељубничка страст, туку очаен обид на родител да го спаси синот од опасност, пред конечното враќање на војсководецот од војна и пред да му текне, или некој да го наведе, да ги брои наназад во времето своите престои дома и во креветот на сопствената жена. Со оваа последна разоткриена тајна, алузиите на Клитемнестра дека Електра е заљубена во Егист добиваат уште поголема смисла, па таа си поставува реторичко прашање во врска со она што е веќе очигледност: „Ах, брату сакан како син, дали една подлабока завист, љубомора, омраза, ја објаснува мојата мајчинска љубов за тебе? Зарем беше во право Клитемнестра? (Yourcenar, *Théâtre II* 73). Ниту едно од двете до овој момент извршени убиства не е она што тие дотогаш претставувале во главата на Електра; со последните откритија тие убиства добиваат сосема друга смисла. Но, дали ќе се случи и третото убиство, кое поедеднакво почнува да губи смисла и оправданост? Додека вербата и самодовербата на Електра се целосно разнишани, Орест не помалку се наоѓа пред една хамлетовска дилема:

> Осумнаесет години бев син на другиот, на убиениот, на човекот со црвенокоса брада што го заклаа кога се врати дома. Колку го мразев, овој татко што ме приморуваше да го одмаздам […] И еве ме сега одеднаш син на Егист... Еве ме принуден да личам на некој друг, и не само да личам на него, туку и да го поднесувам, и не само да го поднесувам, туку и да го поддржувам, можеби и да го тешам...Токму на овој човек ќе личам за дваесет години... И ќе треба да ја понесам неговата приказна, да се надоврзам на неговите спомени... Јас, Орест, никогаш нема да се извлечам од ова! (Yourcenar, *Théâtre II* 74)

Во перспектива на една таква иднина која не му се допаѓа, Орест решава да го убие татко си, и им се придружува во бегството на Електра и Пилад. Ова што го прави Орест е всушност двојно убиство. Од една страна тој симболично го убива Агамемнон како *Имаѓинарен ѓаѓко* чие наследство натежнува врз плеќите на Наследникот и бара од него, по силата на Законот, да го одмазди; тој ја убива татковската фигура која истовремено ја сака и ја мрази, фигура која е определена од дијалектиката на идентификацијата и агресијата. Од друга страна, Орест починува вистинско убиство на вистинскиот татко Егист. Со овој чин, тој одбива реалниот недостаток низ годините да го пополни со реален објект, бидејќи така повторно би влегол во магичниот круг на ривалството и идентификацијата. Тој се сака себеси конечно слободен. Или можеби само живее во илузија за конечна слобода. Илузија која се потврдува со фактот што

*Трите животи на Антигона* е досега првата и единствена театарска пиеса на словенечкиот филозоф и психоаналитичар Славој Жижек. Во драмата тој уште еднаш ѝ се враќа на една од неговите централни теоретски преокупации: античката трагедија *Антигона* од Софокле. Иако на прв поглед се чини дека пишувањето на *Трите животи на Антигона* може да се земе како уште една алка во синџирот на теоретски делиберации на Жижек, сепак внимателно исчитување на самата драма, во дијалог со неговите претходни дела, покажува нешто сосем поразлично. Имено, наместо континуитет, исчитувањето пронаоѓа пресек кој отвара сосем нова проблематика не само во иманентното исчитување на теоријата на Жижек, туку и во размислувањето за античката драма воопшто. Токму овој пресек и неговите специфичности – од теоретска и од уметничка точка – се предмет на овој труд.

Во првиот дел од трудот накратко ќе го скицираме и ќе го образложиме местото на Антигона во претходните теоретски книги и есеи на Жижек. Покажуваме дека за Жижек, следејќи ги размислувањата на Жак Лакан, ликот на тебанската принцеза, а не самата трагедија, е тоа што со години го окупирало неговиот интерес. Имено, специфичните квалитети на Антигона („нејзината неиздржлива полнотија“, како што вели Лакан) ѝ даваат привилегирано место во опусот на Жижек како пример за „етички акт“ – делување што создава нешто ново и непредвидено во просторот на етичката и политичката стварност. Ова поимање на Антигона како херој на драмата е оската околу која го организираме остатокот на аргументот.

Во *Трите животи на Антигона,* Жижек прави пресек со ова поимање на драмата. Имено, во неговата драма тој се обидува да артикулира една нова „постмодерна Антигона“, која на поразличен начин би резонирала со современиот читател и гледач. Жижек ја пронаоѓа инспирацијата за ова „постмодерно реосмислување“ на Антигона во делата на Сорен Кјеркегор, кој во еден свој есеј во книгата *Или-или* се обидел да ја пресоздаде грчката трагедија за едно посттрагично, христијанско, модерно време. Во вториот дел од трудот го проследуваме аргументот на Кјеркегор и анализираме како неговите идеи влегуваат во размислувањата на Жижек.

Сепак, пиесата на Жижек ползува една друга драмска теорија и практика: епскиот театар на Бертолт Брехт. Жижек тоа експлицитно го кажува во својот предговор. Затоа, во третиот дел на овој труд ја толкуваме драмата на Жижек во контекст на драмските теории на Бертолт Брехт – употреба на „драмското отуѓување“ (V-ефект), трите алтернативни рас-

плети, жанрот на „поучната драма“ итн. – и ќе покажеме дека тие се од централна важност за конструкцијата на *Трите животи на Антигона* и за видот на пораката што таа идеално треба да ја пренесе.

## 2. „Неиздржлива полнотија“: Антигона, убавината и актот

Не е претерано да се каже дека античката трагедија *Антигона* од Софокле е еден од неколкуте централни текстови во повеќедеценискиот опус на словенечкиот филозоф Славој Жижек. Обемни анализи и коментари на драмата – а особено на посебноста на ликот на Антигона – може да се детектираат уште во неговите рани дела напишани на словенечки јазик, а интересот опстојува се до неговите понови книги, објавени по дваесетите години на XXI век.[1] Драмата *Трите животи на Антигона* не е исклучок од ова правило. Во интерпретативниот есеј *Трчај Антигона, Трчај,* испечатен заедно со драмата, Жижек децидно забележува дека „Антигона… (е) еден од основачките наративи на западната традиција“ (Жижек, *Антигона* 14), притоа мислејќи на богатата традиција на политичкото, општественото и психоаналитичко интерпретирање на постапките на тебанската благородничка. Сепак, од друга страна – а тоа ќе го покажеме во овој труд – *Трите животи на Антигона* претставува јасен пресек во размислувањето на Жижек за фигурата на Антигона.

Во пораните филозофски интерпретации на античката трагедија, Жижек ја поставува Антигона, односно нејзиното однесување, во центарот на својот интерес. Ригидното инсистирање да го погреба својот брат Полиник и покрај наредбите на Креонт, нејзиното „врело срце…за студенила“, „неразумноста“ и напати морбидната желба да умре[2], разнишувањето на родовите улоги *vis-à-vis* политичкиот живот на градот-држава и сопственото место како жена[3], нејзиниот статус како ниту-жива-ни-

[1] Краток преглед на раните занимавања на Жижек со драмата на Софокле, особено во книгите на словенечки јазик, може да се најде во трудот насловен „Прво како Креон, а потоа како Хор: Антигона на Славој Жижек“ од Матиц Коцијанчиќ (Kocijančič 231–245).

[2] Бројни се ваквите искази на Антигона: „За мене смртта, чинам ќе е најарна. / За секој, кој во беди живее, ко јас, / да умре за него ќе биде само спас“ (Софокле 439-441), „За живот се определи – а јас за смрт“ (Софокле 532), „… Ти живееш, но одамна / јас мртва сум, од полза на мртвите“ (Софокле 536-537), „О, гробе, брачна одајо, дом подземе / што вечно чуван си“ (Софокле 849-850) итн.

[3] Најрепрезентативни се, секако зборовите на Исмена: „Па треба и да мислиш дека жени сме, / за борба против мажи сили немаме“ (Софокле 61-62), но и бројните реплики на Креонт: „Не ќе сум јас маж, а таа ќе е маж, / За ова дело ако казна не плати“ (Софокле 461-462) или „Па појди долу и по волја љуби ги / но јас дури жив сум, жена не ќе владее“ (Софокле 501-502).

ту-мртва[4] – секој од овие фактори ја карактеризираат Антигона како една силна и нетипична херојска фигура. Жижек главно ги следи размислувањата на Жак Лакан – во прв ред изложени во семинарот *Етика на психоанализата* – кој вели дека она што го фиксира нашето внимание при читањето на драмата е самата Антигона во „нејзината неиздржлива полнотија“ (Lacan 247-248). За Лакан, Антигона е „стварта“ (*das Ding*), нејзината „убавина“ е нечовечна (или го надминува човечното) и е поврзана со манифестирањето на нагонот за смрт – што кај Лакан добива означувачка (семиотичка), а не биолошка интерпретација[5]. Накратко, нејзиното однесување создава хаос во симболичкиот поредок и токму затоа претставува потентно орудие за размислување за современите етички, политички и егзистенцијални проблеми, какви што се вербата, трансгресијата, љубовта, смртта итн. За Лакан, Антигона „се наоѓа на граничната положба на самиот симболички поредок, на невозможното нулово ниво на симболизација, и затоа го означува смртниот нагон: иако уште е жива, во однос на симболичкиот поредок, таа е мртва, исклучена од социосимболичките координати“ (Жижек, *Антигона* 23).

Следејќи ја оваа линија на размислување, Жижек инсистира дека Антигона е „демонски необична“: со своето бескомпромисно инсистирање на погребот на својот брат и ригидното повикување на „стариот“ закон, таа го попречува доброто владеење на градот: „нејзината безусловна етика ја нарушува хармонијата на полисот и како таква е ‘надвор од човечки граници’“ (Жижек, *Антигона* 21). За Жижек, токму „неразумното“, „безумното“, „ригидното“ и „демонско“ однесување на Антигона прави сериозно изместување во симболичкиот поредок, изместување што тој го определува со поимот „акт“[6]. Во есејот *Меланхолијата и актот* тој пишува дека:

---

[4] „… Кон затворот одам, насипак ко гроб, / кон досега невиден гроб! О, кутра јас! О најкутра јас! / Ни в живи, ни в мртви сум сега“ (Софокле 811-814).

[5] Лакан нуди директна интерпретација на *Антигона* во поглавјето *Есенцијата на трагедијата: коментар на* Антигона *од Софокле*. За убавината на Антигона Лакан вели: „Сепак, таа слика е во центарот на трагедијата, бидејќи е фасцинантната слика на самата Антигона. Многу добро знаеме дека отаде дијалогот, отаде прашањето на семејството и на државата, отаде морализирачките аргументи, самата Антигона е таа што не фасцинира, Антигона во својата неподнослива полнотија. Таа поседува квалитети што истовремено не привлекуваат и не пресекуваат, односно не заплашуваат; оваа ужасна, самоволна жртва не вознемирува“ (Lacan 247-248).

[6] „Актот“ е еден од централните поими на филозофијата на Жижек. Во интерес на просторот и придржување до централната тема на трудот, во овој дел даваме само краток приказ на овој поим. Целосна анализа на значењето и на импликациите на „актот“, особено во контекст на постмодернизмот, може да се прочита во поглавјето насловено *Што е толку страшно околу постмодернизмот*, во монографијата посветена на Жижек од Тони Мејерс (Myers 47-61). Исто така, во есејот *From Homo Sacer to Homo Sucker*

> „...актот не е само гест што го остварува невозможното, туку интервенција во општествената реалност што ги менува самите координати на она што се смета дека е можно; не е едноставно надвор од доброто, туку го редефинира она што се смета за добро“ (Žižek, *Melancholy* 672).

Различните аспекти на однесувањето на Антигона, кои од Исмена, од хорот и од Креонт се окарактеризирани како неразумни и трансгресивни, за Жижек – барем во овој период од неговото размислување – претставуваат *par excellance* етички акт, споредлив со големите откритија во доменот на науката. Преку тоа што Антигона оди наспроти воспоставени норми и што одбива да се „свитка“[7] и да се прилагоди на постојниот поредок, таа чекори во неоткриените предели на можното етичко и политичко однесување. Следствено, по нејзиниот акт, кој ја реконфигурира стварноста, ништо не е исто во етичката и политичка географија на човештвото. Токму тука, во таа манифестација на *novum*, лежи радикалноста на трагедијата на Софокле и „неиздржливоста полнотија“ и нечовечка убавина на Антигона.

## 3. Свеж поглед на еден стар проблем: *Антиīона* за постмодерната епоха

Драмата на Жижек и интерпретативниот есеј што ѝ претходи ни нудат целосно поразлично поимање на ликот и делото на Антигона. Овој пат Жижек не се одлучил единствено за теоретска елаборација на своите идеи, туку и за нивно материјализирање во состав на собитија. Имено, *Трīе живоīи на Антиīона* е драмско реосмислување и прераскажување на античката трагедија – со значителни промени во фабулата и во сижето. Она што е централно за оваа „нова“ Антигона е што таа веќе не е пример за етички акт, туку „дел од проблемот“, проблем кој треба да се реши. Клучот за надминувањето на проблемите што со себе ги носи „старата“ Антигона е повторната адаптација на драмата, процес кој за Жижек подразбира комплетно и бескомпромисно реосмислување, па дури и менување на оригиналот[8]. Потребно е да се создаде една „пост-

Жижек ги повторува аргументите понудени во неговите други дела (Žižek, *Welcome to the Desert of the Real* 83-111).

[7] Во *Трчај, Антиīона, трчај* Жижек се повикува на етимологијата на името на Антигона: „Оваа необична димензија е означена од двозначноста во името ‘Антигона’: тоа може да се толкува како ‘несвитлива’, ‘непопустлива’, што доаѓа од ‘анти’ и ‘гон / гонија’ (ќош, свијок, агол), но и како ‘спротивставена на мајчинство’ или ‘наместо мајка’ од коренот ‘гона’, ‘она што создава’ (‘гонос’, ‘гонија’, како во ‘теогонија’“ (Жижек 21).

[8] За ризикот на секоја модерна адаптација на некое класично или постаро дело Жижек

модердна Антигона“, која ќе понуди поактуелни одговори на прашањата на денешницата.

Насоката за својот проект Жижек ја наоѓа во поимањето на „модерната“ Антигона од страна на Сорен Кјеркегор, во поглавјето „Одразот на античката трагедија во модерната трагедија“, дел од книгата *Или-или* (Kjerkegor 122-145). Кјеркегор е заинтересиран ефектите на античката трагика да ги префрли во модерниот контекст[9]. Знаејќи дека е невозможно *Антӣ го̄на* на Софокле да има исто значење за модерните читатели и гледачи – истото значење што го имала за современиците на Софокле – Кјеркегор се обидува да ја реосмисли античката хероина, притоа земајќи ги предвид суштинските промени што модерноста ги извршила врз институциите на државата, симболичкот систем на Западната култура и субјективитетот на Западниот човек[10]. Имено, подемот на индивидуалноста (тесно поврзана со христијанството) ја има укинато идејата за трагичното, барем така како што го замислувале античките Грци во времето на големите трагедиографи. Како последица на тоа, доколку модерниот автор сака да постигне еднакво силен ефект каков што имала *Антӣ го̄на* за своите современици, тој мора од корен да го смени стариот наратив.

Во верзијата на Кјеркегор – која е раскажана, а не драмски претставена – премисата е иста: Едип ја ослободува Теба од Сфингата. Поради неговата херојска постапка народот го сака и го почитува, а тој се жени со Јокаста. Сè друго е скриено од погледот на останатите, единствено Антигона ја знае тајната за својот татко. Конфликтот на трагедијата веќе не се артикулира преку судирот на Антигона со законот – Креонт е ефективно елиминиран од оваа верзија – туку на Антигона самата со себе:

---

забележува: „Нема однапред одреден апстрактен критериум што ќе ни дозволи да судиме дали тоа ќе биде успешно или неуспешно: секоја таква интервенција е ризичен потег на кој мора да му се суди според неговите иманентни стандарди… Само едно нешто е сигурно: единствениот начин да му се биде верен на едно класично дело е да се преземе таков ризик – избегнувањето на тој ризик, држењето до традиционалното писмо, е најсигурниот начин да се изневери духот на класикот“ (Жижек 13).

[9] Кјеркегор јасно ја изложува својата цел: „она што сега треба да биде содржината на ова мало испитување не е толку односот помеѓу античкото и модерното трагично, туку пред се обид да се покаже како специфичностите на античката трагика може да се вклучат во модерната трагика, така што вистинското трагично навистина таму би се појавило (Kjerkegor 123). Тој е дециден дека античката (старогрчката трагедија) не може да биде целосно сфатена – да ја има истата смисла – од модерниот човек. Во старата трагедија, потенцира тој, тагата е подлабока зашто вината има естетска двосмисленост; во новата, пак, болката е поголема (Kjerkegor 130).

[10] „Нашето време ги има изгубени сите супстанцијални одредувања на семејството, државата и родот; тоа мора поединечната индивидуа да ја препушти сама на себе, така што таа станува, во строга смисла на зборот, свој сопствен творец; нејзината кривица е така грев, нејзината болка каење; но со ова трагичното е тргнато“ (Kjerkegor 131).

„Нејзиниот живот не се одвива како животот на грчката Антигона, тој не е свртен кон надворешноста, туку кон внатрешноста, сцената не е надвор, туку внатре, тоа е сцената на духот“ (Kjerkegor 138). Откако Едип починува, таа останува сама со својата тајна, тајна која истовремено ѝ причинува тага и ја исполнува со гордост. За разлика од Антигона на Софокле, која делува и го погребува својот брат, „модерната“ Антигона не може да делува, таа е заробена од својата тајна, која не може да ја сподели[11]. Но таа се вљубува, а нејзината изолација станува уште поинтензивна, бидејќи е ставена во средина помеѓу љубовта кон својот мртов татко (минатото) и приврзаноста кон младиот љубовник (иднината). На крајот, заклучува Кјеркегор, нејзината тајна е како стрелата на Епаминонд; Антигона мора да умре во истиот момент кога тајната ќе биде извлечена од нејзината душа. Само преку вакво коренито реосмислување и прераскажување, смета Кјеркегор, потентноста на стариот наратив може повторно да биде разбудена за модерниот човек.

Веднаш се гледа дека радикалноста во постапката на Кјеркегор е тоа што го инспирира Жижек и тој да се обиде со нешто слично. Кјеркегор не се плаши да направи коренити промени во стариот наратив: не само одново да го конструира составот на собитија, туку и да исфрла ликови и да ја менува нивната мотивација. Но, што точно презема Жижек за да ја реосмисли „Антигона за постмодерното време“, на кој начин тој ја осовременува и ја прави релевантна за современата публика? Тоа што го прави Жижек е во одредена смисла пресекување со долгата традиција на размислување – на која и самиот се приклонувал во делата пред *Трите животи на Антигона* – што ја поставува Антигона и нејзините специфични определби во центарот на интересот на толкувачот или на уметникот. Особено нејзината етика и нејзината убавина, на кои инсистираат и Лакан и Жижек, треба да бидат проблематизирани во новата постановка:

> доколку Кјеркегоровата Антигона е парадигматски модернистичка фигура, треба да се продолжи со мисловниот експеримент и да се замисли постмодерна Антигона, со, се разбира, една сталинистичка особеност: за разлика од модернистичката, таа треба да се најде во положба во која, да го цитираме самиот Кјеркегор, самото етич-

[11] „Таа е во безизлезна положба“, пишува Жижек, „затоа што не може да го сподели тоа проколнато знаење (како Авраам, кој, исто така, не можеше да зборува со други за барањето на Бог да го жртвува неговиот син): не може да се пожали, да ги сподели својата болка и тага со другите… Овој неподнослив товар на нејзината тајна, на нејзината деструктивна агалма, на крајот ја доведува до смрт во која само таа може да го пронајде мирот што инаку се добива со симболизирање / споделување на сопствената болка и тага“ (Жижек, *Антигона* 14).

> ко ќе биде искушение… Така, Антигона, би била потполно лишена од својата возвишена убавина“ (Жижек, *Антигона* 15-16).

Со други зборови, токму оние квалитети што во претходните интерпретации на Жижек ја прават Антигона парадигматична фигура за артикулирање на етичкиот акт, во новата верзија стануваат важна пречка за нејзината релеватност во постмодерната епоха. Токму нејзината најсилна страна – тоа што во претходните толкувања на Жижек ја прават репрезентативна етичка фигура – е изворот на проблемот што треба да се реши. Во одредена смисла, Антигона мора да биде децентрирана од сопствената приказна, лишена од контекстот што ја прави толку исклучителна. Ова лишување на Антигона од нејзината убавина и етичка исклучителност (од нејзиниот капацитет за остварување на етички акти) е остварено преку низа интервенции во фабулата и во сижето на оригиналната приказна. Но, за остварување на вакво нешто потребно е радикално реосмислување не само на формата, туку и на содржината – нешто што суштински не може да се одвои.

## 4. По стапките на Бертолт Брехт

Доколку главната водилка на Жижек за замислувањето на Антигона за постмодерната епоха е Кјеркегор, тогаш директната инспирација за конструирање на драмскиот текст е Бертолт Брехт (и филмовите на Кешловски и Тиквер). На крајот на предговорот можеме јасно да прочитаме:

> Софоклеовата Антигона овде е прераскажана во стилот на трите поучни драми на Брехт (Човекот што вели „да“, Човекот што вели „не“, Човекот што вели „да“ 2: во клучниот, одлучувачки момент, нештата заземаат три различни правци – постапка што подоцна е искористена во два филма, *Веројатен случај* на Кшиштов Кешловски и *Трчај, Лола, трчај* на Том Тиквер. Мојата претпоставка е дека таквата постановка пред нас поставува вистинска Антигона за нашето време, немилосрдно пренебрегнувајќи ги нашето сочувство и сомилост за јунакињата на драмата, правејќи ја дел од проблемот и предложувајќи излез што не потресува нас луѓето во хуманитарното самозадоволство (Жижек, *Антигона* 25).

Во овој подолг извадок, Жижек експлицитно се позиционира внатре во традицијата на „епскиот (дијалектички) театар“ на Брехт: референците на „поучните драми“, трите алтернативни расплети (иако примерите се земени од филмови) и пренебрегнувањето на сочувството на публиката се јасен показател за тоа. Но, тие не се единствени. Драмската

адаптација на Жижек е целосно остварена во духот на теоријата и на праксата на епскиот театар. Во овој дел од трудот ќе ги детектираме и ќе ги анализираме централните зајмувања на Жижек од драмската поетика на Брехт и ќе покажеме како се ставени во функција на осмислување на една нова Антигона за постмодерното време.

### 4.1. Еден изместен поглед: драмското „отуѓување“ (*V-Effekt*) во *Трите животи на Антигона*

Имено, првата работа што мора да се потенцира е дека драмата е скратена и концентрирана: фокусот е поставен исклучиво на една сцена – соочувањето помеѓу Антигона и Креонт и нивната кавга за погребувањето на Полиник. Она што е клучно за адаптацијата на Жижек е што во моментот на кулминација, драмата се разделува во три алтернативни расплети, односно си поигрува со тоа што Френк Кермоуд го нарекува „чувството за крај (*the sense of an ending*)“ (Kermode, *The Sense*). Уште на отворањето на драмата, хороводецот нè известува дека иако немаме начин како да го поправиме тоа што било скршено (трагедијата на Антигона, смртта на Хајмон, самоубиството на Евридика итн.), сепак можеме да направиме нешто друго: „да го раскажеме / животот на јунакот за, во мигот на исчекување, / кога бозите ќе го фрлат својот зар, да ги прикажеме сите можни фрлања на зарот“ (Жижек 29). Така, во првиот расплет на драмата, задржана е оригиналната замисла на Софокле, Антигона е погубена, а хорот ја фали бескомромисноста на етиката на Антигона. Во вториот можен крај, Антигона успева да го убеди Креонт, Полиник е погребан според сите закони, а хорот на крајот изложува пофалба на политичкиот прагматизам, во духот на Брехт (со други зборови, зачуван е *status quo* во градот-држава). Во третата верзија, пак, хорот ја презема власта, прогласува народна република, ги апси, ги суди и ги погубува Антигона и Креонт. Што се постигнува со ова? Повторно главниот извор на информации ни е хороводецот: „Така, / добиваме многу приказни наредно, една на друга, / и, иако не образуваат едно складно Цело, / тие пред нас ставаат целосна слика. / Од тоа учиме како работите можеле да заземат / многу подобар правец, но напати и како / она што ни се чинело како лош правец било среќа во несреќа, / зашто другите правци би биле многу полоши“ (Жижек 29). Со други зборови, целта на поставувањето на алтернативните разврски пред публиката (или читателите) е суштински поучна, педагошка. Но, за таа педагогија подетално ќе зборуваме на крајот од нашата анализа.

Клучната одредница на епскиот театар, според Валтер Бењамин е ставот дека она што е претставено пред публиката „може да се случи на овој начин, но исто така може да се случи и на сосем поразличен начин“

(Benjamin XII). Со други зборови, можноста за алтернативна разврска е секогаш присутна во театарот на Брехт, без разлика дали станува збор за неговите „поучни драми“ или, пак, за неговата регуларна драматургија[12]. Ова поигрување со *чувството за крај* е неразделно поврзано со примената на ефектот на драмско отуѓување или V-ефектот – постапка што има за цел да го очуди наративот, да ги разголи драмските постапки и да му пријде на проблемот од неочекувана и свежа гледна точка. „Случувањата треба, значи, да му се дадат на гледачот пред се во нивната… необичност. Тоа е потребно за да бидат преставени од нивната совладлива страна, така што од познати би станале спознаени“ (Breht, *Dijalektika* 64), пишува Брехт во еден од своите програмски текстови. Значи, ако се изразиме со зборовите на уште еден брехтовец, Ролан Барт, приказната и проблемите што таа ги носи, треба да биде трансформирана од „Природа во Историја“ (Barthes, *Mythologies*). Променливоста и варијабилноста на настаните кои се историски определени треба да ја скршат лажната непроменливост на конвенциите кои се скамениле во природа.

Не е тешко да се забележи дека „проблемот“ за Брехт – каква што е Антигона за Жижек – е секогаш истовремено драмски и политички проблем. Скаменетите конвенции (природата) се истовремено присутни и во театарот и во општеството: само преку отуѓување на драмските конвенции арбитрарноста (историчноста) на „стварноста“ ќе стане видлива. Она што треба да произлезе од употребата на драмското отуѓување е размрдување на публиката од нивната дремливост, згаснувањето на нивното чувство на соживување и драмски патос[13], како и будењето на

[12] Стенли Мичел подлабоко го елаборира овој проблем во предговорот на текстовите на Валтер Бењамин посветени на Брехт: „Можноста историјата да била поинаква ќе инспирира tua res agitur во главите на денешните гледачи: историјата сега може да биде поинаква; стварта е во ваши раце, иако средствата со кои располагате се мали, а квалитетите што се бараат од вас се можеби недраматични и неромантични. Оттука, при повторно освојување на минатото, епскиот драматург ‘ќе се стреми не да ги нагласи големите одлуки што се наоѓаат на главната линија на историјата, туку она што е неспоредливото и сингуларното’“ (Mitchell XII). Уште едно дообјаснување дава и Рејмонд Вилијамс во *Модерна трагедија*: „Во повеќето модерни драми, најдобриот заклучок е следниот: да, вака се случи. Само понекогаш драмата оди понатаму, радувајќи му се на препознавањето: да, вака е. Брехт, во најдобар случај, посегнува и ја допира неопходната следна фаза: да, вака е, од овие причини, но дејството постојано се повторува, а може да биде и поинаку (Williams 202).

[13] Според Брехт, не треба да се критикуваат емоциите по себе, туку онака како што се артикулирани во аристотелијанската драматика. Со други зборови, станува збор за превреднување на местото на емоциите во театарот, од гледна точка на марксистичката филозофија: „Емоциите секогаш имаат целосно одредена класна подлога; обликот во којшто тие настапуваат е секогаш историски, специфичен, ограничен и одреден. Емоциите никако не се општочовечки и вонвременски“ (Breht 62).

нивната критичка свест. Кога Жижек потенцира дека неговата Антигона треба немилосрдно да го пренебрегне нашето сочувство, ова тврдење е комплетно во дослух со премиси на драмската поетика на Брехт, што во многу наврати самиот ја ословува како „не-аристотеловска“. Во еден познат извадок од есејот *Забавен или дидактички театар?* Брехт шематизирано ја сумира разликата помеѓу гледачот на драмскиот и гледачот на епскиот театар:

> Гледачот на драмскиот театар вели: Да, тоа јас веќе сум го осеќал. – таков сум јас – Тоа е природно. – Тоа секогаш ќе биде така. – Ме потресуваат страдањата на овој човек за кого знам дека нема излез. – Тоа е голема уметност: тука се е по себе разбирливо. – Плачам со расплаканиот, се смеам со насмеаниот.
> Гледачот на епскиот театар вели: Тоа никогаш не би го помислил. – така не смее да се прави. – Тоа е многу воочливо, речиси неверојатно. – Тоа мора да престане. – Ме потресуваат страдањата на овој човек зашто за него сепак имаше излез. – Тоа е голема уметност: тука ништо не е разбирливо само по себе. – Му се смеам на расплаканиот, плачам заради насмеаниот (Breht 70).

Нудење на три алтернативни расплети не е единствената алатка на драмско отуѓување што Жижек ја употребува во оваа драма. Очудувањето на самиот јазик на кој зборуваат ликовите во драмата е уште подиректна примена на V-ефектот. Имено, јазикот е амалгам од англискиот превод на оригиналната старогрчка драма, извадоци од *Електра* на Еврипид, *Феноменологија на духот* на Хегел и низа други текстови, без разлика дали се драмски, филмски или филозофски. На тој начин, се прави директна интервенција во начинот на кој читателот или гледачот го восприема драмското дејство – најважно од сè, се воспоставува дистанца помеѓу гледачот и однесувањето на Антигона. Една варијанта на јазичното отуѓување – но со уште поинтересни импликации – е намерната употреба на анахронизми, со што јасно ни се става до знаење дека не гледаме верна адаптација на старогрчкиот класик. Хорот, на пример, во одредени моменти од втората варијанта на расплетот зборува за Евреите и Јом Кипур – и критички рефлектира врз својата култура (Жижек 54); во друг наврат истиот тој хор, зборува со јазикот на јакобинците за време на Француската револуција (Жижек 56); во трет наврат, пак, Антигона – во директна референца на Џудит Батлер – зборува со јазикот на човековите права и во име на оние без глас[14]. Генералната промена на функ-

[14] Антигона вели: „Зошто? Зар не гледате / дека на ваша страна сум? Барајќи законит погреб за Полинејк, / јас глас им давав на сите оние што беа исклучени, / без глас оставени, што живот в сенка водеа / по рабовите на нашиот град држава“ (Жижек 59).

цијата на хорот е можеби најистурениот анахронизам во *Трите животи на Антигона*. Во драмата на Жижек, наспроти на оној на Софокле, хорот истапува од задниот план, ја презема иницијативата – особено во третиот расплет – и делува како маса на пролетери или револуционери.

Како V-ефектот директно се рефлектира врз етиката и возвишената убавина на Антигона? Втората разврска е можеби најилустративна за свртувањето во мислата на Жижек. По првиот расплет кој ја следи конструкцијата на Софокле, ликовите се разместуваат на сцената и најавено ни е дека се враќаме „во еден претходен момент“ (Жижек 53). Креонт ја менува одлуката и заедно со слугите тргнува да ја ослободи Антигона, каде што ја наоѓаат прегрната со Хајмон. Сепак, оваа промена во одлуката на Креонт повлекува со себе непредвидени последици:

> Со Креонт на чело, тројцата појдоа / таму кајшто телото Полинејково / оставено беше ко плен за птичишта / и по закон погреб извршија. Но, / оние што тоа го видоа глас низ град / рашириja, та толпата што Полинејк / го сметаше за предавник, на град свој напаѓач, / се потресе, разјарости. Вивнаа страсти, / толпата влезе в дворец, sверски г'искасапи / Креонт и Хајмон и, немоќна да ја скроти / својата демонска страст, тргна в лов убиствен / и уништувачки. Сега Теба гори (Жижек 53).

Во оваа разврска Антигона не може да разбере како (барем за нејзините очи) благородно однесување може да доведе до вакви последици. Таа ја има загубено својата нечовечна сигурност; збунета, „зашеметена и налудничава поминува во транс низ урнатините“ на Теба, која гори и се соочува со хорот. „Се залагав за правда само, по секоја цена. / Како може ова погрешно да биде?“ (Жижек 54), го прашува хорот, а групата тебанци ѝ оддржуваат 'лекција' за природата на моќта и благодатот на поредокот што таа го нарушила, ригидно придржувајќи се до својата идеја за правдата. Тие ја славаат мудроста, мерата и попустливоста – оправдувајќи ги овие категории со изговорот дека никогаш не можеме да знаеме што ќе ни донесе иднината. Дури и највозвишените идеали, потенцира хорот, може да донесат уште поголема неправда. Во овој мо-

---

Тука Жижек прави објект-говор од влијателната интерпретацијата на Џудит Батлер која ја толкува Антигона како претставник на „оние релации чијшто легитимитет е одбиен, или пак кои изискуваат нови услови на легитимација, коишто се ниту мртви ниту живи, коишто го фигурираат нечовечното на граница со човечното“ (Butler 79). Жижек во предговорот експлицитно ни кажува дека „… човек не треба да му оделее на спротивното искушение да ја толкува како протомодерна јунакиња, која се бори за еманципација и зборува за сите оние што се исклучени од јавноста, сите оние чиишто гласови не се слушаат“ (Жижек 22).

мент Жижек прави уште еден интертекстуален анахронизам и ја пренапишува Антигона со јазикот на Пол Клодел и неговата Сињ де Куфонтен (централниот лик во драмата *Заложничка*)[15]: „Антигона стои занемена и неподвижна, само со напат, одбивен грч на лицето“ (Жижек 55). Соочена со страдањето што го предизвикала, таа повторно го враќа времето. Така, Жижек, во неколку страници и ја одзема и етичката привилегија на Антигона – последиците на актот се покажуваат како полоши од тоа што им претходело – и нејзината возвишена убавина, сигнализирана преку збунетоста и грчевите на лицето.

### 4.2. „Итрината“ на Жижек: *Трите животи на Антигона* како „поучна драма“

Во предговорот на драмата, Жижек децидно забележува дека *Трите животи на Антигона* „нема претензии да биде уметничко дело, туку етичко-политичка вежба“ (Жижек 26). Овој исказ не е само покажување на ‘лажна скромност’ од страна на авторот, туку уште еден сигнал на приклонување кон традицијата на Брехт. Имено, искажувањето на Жижек треба да се чита во согласност со неговиот претходен коментар дека „Софоклеовата Антигона овде е прераскажана во стилот на трите поучни драми на Брехт (*Човекот што вели „да“, Човекот што вели „не“, Човекот што вели „да“ 2*)“ (Жижек, *Антигона* 25). Според Фредерик Џејмисон, поучните драми (*Lehrstucke*) – главно напишани во првата половина на 30-тите години на XX век – се можеби најекспериментални дела во опусот на Брехт. Тие ги носат до крајна граница претпоставките на епскиот театар и на не-аристотелијанската драматика. Во поучните драми разликата помеѓу публиката и глумците комплетно се брише – идеално, тие постојано би требало да ротираат. Во крајна линија, дури и авторот ја губи својата привилегирана улога, бидејќи делото треба постојано да се реосмислува и одново да се создава, како последица на дискусиите што настануваат на пробите на изведбата (Jameson 60-65).

Со други зборови, поучните драми на Брехт се обидуваат да излезат надвор од „фетишот на делото“, кое е неодделиво поврзано со „безинтересниот“ естетски поглед, поглед кој го изолира делото од неговиот непосредно општествен и политички контекст. Не е воопшто случајно што

[15] Во *Трчај, Антигона, трчај*, Жижек ја елаборира оваа врска помеѓу ликот на Софокле и ликот на Клодел: „Така, Антгиона би била потполно лишена од својата возвишена убавина – единственото нешто што ќе означува дека таа не е само чиста предавничка на својот татко, туку дека тоа што направила го направила од љубов кон него, би бил само еден одвај забележлив одбивен грч, како хистеричното искривување на устата на Сињ де Куфонтен на Клодел, грч што веќе не му припаѓа на лицето: тоа е гримаса чија упорност го растура единството на лицето“ (Жижек 16).

покрај фетишот на делото, поучните драми го заобиколуваат и фетишот на „творецот“: имено, двата вида на фетишистичко консекрирање, според Пјер Бурдје, се дел од системот на релации што ја градат автономијата на полето на книжевноста (Bourdieu, *The Rules of Art*). Очигледно, како и речиси целиот опус на Брехт, поучните драми имаат директна дидактичка примена – тие треба да ја стават во преден план педагошката и ангажираната компонента (бидувањето на критичката свест), а да ја потиснат „безинтересната“ естетска компонента. „За Брехт… тие носат интимно разјаснување на неговата основна драматуршка тема – нужноста да се промени светот“, пишува Дарко Сувин и додава дека поучните драми лежат во основата на секој „револуционерен агитпроп театар“ (Suvin 63-64).

Дидактичката цел на *Трите животи на Антигона* не е потенцирана само во предговорот – кога Жижек ја ословува како „етичко-политичка вежба“, туку и во самиот текст, во репликите на хорот на крајот на драмата. По третата разрешница, онаа што ги тргнува и Антигона и Креонт од власта, а прогласува „народно владеење“, хорот го поучува гледачот (или читателот) дека: „право е само / луѓето да владеат заедно. На тој начин, / се испитуваат и спречуваат демонските изблици / што може да доведат до гибел. Дури и да нема бози / што ќе им помагаат, таквите рамноправни луѓе / ги поврзува свет дух, врска од судба посилна, / врска што може да им пркоси на сите земни сили / и можеби и на некои божји“ (Жижек 63).

Имено, духот на овој исказ е комплетно во традицијата на брехтовската драматика: луѓето можат да ја променат нивната општествена и егзистенцијална положба, но мора да работат заедно. Пораката на Жижек е повеќе од јасна, а *Трите животи на Антигона* се покажува како поучна драма во најексплицитна смисла на зборот. На моменти постапките на Жижек и неговото „грубо“ реосмислување на драмата и директно пренесување на пораката може да се чинат „вулгарни“. Тука, повторно, се соочуваме со уште едно надоврзување на „методот на Брехт“, како што го ословува Џејмисон: имено, станува збор за неговото практикување на „вулгарен марксизам“, неговата озлогласена „прагматичност“, „итрина“ или „грубо размислување“ (*Plumpes Denken*). Генерално земено, секој од овие поими се однесува на специфичниот начин на кој функционира брехтовиот метод, односно неговиот пристап кон проблемите што го интересираат. Според Џејмисон, станува збор за низа постапки што може да се пронајдат низ драмите на Брехт: „инверзијата на хиерархиите во еден проблем, големите премиси кои преминуваат во мали, апсолутно кон релативно, форма кон содржина и *vice versa* – станува збор за операции преку кои дилемата за која се зборува е испревртена, а тоа отвора

пат кон една неочекувана и непредвидлива линија на напад, кој води ниту кон ќорсокакот на нерешливост, ниту пак кон баналноста на стереотипичната *doxa*“ (Jameson 25). На овој начин, додава Џејмисон, „проблемот се претвора во решение, со тоа што на работата и се приоѓа одново, а проектилот се испраќа во нов и попродуктивен правец од ќорсокакот во којшто бил имобилизиран“ (Jameson 24).

Овие забелешки на Џејмисон се целосно апликативни за методот на Жижек и неговата Антигона. *Трите животи на Антигона* може да се опише и како вулгарна и како итра и како прагматична – смислата тие ја добиваат во парадигмата на Брехт. Некои од критичарите на драмата се концентрираат исклучиво на вулгарноста во потесна смисла на зборот (како „вулгаризација“ на Антигона), притоа несовесно запоставувајќи го брехтовото поимање на ваквата пракса[16]. Сепак, постапката на трите алтернативни расплети е навистина едно вулгарно и итро решение, сфатено во поширока смисла на зборот. Од една страна, Антигона ја губи битката со Креонт и правдата – барем од гледната точка на Антигона, таа останува незадоволена. Од друга страна, Антигона победува, нејзиниот акт се чини дека е успешен, но тоа води кон хаос, насилство и уништување во градот-држава. На прв поглед, се чини како да сме во ќорсокак и како излезот од оваа апорија на двете спротивставени волји да е невозможен. Кога вака ќе се постават работите, третиот крај се покажува како директно, вулгарно, но итро пресекување на гордиевиот јазол на тебанската апорија.

Имено, Жижек се користи со еден интересен факт за драмата, факт кој го привлекол вниманието и на други теоретичари што се занимавале со *Антигона* (а кои не се приклонуваат кон марксистичката гледна точка), на пример Џорџ Штајнер и Марта Нусбаум (Nussbaum 51-81). Џорџ Штајнер забележува дека „и Креонт и Антигона се автономисти, човечки битија што ги чуваат законите како да се нивни. Нивните искажувања за правдата се, во дадениот локален случај, непомирливи. Но, во нивната опсесија со законот, тие се многу блиску до тоа да бидат огледални слики“ (Steiner 184-185). Жижек, особено во третиот расплет, исто така ги става Антигона и Креонт под еден заеднички именител, но тој оди уште подлабоко (или поплитко): наместо за етиката на двата лика (главниот интерес на Штајнер и на Нусбаум), тој зборува за нивната класа, за нивната позиција на моќ и нивното антагонистичко сојузништво што го заробува законот на градот во една непродуктивна апорија. Во

[16] Два такви примери може да се погледнат во текстовите „Прво како Креон, а потоа како Хор: Антигона на Славој Жижек“ од Матиц Коцијанчиќ (Kocijančič 231–245) и „Антигона – како се осмелувате?“ од Светлана Слапшак.

моментот кога Креонт мисли дека хорот (народот) ќе застане на страна на Антигона, хорот му одговара:

> Не, туку уште полошо е за вас. Сега истапуваме / против објацата вас што, со сударот неодговорен, / сите нè држите заложници и го загрозувате опстанокот / на целиот град. Ти не си веќе за да владееш, / па власт ние ќе превземеме како заедничко тело / и ќе воведеме ново владеење на правото, одлучувајќи заедно. / Еве ја првата наша одлука: Креонт веќе не е цар, / симнат е од престолот, и Креонт и Антигона / се ставаат под стража, а ние прогласуваме / за суд граѓански што брзо правда ќе изрече. (Жижек 56).

Особено е потентна лапидарната дискусија на хорот со Антигона:

> Антигона: храбра сум“ / Хорот: Против кого? / Антигона: не ја земам во обзир личната полза. / Хорот: А, чија полза, тогаш, ја земаш? / Антигона: На живите и на мртвите. / Хорот: Но, како тоа што мислиш на мртвите, / им помага или им одмага на живите? Почуј не, тогаш: / знаеме дека си ни непријателка, и тоа уште поопасна / од твојот вујко (Жижек 60-61).

На овој начин бинарната спротивност на Антигона и на Креонт што го имобилизира проблемот е надмината со воведување на трет, активен член, хорот. Гледано во потесна смисла, оваа постапка го вулгаризира античкиот извор – нешто што и самиот Брехт не се осмелил да го направи во својата адаптација на *Антиīона* – и драматично го поедноставува конфликтот во трагедијата. Но, сфатено во поширока смисла, од гледна точка на вулгарниот марксизам и прагматизмот на Брехт, постапката на Жижек се покажува во поразлично светло – како итро решение, кое носи нешто навистина ново во вековната дискусија што ауретично го опкружува конфликтот помеѓу Антигона и Креонт. Имено, грубоста на Жижек – ако си дозволиме една подалечна паралела – потсетува на еден од подвизите на Пантагруел, раскажана во втората книга од романот на Рабле. За да реши еден спор помеѓу двајцата благородници, џинот наредува да се запалат вековните схоластички коментари на законите и ја донесува пресудата во директна дискусија со спротивставените странки (Рабле 213-216).

Поучните драми на Брехт – како во случајот со *Преземени мерки* (*Die Maßnahme*, 1930) и *Мајката* (*Die Mutter*, 1930-31) – често непосредно рефлектирале на некој современ проблем, без разлика дали станувало збор за моќта на комунистичката партија или за врската помеѓу личните чувства во семејството и политичката акција. Дури и од оваа гледна

точка, *Трите животи на Антигона* се покажува како примерна поучна драма. Имено, доколку само малку се прошири контекстот, можеме да забележиме дека пиесата е издадена во иста година со уште една книга на Жижек – збирката есеи *Против двојната уцена: бегалци, терор и други проблеми со соседите*. Структурно гледано, двете книги се занимаваат со иста проблематика: проблемот на изборот помеѓу две, на прв поглед, непремостливи решенија.

Една од „двојните уцени“ пред кои се поставени граѓаните се однесува на статусот на бегалците (конкретно Жижек се осврнува на бегалците од Сирија и од Северна Африка) во современиот свет:

> Се појавуваат два главни одговори, две верзии на идеолошка уцена, кои не прават непоправливи виновни. Левите либерали, изразувајќи го својот гнев поради тоа што Европа дозволува илјадници да се удават во Медитеранот, сметаат дека Европа треба да покаже солидарност и широко да ги отвори вратите. Антимигрантските популисти, од друга страна, тврдат дека треба да го заштитиме нашиот начин на живот, да го подигнеме мостот и да ги оставиме Африканците или Арапите сами да ги решаваат своите проблеми. И двете решенија се лоши, но што е полошо? Да го парафразирам Сталин, и двете се полоши (Žižek*, Against the Double* 7).

Без разлика што темата е различна и што јазикот е прозен и филозофски, ние како читатели се наоѓаме во структурно идентична ситуација како во алтернативата помеѓу барањето на Антигона и на Креонт. Жижек го гради аргументот на тој начин што двете алтернативи неопходно водат кон интерпретативен јазол, кон една идеолошка и интелектуална апорија. Така, одговорот на оваа бинарна спротивност мора да се бара надвор од двата члена – во овој случај „левите либерали“ и „антиимигрантските популисти“:

> Во однос на бегалците, нашата вистинска цел треба да биде да се обидеме да го реконструираме глобалното општество на таква основа што очајните бегалци повеќе нема да бидат принудени да талкаат наоколу. Колку и да изгледа утопично, ова решение од големи размери е единственото реалистично; а парадирањето на алтруистичките доблести на крајот го спречува остварувањето на оваа цел... Значи, соочени со оваа двојна уцена, се враќаме на големото ленинистичко прашање: што да се прави (Žižek*, Against the Double* 9)?

Она што треба да се прави, од брехтовска гледна точка, е да се воведе хорот. Очигледно е дека иако Жижек направил нова адаптација на дело што е постаро од две илјади и петстотини години, неговиот поглед е вперен кон сегашноста. Може да се каже дека *Трите животи на Антигона* е еден коментар – ангажиран и непосреден коментар – на општествените и политички апории на денешницата. Степенот на апстракција во драмата е секако подлабок, но без разлика дали станува збор за секуларниот прагматизам или религискиот фундаментализам, американската или кинеската верзија на капитализмот – секој од овие конфликти може да се пронајде во навидум непремостливата спротивставеност на Антигона и Креонт. Но, сепак, тоа е само дел од значењето на неговата поучна драма. Прочитана преку визурата на методот на Брехт, таа е повеќе една вежба за размислување што треба да го оспособи идниот гледач или читател да ја перципира стварноста околу него или неа со поголема итрина, итрина што ќе дозволи излез од навидум непремостливите дилеми. Во никој случај не смеат да се потценат последните стихови на хорот во драмата:

> Стигнавме до крајот на Антигонините тажни приказни / — која од нив да се следи треба? / Имаше ли таа право што докрај настојуваше / на почит кон божјите непишани закони? / Имаше ли Креонт право што предвид го држеше / општото добро на градот држава? Или, пак, Хорот имаше право / што од обајцата се ослободи и заедничка власт / воспостави? Прост одговор нема — / ние, актерите, сенки сме само што вам, на нашите гледачи, / трите разидни судби ви ги претставивме. / Ваше да изберете, на сопствена среќа и опасност. / Овде нема кој да ви помогне, сами сте. / Кога сме сами, кога ништо не станува, џагорот / на животот наврапито нè удира, а во тој миг, / мудрите знаат да го надвијат нередот и да одлучат (Жижек 63-64).

И покрај тоа што е видливо дека Жижек го фаворизира третиот расплет на настаните, тој не е конечното видување на судирот помеѓу Антигона и Креонт. Одлучувачки се стиховите „Ваше да изберете, на сопствена среќа и опасност. / Овде нема кој да ви помогне, сами сте.“ Кога ќе се земат предвид овие стихови, конечната цел на драмата е будењето на критичката свест кај реципиентот, кој испровоциран и разбуден од драмата, треба мудро да одлучи како да се постави во однос на заплетканите лавиринти и коридори на современиот свет. Таму каде што другите би останале заробени во интелектуални и идеолошки ќорсокаци, тој би ја барал пукнатината во ѕидот која потенцијално би можела да се претвори во нов пат.

## 5. Заклучок

*Трите животи на Антигона* претставува дефинитивен пресек во размислувањето на Жижек. Од својата привилегирана позиција како пример на акт и бескомпромисно трагање по новото во полињата на етиката и политиката, Антигона е спуштена од својот пиедестал и назначена како „дел од проблемот“. Дури и анализирањето исклучиво на ова свртување во мислата на Жижек може да се смета за релевантен објект на едно истражување. Но, единствената пиеса на Жижек нуди многу повеќе.

Преку примерот на прозното и есеистичко реосмислување на митот за Антигона во едно модерно, „нетрагично време“, надополнето со развиената пракса на драмското отуѓување и формата на „поучните драми“ од драматиката на Бертолт Брехт, Жижек дава ново и свежо поглавје во приказната за тоа „како легендата за Антигона опстанува во Западната литература, уметност и мисла“, како што гласи долгиот, но суштински прецизен наслов на Џорџ Штајнер.

Избирајќи го модусот на „поучните драми“ и просторот што тие го отвараат за интегрирање на уметничкото и политичкото, Жижек не само што успева да создаде една ангажирана пиеса која директно рефлектира на проблемите и ќорсокаците на современоста, тој успева да создаде едно дело што е „добро за мислење“. Имено, земена во идеална смисла, *Трите животи на Антигона* претставува „етичко-политичка вежба“ во полна смисла на зборот – драмска вежба преку која читателите и гледачите може да испробуваат нови и свежи начини на размислување и на делување во современиот свет.

## Цитирана литература

### На кирилица:

Жижек, Славој. *Антигона*. Штрих, 2024.
Рабле, Франсоа. *Гаргантуа и Пантагруел*. Просвета, 1959.
Софокле. *Драми*. Арс Ламина, 2015.

### На латиница:

Barthes, Roland. *Mythologies*. The Noonday Press, 1957.
Benjamin, Walter. *Understanding Brecht*. Verso, 2003.
Brecht, Bertolt, and Darko Suvin. *Uvod U Brechta*. Školska Knjiga, 1970.
Brecht, Bertolt. *Brecht Collected Plays: 3*. Bloomsbury Publishing, 2004.
Brecht, Bertolt. *Dijalektika U Teatru*. Nolit, 1966.
Butler, Judith. *Antigone's Claim*. Columbia University Press, 2000.
Jameson, Fredric. *Brecht and Method*. Verso, 1998.
Kermode, Frank. *The Sense of an Ending*. Oxford University Press, 2000.
Kjerkegor, Soren. *Ili-Ili*. Grafos, 1989.
Kocijančič, Matic. "First as Creon, Then as Chorus: Slavoj Žižek's Antigone." *Interlitteraria*, vol. 25, no. 1, 2020, pp. 231–45.
Lacan, Jacques. *The Ethics of Psychoanalysis 1959-1960. The Seminar of Jacques Lacan. Book VII*. W.W. Norton & Company, 1992.
Leonard, Miriam. *Athens in Paris*. OUP Oxford, 2005.
Mitchell, Stanley. "Introduction." *Understanding Brecht*, by Walter Benjamin, Verso, 2003, pp. xiii–xxix.
Myers, Tony. *Slavoj Zizek*. Routledge, 2003.
Nussbaum, Martha C. *The Fragility of Goodness Luck and Ethics in Greek Tragedy and Philosophy*. Cambridge Cambridge Univ. Press Cambridge Cambridge Univ. Press, 2001.
Slapšak, Svetlana. "Antigona – Kako Se Usuđujute?" *Peščanik*, May 2021, pescanik.net / antigona-kako-se-usudjujete / . Accessed 3 July 2025.
Steiner, George. *Antigones : How the Antigone Legend Has Endured in Western Literature, Art, and Thought*. Yale University Press, 1996.
Williams, Raymond. *Modern Tragedy*. Chatto and Windus, 1966.
Žižek, Slavoj. "Melancholy and the Act." *Critical Inquiry*, vol. 26, no. 4, July 2000, pp. 657–81, https: / / doi.org / 10.1086 / 448987. Accessed 27 Dec. 2020.
Žižek, Slavoj. *Against the Double Blackmail : Refugees, Terror and Other Troubles with the Neighbours*. Penguin Books, 2016.
Žižek, Slavoj. *Antigone*. Bloomsbury Publishing, 2016.

Žižek, Slavoj. *Welcome to the Desert of the Real! : Five Essays on 11 September and Related Dates*. Verso, 2002.

792.09:821.131.1-2.09
82.091

# Митски реинтерпретации: *Пилад* на Пазолини како социо-политички коментар

**Жарко Иванов**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за македонска литература
ubanob@gmail.com

**Апстракт:** Во 1959 година Пјер Паоло Пазолини ќе направи превод на *Орестӣја* како длабок познавач на драмското творештво на Ајсхил. Реинтерпретирајќи го политичкото значење на грчката драма, Пазолини го користи древниот мит за да ги критикува современите општествени структури и идеологии. Фокусирајќи се на трагедијата *Пилад*, Пазолини се осврнува на темите на моќ, политика и трансформација, како одраз на неговата марксистичка наклонетост и разочарување од современите политички парадигми. Трагедијата *Пилад* станува алегорија за современиот свет, давајќи увид во човековата природа, динамиката на моќта и борбата помеѓу традицијата и напредокот. Преку анализа на креативните стратегии, јазикот и тематскиот фокус на Пазолини, ова излагање ја истражува драмата *Пилад* како безвременски коментар за човечката состојба и општествените промени.

**Клучни зборови:** Пјер Паоло Пазолини, *Пилад*, *Орестӣја*, мит, политика, моќ, социјална трансформација, критика

# Mythical Reinterpretations: Pasolini's Pylades as Sociopolitical Commentary

**Zharko Ivanov**
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Institute of Macedonian Literature
ubanob@gmail.com

**Abstract:** In 1959 Pier Paolo Pasolini, as a profound connoisseur of Aeschylus' dramatic work, makes a translation of Oresteia. Reinterpreting the political meaning of the Greek drama, Pasolini uses ancient myth to criticize modern social structures and ideologies. Focusing on the tragedy Pylades, Pasolini addresses themes of power, politics and transformation, reflecting his Marxist incline and disillusionment with contemporary political paradigms. The tragedy of Pylades becomes an allegory for the modern world, providing insight into human nature, power dynamics, and the struggle between tradition and progress. Through an analysis of Pasolini's creative strategies, language, and thematic focus, this presentation explores the play Pylades as a timeless commentary on the human condition and social change.

**Keywords:** Pier Paolo Pasolini, *Pylades*, *Oresteia*, myth, politics, power, social transformation, criticism

Интересот на Пјер Паоло Пазолини за театарот се развива уште во неговите рани години, особено по неговото преселување во Касарса во 1943 година, каде што како млад учител започнува да го согледува потенцијалот на сцената како педагошки и идеолошки медиум и во 1944 година ќе ја напише својата прва драма, на локален дијалект, *I turcs tal Friùl* (Турци во Фриули), преку која покажува рана наклонетост кон маргинализираниот јазик и културен израз – основна тема што ќе се продлабочува низ целокупната негова кариера. Меѓутоа, клучната пресвртница во развојот на неговата драмска визија се случува во контактот со грчкиот театар „бидејќи тоа е средба со колективен жанр, означен со ритуализам, кој на сцената го изнесува φὸβος фобос / стравот на човекот како дел од човечкиот род.“ (De Liso 697) Потребата да се пренесе овој водечки ритуализам на сцената ќе го натера Пазолини да го пронајде во театарот на Ајсхил, а дури подоцна и во оној на Софокле и Еврипид, неговиот јазик и стил, неговото емотивно ткиво. Можноста да се занимава со грчката трагедија се појавила во 1959 година, кога Виторио Гасман побарал од својот пријател да ја преведе *Орестӣја* на Ајсхил за Италијанската театарска група која имала намера да ја постави во Грчкиот театар во Сиракуза. Во додатокот на преводот на *Орестӣја* Пазолини вели:

> Во суштина, јазикот на Ајсхил, како и секој јазик, е алузивен, но неговата алузивност оди кон расудување кое е сѐ само не митско и по дефиниција поетско, туку многу конкретен и историски проверлив конгломерат на идеи. Значењето на трагедиите на Орест е исклучиво политичко. Клитајмнестра, Агамемнон, Ајгист, Орест, Аполон, Атина, освен што се полни човечки фигури, контрадикторни, богати, моќно дефинирани и моќно недефинирани... се пред сѐ – во смисла која на авторот му е толку драга – симболи или алатки за изразување идеи на сцената, на концепти: накратко, со еден збор , да се изрази она што денес би го нарекле идеологија (Pasolini, *Appendice a "Orestiade",* 1008).

Пазолини ќе ја напише трагедијата *Пилад* откако ќе го заврши преводот, како идеолошко продолжение што го замислува враќањето на Орест во Арг по неговото ослободување од обвинението во Ареопагот за убиството на Клитајмнестра и Ајгист. Во времето на нејзиното објавување, трагедијата нема да добие речиси никаков одек, а самиот Пазолини во Разговорите со Џон Халидеј ќе изјави: „можев да објавам сто празни страници... што го потврдува она што го кажав во *Манифестӣт*, т. е. театарот е мртов затоа што театарските работници немаат никаков интерес за култура.“ (Pasolini, *Conversazioni con Jon Halliday,* 1381)

Пазолини за оваа своја трета драма во писмо до Гарsанти во мај 1966 година, ќе напише дека е „политичко-фантастично продолжение на Орестија“ (Pasolini 614) и ќе ја опише драмата како трагедија во која главните ликови Орест и Пилад се симболи на две револуции на нашето време, мислејќи секако на двете најголеми револуции од 20 век, руската и кинеската. Трагедијата ќе биде објавена во книжевното списание Нуови Аргоменти во 1967 година, пред да биде изведена за прв пат на сцената во 1969 година, во Античкиот театар во Таормина, во режија на Џовани Кутруфели и ќе доживее негативни критики. Пазолини го објаснува значењето на неговата драма во одговорот на критиките од страна на Елио Паљарани во полемиката објавена на страниците на Паезе сера:

> Божицата на либералната демократија, Атена, ги претвора Ерините, божиците на „дивата“ ирационалност, во Евмениди, божици на ирационалноста кои имаат способност да сонуваат и да чувствуваат во рационалниот свет: но овде половина од Евменидите „дегенерира“, и од „мистериозните височини“ се враќа во градот, во самото срце на либералната демократија. Останатите Евмениди остануваат во планините, „инспирирајќи ја“ социјалистичката и партизанска револуција на Пилад. Тука, неочекувано - и надвор од какви било историски обрасци - е Атена. Ова е нова капиталистичка цивилизација. Атена, претскажувајќи ја доверливоста на Орест во врска со суровоста на фашистичката буржоазија и партизанската борба против него, ги повикува верните Евмениди од планините. И тие, како и секогаш, непромислено, ја почитуваат - и стануваат божици на просперитетот, на новата ера на раскош. Пилад, напуштен од нив (а токму овие божици на либералната демократија ја „инспирираа“ неговата социјалистичка револуција) веќе нема никаква поддршка и за него останува само една вистина - ужасот на моќта (Pasolini, *Una lettera di Pasolini*, 1166).

Во драмата на Пазолини, Орест триумфално се враќа во градот Арг, каде што го воспоставува култот на Атена како благодарност за помошта што ја добива од божицата за време на судењето. Атена станува заштитничко божество на градот и му влева, преку политиките усвоени од Орест, длабоко рационалистички и капиталистички отпечаток, кој благодарение на прекумерниот култ на напредок брзо го трансформира лицето на полисот. Додека Орест е целосно посветен на иднината, неговата сестра Електра е цврсто приврзана и одбива да го остави минатото. Дури и Пилад, верниот придружник на Орест, не ја дели слепата опсесија на неговиот пријател со напредокот, со оглед на тоа дека знае дека заборавањето на минатото не само што е невозможно, туку и опасно. Пророштвото на Пилад се покажува како точно и без лекциите научени

од историјата, градот тоне во старите грешки: самите Евмениди повторно се трансформираат во Еринии и се враќаат да го измачуваат градот Арг. Пилад потоа го демаскира проектот на Орест како лажна револуција, имајќи предвид дека промените што тој ги носи се само површни и на кој било начин не го менуваат претходно конституираниот поредок. Но, Орест, заслепен од моќта, ја гледа критиката на Пилад како напад врз неговиот авторитет и сè што му останува на неговиот стар пријател е егзил. Пилад потоа го напушта Арг и тргнува во потрага по својата неостварлива револуција.

Пазолини ги гледа античките митови како огледало на современото општество, каде што борбите за моќ, правда и човечка слабост остануваат нерешени. Во драмата *Пилад*, критиката на Пазолини на современите политички системи е проткаена со неговата реинтерпретација на Орестија на Ајсхил, не за да го слави нејзиното решавање на конфликтот, туку повторно да ја отвори дебатата за општествената трансформација и моралната одговорност. Меѓу драмите во стихови на Пазолини, *Пилад* е една од најактуелните во однос на современите општествено-политички прашања. Преправена како грчки митолошки наратив, драмата ја отсликува траекторијата на Италија по Втората светска војна: колапсот на фашизмот, напливот на оптимизмот во пресрет на ослободувањето и суптилното, но сепак упорно враќање на фашистичките идеали, сега маскирани како корпоративна и консумеристичка култура. Непреченото зацврстување на овој нов поредок зависи од доминацијата на буржоаската идеологија, отелотворена во фигурата на Атена - божица на рационалноста. Во *Пилад*, и Атена и Орест, кој стои како симбол на социјалистичко лидерство обликувано од рационалистичката догма, разбираат дека за нивната визија за реформирана нација да се реализира без отпор, мора да се избрише колективната меморија на населението. Само преку ова систематско заборавање на историското искуство тие можат да ја реконструираат државата на нови идеолошки основи. Овој идеолошки маневар лежи во сржта на апелот на Атена, упатен до граѓаните на Арг преку Орест:

ОРЕСТ

Храброст, пред сè, од вас таа бара.
Нема ништо понеприродно од заборавот:
и сепак, таа сака да заборавите.
А што сака да заборавите?
Минатото наше: но Минатото да умре не може

Затоа... таа ги преобрази
најмрачните и најжестоките од Минатото божества...[1]
(Pasolini, *Pilade,* 365).

Исто како што Атена го отелотворува одвојувањето од традицијата, градот Арг мора да биде отсечен од неговите темелни корени, да се лиши од историската меморија и од каква било способност да ѝ се спротивстави или да се спротивстави на трансформацијата. Загриженоста на Пазолини за чинот на заборавање произлегува од неговата свесност за сопствената политичка наивност. Бришењето на меморијата создава празен простор, кој доминантните системи на моќ, претставени во овој контекст од Атена, брзо го окупираат и го контролираат:

ОРЕСТ

Нејзиното време ниту зора, ниту самрак е:
туку срцето на денот и обожувањето ѝ
не бара во полиња светилишта скрити:
местата нејзини: пазари, плоштади,
банки, училишта, стадиони, пристаништа,
фабрики, попрво се. Младите ја познаваат повеќе од нас.
Во толпите и во светлината
е кај што се појавува таа.
Зошто? Оти родители таа нема.
...
Оти сеќавања таа нема,
за реалност сал знае таа. (Pasolini, *Pilade*, 363-364).

Социополитичкиот пејзаж на Италија во средината на 20 век длабоко го обликува уметничкиот и интелектуалниот поглед на Пазолини. По Втората светска војна, Италија претрпува брза модернизација, економски раст, урбанизација и пад на традиционалните рурални заедници. Овие промени, често славени како *Il miracolo economico italiano* (Италијанско економско чудо), ќе донесат и значителна социјална дислокација и културна хомогенизација. Пазолини, длабоко критичен кон овие трансформации, во нив гледа губење на автентичноста и предавство на богатите рурални традиции на Италија. Неговата критика се проширува и на политичката сфера, особено на Италијанската комунистичка партија, која

[1] Преводот од италијански на македонски јазик на сите стихови од трагедијата *Пилад* на Пазолини во овој текст е на авторот на трудот. Исто така, превод на авторот се и сите цитати од италијански и англиски на македонски јазик.

ја обвинува дека капитулирала пред буржоаските вредности во нејзината потрага по политичка моќ.

Во *Пилад*, оваа критика е вткаена во наративот, додека Пазолини ги поставува под лупа структурите на моќ што ги одржуваат општествените хиерархии. Приказот на владеењето на Орест во трагедијата го одразува разочарувањето на Пазолини и од капиталистичките и од комунистичките системи, кои тој ги гледа како подеднакви соучесници во ерозијата на културните и духовните вредности. Несогласувањето на Пилад, пак, ја отелотворува визијата на Пазолини за алтернативен пат, оној кој се спротивставува на комодификацијата на човечкиот живот и се обидува да го врати чувството за светото. На Пилад, кој често се толкува како одраз на самиот Пазолини, му е јасно дека бришењето на минатото од јавната меморија ја елиминира основата за отпор кон новиот поредок. „Сфаќањето на Пилад за важноста на минатото – `Минатото... е единственото нешто / што вистински го сакаме и знаеме` (314) - е далеку од носталгичен изблик. Напротив, минатото е претворено во идеолошко оружје што може да се сврти против хомологизирачките структури на моќ на сегашниот поредок. Одбивањето на Пилад да заборави претставува спротивставување на поредокот што не може да биде одобрено од структурите на моќ: тој е `различност што предизвикува скандали` (308). Како фигура на опозицијата, Пилад не може да се толерира во sидините на градот и е прогонет во планините“ (Ward 159). Оваа *различноста* со која е опишан главниот протагонист е најавена уште во третата епизода од трагедијата, а во Различниот можеме да препознаеме црти типични за антихеројот на Пазолини. Во овој лик се концентрирани внатрешните тензии, нелагодност и противречности, кои ја дефинираат состојбата на буржоаскиот поединец:

ХОР:

Пилад, покорниот тој,
Тивкиот, дискретниот,
Срамежливиот, Пилад, роден другар да биде,
...
Различност отелотворена тој е,
Дојден в градот да вгнезди
на предавства матрици и нови реалности?
Под прашање да го доведе, поредокот веќе свет,
во кој живееме во знакот на најчистото божество?

СТАРЕЦ:

О, Различен е, да. Но, Различноста негова за нас,
беше како што срцата наши решија
каква Различноста да биде треба.
...
Различност, се разбира. Но Различност вистинска
Е онаа што ние не ја разбираме,
како што една природа друга не разбира.
Различност што скандали предизвикува. (Pasolini, *Pilade*, 383-384)

Историскиот контекст на Пилад, исто така, го истакнува ангажманот на Пазолини со тензиите помеѓу традицијата и модерноста. Како што Италија се оддалечува од своите аграрни корени, Пазолини жали за исчезнувањето на комуналните врски и ритуали кои ги одржуваа нејзините рурални заедници, загуба што се рефлектира во портретирањето на Ериниите во трагедијата, чие нарушувачко присуство ги симболизира примарните енергии и колективните сеќавања што модерното општество се обидува да ги потисне, но не може целосно да ги избрише.

Во повоените години Италија на Пазолини се бори со длабоки општествено-политички промени: се забележува пад на аграрните традиции, се случува индустриската модерност и поларизацијата на политичките идеологии. Овие трансформации ќе го создадат она што Пазолини го опишува како „вакуум на моќ“[2], состојба во која ерозијата на традиционалните вредности не е исполнета со никаква вистинска идеолошка или културна замена. Во овој простор на дезориентација, Пазолини го гледа потенцијалот на митот како алатка за критика на лажните ветувања на модерноста. Преку Пилад и неговата решеност да му пркоси на Орест, да го осквернави авторитетот на Атина и да го прифати сопствениот статус на Различен, на крајот доведува до негово судење, осуда и прогонство. Протеран во планините, каде што се одвива четвртата епизода, тој почнува да се подготвува за конфликт, собирајќи армија од селани, алудирајќи на овој начин (Пазолини) на партизанските борци и наследството на италијанскиот отпор. Таму, Евменидите го претскажуваат неговиот претстоен пад. Во меѓувреме, Орест, зафатен од компулсивната желба за сопственост, карактеристична за капиталистичката опсесија со немилосрдно акумулирање капитал, една од централните критики на Пазолини, се одлучува за компромис за да го заштити своето владеење. За да се спротивстави на заканата од селската војска на Пилад, тој склучува сојуз со својата реакционерна сестра. Така, две суштински спротивставени

[2] Pasolini, P. P. “Il vuoto del potere” ovvero “l’articolo delle lucciole”, Corriere della Sera, 1 febbraio 1975.

реалности, две фракции кои природно треба да останат отуѓени, влегуваат во соработка. Овие преговори го одразуваат остриот коментар на Пазолини за италијанската политика во 1960-тите и 1970-тите, особено неговото цврсто верување во некомпатибилноста меѓу Комунистичката и Демохристијанската партија: „Сепак, компромисот би бил внатре во реалноста, сојуз меѓу две соседни држави или меѓу две држави вгнездени една во друга... Поделбата на земјата на две земји, едната потоната до врат во деградација и дегенерација, другата недопрена и бескомпромисна, не може да биде причина за мир и конструктивност.“ (Pasolini 91)

Ангажманот на Пазолини во грчката трагедија, особено Орестија, му овозможува да навлезе во темелите на западната политичка мисла. Онаму каде што Ајсхил ја завршува својата трилогија со триумфот на рационализираниот правен систем над хаосот на одмаздата, Пазолини ја нарушува оваа резолуција, оспорувајќи ја претпоставката дека современите демократски системи претставуваат вистински напредок. Така, митските основи на Пилад служат како рамка за истражување на тензиите од времето на Пазолини. Ликовите и конфликтите во драмата резонираат со отуѓеноста, експлоатацијата и разочарувањето што Пазолини ги гледаше како ендемични за модерната состојба. Во *Пилад*, Пазолини повторно го замислува митскиот свет на Орестија како место на нерешени конфликти и оспорени идеологии. Оваа преработка го нагласува неговото верување дека митовите не се статични артефакти од минатото, туку живи наративи способни да ја рефлектираат и испрашуваат сегашноста.

Орестија на Ајсхил кулминира со воспоставувањето на Ареопаг, симболизирајќи го триумфот на демократската правда. Сепак, Пазолини ја оспорува оваа разрешница, сугерирајќи дека очигледното помирување на редот и хаосот во наративот на Ајсхил ги маскира подлабоките тензии. Во драмата *Пилад*, главниот лик го критикува новиот поредок воспоставен од Орест, гледајќи го како овековечување на нееднаквоста и доминацијата, а не како вистинска трансформација. Оваа критика е симболична за поширокиот проект на Пазолини за разоткривање на противречностите во модерноста.

Премислувањето на Пазолини за Пилад како централна фигура наместо споредeн лик е радикално отстапување од оригиналниот мит. Традиционално, Пилад служи како лојален придружник на Орест, фигура на непоколеблива поддршка. Во Орестија на Ајсхил неговиот глас ќе се слушне само еднаш, кога Орест, откако ќе го убие љубовникот на мајка си Ајгист, ќе му се обрати на Пилад:

ОРЕСТ

Од исав мајка, Пиладе, да поштедам?

ПИЛАД

Ќе газиш зар заповеди и пророштва
Локсиини од Пит? И цврсти заклетви?
Сал бози гледај душмани да не ти се!

ОРЕСТ

И прав си, мислам. Добро ме советуваш. (Ајсхил, 154-155)

Од епизоден лик, верен придружник и советник на Орест, во прераскажувањето на Пазолини, Пилад станува глас на несогласување, доведувајќи ги во прашање моралните и политичките основи на неговото владеење. Кога Орест ќе го нарече Пилад свој брат, овој ќе се спротивстави:

ПИЛАД:

Со какво име ме довикуваш? Не ти звучи чудно?
Нема реалност, дури и најслатка и највкоренета
во еден живот – толку многу за да се збуниш од неа –
што не е предодредена да остарува.
Вистинскиот повик на секој човек
е да ја следи оваа реалност. (Pasolini, *Pilade*, 387)

Марксистичката филозофија на Пазолини, од друга страна, длабоко ја обликува идеолошката рамка на *Пилад*, внесувајќи го нејзиниот наратив со критика на капитализмот, класната борба и културната хегемонија. Централниот конфликт на драмата меѓу Орест и Пилад го одразува истражувањето на Пазолини за динамиката на моќта, илустрирајќи ги начините на кои авторитетот се консолидира себеси преку маргинализирање на неистомислените гласови. Орест, како владетел, ја отелотворува институционализацијата на моќта и комодификацијата на културата. Неговото владеење претставува општество кое тврди дека го надминало хаосот на одмаздата, но во реалноста е длабоко вкоренето во структурите на доминација. Спротивно на тоа, Пилад ги претставува маргинализираните и обесправените, предизвикувајќи ја легитимноста на системот, кој ја овековечува нееднаквоста под маската на напредокот. И кога Орест инсистира дека Арг е динамичен град, Пилад вели:

ОРЕСТ:

Што е тоа што е неподвижно во Арг?

ПИЛАД:

Кој вели? Напротив, Арг се движи!
Се движи... кон своето Минато.

ОРЕСТ:

Не е вистина... Напротив, ние напредуваме,
во работата, во богатството, во моќта – во мир.
(Pasolini, Pilade, 387)

Трансформацијата на Ерииите во *Пилад* е подеднакво значајна. Во верзијата на Ајсхил, Ерииите се смирени и интегрирани во демократскиот систем, нивниот првичен бес сублимиран во заштитна сила. Спротивно на тоа, Ерииите на Пазолини ги симболизираат силите на отпорот и хаосот што ѝ пркосат на асимилацијата. Овој приказ се усогласува со верувањето на Пазолини дека ниту еден политички или општествен поредок не може целосно да ги содржи анархичните енергии на човечката желба и страдање.

ПИЛАД:

Сите повторно се сретнаа со Ерииите,
во Аргос. Сите освен тебе
и твојот Парламент...
Се движи... кон своето Минато.

ОРЕСТ:

Халуцинации на лудаци и мизерници...

ПИЛАД:
Лудаците и мизерниците не се граѓани твои?

ОРЕСТ:

Но тие не се оние што се важни! (Pasolini, *Pilade*, 387-388)

Марксистичката критика на Пазолини е особено очигледна во неговото прикажување на економските димензии на владеењето на Орест. Консолидацијата на моќта е придружена со комодификација на културните и духовните вредности, како одраз на поширокатa критика на Пазолини на потрошувачкиот капитализам. Несогласувањето на Пилад не е само идеолошко, туку длабоко егзистенцијално. Неговото отфрлање на владеењето на Орест, а со тоа и на Атена, го одразува копнежот за општество кое го надминува материјализмот и ги враќа светите димензии на човечкиот живот. Откако Пилад ќе го напушти градот и ќе ги крене селаните на револуција против Орест, Електра ја зазема страната на нејзиниот брат. Пророштвото на Атена, на овој сојуз меѓу братот и сестрата, му предвидува нова револуција:

ОРЕСТ:

Нова револуција? Нели тоа
Пилад го прави,
Пилад со своите работници и селани?

АТЕНА:

…
Новата револуција, за која зборувам,
ќе се роди овде внатре,
во срцето на овој стар град, кој се плаши од мене,
иако јас, Разумот, сум неговата единствена божица.
...
Ти и Електра ќе бидете иста личност,
вашата ера ќе биде една.
Ера на крв ваша, каква што
никогаш немало во светот. И вие двајца,
двајца криминалци, мртви во тоа море од крв.
(Pasolini, *Pilade*, 417-420)

Атена зазема централна позиција во расплетот на трагедијата: таа го симболизира Разумот и се јавува како единствен вистински победник. Таа ги оркестрира одлуките, ги убедува другите, нуди утеха и го поттикнува Орест да воспостави демократија заснована на рационалност. Таа се залага за современиот свет: рационален, индустриски, управуван од потрошувачите, демократски во форма; дури и бунтовничките сили скриени во планините се привлечени кон нејзината визија, оставајќи го Пилад целосно сам, физички изолиран и симболично поразен.

До шестата епизода, реалноста замислена од Атена почнува да се оликува; Арг, во текот на една ноќ - доживеана како да е една деценија, па дури и доба - неповратно се трансформираше. Пилад, сега на прагот на градот, се подготвува да започне жестока и уништувачка војна против сопствената татковина. Сепак, Орест, дејствувајќи како емисар на Атена, го пресретнува со жртва за мир и, преку неколку потресни зборови, го гасне огнот на неговиот бунт. Тој му открива на Пилад дека светот што сака да го уништи - системот што некогаш го поттикнуваше неговиот пркос - веќе исчезнал:

ОРЕСТ:
…

Сосема нов е Арго, и јас,
неговиот демократски владетел, исто така.
Ти си стар останат,
во момчешката искреност на твоите чувства.
Огорченоста твоја! Ме смее,
и срцето ми го крши, пријателе.
Времето те остави зад себе;
и она што ме трогнува е тоа што те остави зад себе,
ти го повторувам сега
кога си најблиску до вистината. (Pasolini, *Pilade*, 433)

На крајот од трагедијата, во деветтата сцена, додека Пилад го признава својот пораз, влегува Атена, иронична и триумфална, откако ќе дојде да му понуди утеха на протагонистот, кој е подготвен да ја одбие, препознавајќи ја суетната утешителна улога на Разумот. Чувствата на Пилад, кои инспирирале бунт кој требало да биде насилен и деструктивен, кулминираат во најапсолутниот нихилизам кој се трансформира во конечно богохулство:

ПИЛАД:

Орест, во име твое, споменик сруши
и подигна друг: јас истото да го сторам сакав,
но споменикот мој, за среќа, недовршен ќе остане.

АТЕНА:

Доста.
На зората првата светлина се гледа. Се враќам
во бестрашниот свет на гревот и смирението.

ПИЛАД:

Изгрева сонцето на ова деградирано тело.
Оди! Оди во стариот град
чија нова приказна не сакам да ја знам.
Зошто од срам и неизвесност страв?
Проклет да си, Разум,
и проклет да е секој Бог твој и секој Бог. (Pasolini, *Pilade*, 458)

Во својот *Манифест за нов театар* (Manifesto per un nuovo teatro), Пазолини зборува за вид на театар кој би сакал да поставува прашања наместо да ги одговара: „Се разбира, не е дадено дека самите напредни културни групи понекогаш се скандализирани и пред сè разочарани. Особено кога текстовите се од суспендиран канон, односно поставуваат проблеми без да тврдат дека ги решаваат.“ (Pasolini, *Manifesto,* 1968) На истиот начин и неговиот Пилад, кој е можеби најавтобиографскиот лик преку кој зборува Пазолини и кој можеби нема да успее во својата кампања и ќе биде принуден на егзил, но отвора прашања кои се актуелни и денес, речиси шеесет години од излегувањето на трагедијата. Пазолини нема да престане да биде политички ангажиран сè до неговата смрт, неговото необјаснето монструозно убиство во Остија во 1975 г., што фрла сомнеж дека центрите на моќ против кои се борел целиот свој живот, го гледаат како вистински и бескомпромисен револуционер.

## Цитирана литература

**На кирилица:**

Ајсхил, *Орестӣја*. Метафорум: Младински културен центар, 1994.

**На латиница:**

De Liso, Daniela, *Pasolini e il teatro greco*. Pilade, in «Studium», n. 5, settembre-ottobre 2015.

Pasolini, P.P. *Pilade*. во Pasolini, Teatro, 2001.

Pasolini, P.P. *Appendice a "Orestiade"*, во Pasolini, Teatro, Mondadori, 2001.

Pasolini, P.P. *Lettere 1955-1975*. Einaudi, 1988.

Pasolini, P.P. *Una lettera di Pasolini*. Paese sera (3–4 settembre 1969), во *Pasolini, Teatro*. Mondadori, 2001.

Pasolini, P.P. *Pasolini su Pasolini. Conversazioni con Jon Halliday,* во *Saggi sulla politica e sulla società*. Mondadori, 1999.

Pasolini, P.P. *Scritti corsari*. Garzanti, 1975.

Pasolini, P.P. *Manifesto per un nuovo teatro*, Nuovi Argomenti, gennaio-marzo, 1968.

https: / / www.accademiadiurbino.it / site / wp-content / uploads / Manifesto-per-un-nuovo-teatro.pdf

Ward, David. *A Poetics of Resistance*. Associated University Presses, 1995.

# V. МАКЕДОНСКА ДРАМА: ЖИВИ МИТОВИ / MACEDONIAN DRAMA: LIVING MYTHS

2-264:821.163.3-2.09
792.09:821.163.3-2.09

# Митското како драмски топос во современата македонска драма (студија на случај – митот за Болен Дојчин и современата македонска драма)

**Ана Стојаноска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за драмски уметности
ana.stojanoska@fdu.ukim.edu.mk

**Апстракт:** Митот е суштината, нуклеусот, базата на драмата (театарот). Митското се користи како драмски топос уште од самите почетоци на античката драма. Македонската драма митското го тематизира на неколку различни начини. Македонската драма и театар од самите почетоци ги користи митовите во својата драмска структура. Најчесто, тоа се типични и автентични митови кои се искористени како базичен драмски материјал. Македонската драма и театар и создава, препознава, но и гради нови митови, поточно симболично ги етаблира толку јасно препознатливо што се и самите митови – како што е примерот со *Македонска крвава свадба*. Овој труд се занимава со истражување на митското како драмски топос во современата македонска драма, поточно со митскиот јунак Болен Дојчин и неговата сестра Ангелина како студија на случај. Процесот на креирање драмско дело врз основа на мит во оваа студија ќе биде презентира преку читањето на народната балада за Болен Дојчин, двете драми на Георги Сталев, *Болен Дојчин* и *Анѓелина*, како и драмата на Благоја Ристески – Платнар *Леѓа Анѓелина*. Истражувањето ги дефинира клучните елементи на митот, кои подоцна се искористени како основа и врзивни ткива на драмскиот материјал. Бидејќи станува збор за студија на случај, во неа ќе бидат презентирани и театарските претстави што се креирани според овие драми.

**Клучни зборови:** Георги Сталев, *Болен Дојчин* и *Анѓелина*, Благоја Ристески – Платнар *Леѓа Анѓелина*, митско, драмски топос, македонска современа драма и театар

# The Myth as a Dramatic Core in Contemporary Macedonian Drama: A Case Study of *Bolen Dojčin* and the Contemporary Macedonian Drama

**Ana Stojanoska**
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Dramatic Arts
ana.stojanoska@fdu.ukim.edu.mk

**Abstract:** Myth is the essence, the nucleus, the foundation of drama (theater). The mythical has been used as a dramatic *topos* since the very beginnings of ancient drama. Macedonian drama thematizes the mythical in several different ways. From its very beginnings, Macedonian drama and theater have incorporated myths into their dramatic structures. These are often typical and authentic myths, utilized as fundamental dramatic material. However, Macedonian drama and theater also create, recognize, and construct new myths, or more precisely, symbolically establish them so clearly that they themselves become myths—such as in the case of *Macedonian Bloody Wedding*. This paper explores the mythical as a dramatic topos in contemporary Macedonian drama, specifically focusing on the mythical hero Bolen Dojčin and his sister Angelina as a case study. The process of creating a dramatic work based on myth in this study will be presented through an analysis of the folk ballad about Bolen Dojčin, the two plays by Georgi Stalev—*Bolen Dojčin* and *Angelina*—as well as the play *Lepa Angelina* by Blagoja Risteski-Platnar. The research defines the key elements of the myth that were later used as the foundation and connective tissue of the dramatic material. Since this is a case study, the theatrical performances created based on these plays will also be presented.

**Keywords**: Georgi Stalev, *Bolen Dojčin* and *Angelina*, Blagoja Risteski-Platnar, *Lepa Angelina* mythical, dramatic *topos*, Macedonian contemporary drama and theater

***Болен Дојчин***

Кога бев преполн сила
што придојдува како матна речна глава,
кога се сетив вреден за мојот подвиг,
достоен за слава,
кога ми закрепна гласот за најдобар збор,
раката за најтежок меч,
ногата за најверен од —
тогаш се сломив.
Паднав како црешово дрво од премногу род.
Една потсмешлива сенка ми ја издемна трагата,
како змија во гробно камарче се вовлече во свеста,
смеата ми ја урочи, ми ја зацрни тагата —
да се обѕирам подозриво, да думам да шестам.
Тогаш се сетив ситен и смешен и долен, —
се стопи снагата,
капнаа раце,
падна мечот,
паднав болен.
Болен лежам до девет години,
што искинав до девет постели.
Не ги чувствувам веќе своите зглобови,
јас сум расфрлан на тврда ледина
на пеколен пладневен присој,
јас сум раскостен коска од коска,
низ моите коски трева поникнало,
низ таа трева змии се ведат.
Јас копнеам гроб темен и студен —
нема крај без мојот подвиг суден.
Непозната жено, единствена на светот,
сестро и мајко моја, ти што си страдала многу,
ти што си сетила мака до вбигорување,
дојди, сестро златна,
збери ги моите мувлосани коски, не грози се,
состави ме,
повиј ме со триста лакти платно,
речи ми тих реч,
исправи ме,
научи ме пак да одам, мајко,
дај ми в рака меч —
да убијам Црна Арапина.
Да умрам.

Блаже Конески

## 1. Вовед – Болен Дојчин

Во македонската култура, митот за Болен Дојчин е еден од најзначајните и најкомплексните митови. Болен Дојчин е мотив, мит, феномен кој вреди постојано да се истражува. Како што напоменува, еден од најтемелните проучувачи на мотивот за Болен Дојчин, професорот Кирил Пенушлиски,

> во македонското народно творештво песната ‚Болен Дојчин' претставува блескаво поетско остварување со несекојдневна тема: болен јунак, во моментот кога Арапинот – насилник посегнува врз честа на неговиот дом, наоѓа сила да се дигне од постелата во која болен лежел со години, да го предизвика насилникот на мегдан, да го отепа и така да го избегне срамот, истовремено да го спаси и својот град и народ од суровите насилства на туѓинецот, за да умре веднаш потоа во својот дом (Пенушлиски 115).

Болен Дојчин не е само херој, лик на народна песна, јунак, дел од усното, но и од писменото творештво. Болен Дојчин е митски јунак, онаков каков што нè учи базично самата митологија. Тој има мана, како и секој јунак, има своја трагична вина што ја носи со себе и од неа треба да се избави. Тоа е една од причините зошто решив да се занимавам со истражувањето на митското како драмски топос во современата македонска драма, посебно митот за Болен Дојчин и современата македонска драма. Митот и драмата се поврзани од самите почетоци на театарот. Митот бил основата на голем број трагедии во Античка Грција. На тој начин, во современ контекст може да се третира митското како база, основа, фундамент на драмското, поточно како главната координата од која се развива едно драмско дело. Болен Дојчин е мошне театрален лик, јунак каков што нема во ниту една традиција. Вообичаено, јунаците имаат своја трагична вина / хамартиа, но никогаш не е толку видлива за јавноста. Болен Дојчин е првиот и единствен јунак, кој во своето име го содржи терминот „болен", тој не е „силниот", „непобедениот" Дојчин, тој е *болниот* Дојчин. И на тој начин, неговата театралност се протега и надвор од контекстот во кој е создаден. Тој и покрај тоа што е болен, ја брани и својата чест и честа на својата сестра и честа на својот народ. Како лајтмотив на моето истражување, а со цел да се покаже драматичноста на мотивот, ја ставив и песната на Блаже Конески „Болен Дојчин" со цел да покажам дека митот за Болен Дојчин е инспирација, не само во театарски контекст, туку и во книжевен. Нам ни се познати голем број авторски песни, но и верзии на народната балада со истиот наслов.

> Од објавените 28 варијанти 19 потекнуваат од Вардарска Македонија, 5 од Пиринска Македонија, а само 4 од Егејска Македонија. Положбата со архивските варијанти покажува подруги податоци. Имено сите записи потекнуваат од Вардарска Македонија. Снимени се, главно, во нашево современие. Токму оваа бројност овозможува да се согледаат клучните прашања за појавата, развитокот, трансформациите и современата состојба на овој мотив среде нашиот народ, преку бројните и разновидни разлики што во нив се среќаваат и што се последица не само на големата временска дистанца што ги дели варијантите од нивниот првообразец, чие временско потекло тешко може да се определи, туку и на одразите на општествено – социјалните промени и односот на пејачите кон самата песна. (Пенушлиски 115-116)

Таа масовност и препознатливост на песната и го загатнува прашањето – зошто и како Болен Дојчин станува митска фигура и на кој начин драмата го третира како основно градбено средство во современ контекст.

Во *Македонската енциклопедија*, Болен Дојчин е евидентиран на следниов начин: БОЛЕН ДОЈЧИН - историски непозната личност во преданијата и во народната поезија, секогаш поврзана за Солун. Во песните, како што е наведено во енциклопедијата, тој е побратим на Марко Крале, со што, според своите потреби и желби, народните творци ги обединуваат дејствувањето и животните патишта на омилените народни јунаци. „Иако тешко болен, тој ја спасува својата чест, честа на своето семејство, честа на солунските девојки и образот на градот Солун“ (“Болен Дојчин“, *Македонска Енциклопедија*). Неговата средба со неговиот антагонист – Црна Арапина е импресивна, зашто ја позиционира на координатата меѓу победата и смртта. Потоа продолжува изворот: „Тоа е стереотипна епска фабула на јуначки мегдан по познатиот епски образец. Во преден план се истакнува силината на човековата волја, поттикната од емоциите и јуначката чест, при што се потенцираат и ритуалните движења, складот на верноста и грижата на сопругата и сестрата, кои го подготвуваат за бојот. Таа е една од најубавите песни во македонската и во јужнословенската епика“ (“Болен Дојчин“, *Македонска Енциклопедија*). Болен Дојчин станува и лик во македонските современи драми и на тој начин продолжува да егзистира низ културата и традицијата на нашиот народ. Овој труд е посветен на детерминирање на митот за Болен Дојчин и начинот на кој станува дел од драмското.

## 2. Митот и драмата

Митот е света приказна. Митот секогаш раскажува одреден настан во митско време и митски простор. Јунаците на митовите се најчесто богови, полубогови, цареви, издвоени јунаци од секојдневниот народ. За да се разбере природата на митот, познатиот истражувач Елеазар Мелетински посочува дека треба да се разгледаат најтипичните форми на митот и митологијата, посебно во таканаречените архаични општества: „станува збор за тоа дека 'здравиот разум' во примитивните култури главно се задоволува на емпириско ниво, а митологијата станува начин на глобално поимање кој целосно доминира" (Мелетински 197). Митската матрица подразбира заштита на космосот во мигот кога натрапник од хаосот влегува во космосот и најчесто прави раздор на сите нивоа (грабнува некого, најчесто женски лик, освојува територија, ја проблематизира честа и сл.). Митската матрица секогаш на површина го поставува митскиот јунак кој е задолжен да го врати мирот во космосот и да ги отстрани сите пречки од хаосот, дури и по цена на својот живот.

Античките драматичари го користеле митот како основа за нивните драми. Како што напоменува и Аристотел во начинот на третманот на темата во односот на драмата и епот, може да се забележи дека античките драмски автори, митот го користат како основа за драмата. Притоа, секогаш земаат дел од митот кој според нив е најдраматичен, а не целиот мит во глобала. Драмата, поточно античката трагедија, митот го користи како јадро на драмата, како основата на драмата што ќе ја развијат во однос на драмското дејство. На пример, од митот за Едип / Ојдип, Софокле гради неколку драми и *Ојдип тиранин* и *Ојдип на Колон*, но и *Антигона* и другите поврзани со главните протагонисти од големиот и широкораспространет мит за совршениот владетел и неговата самоказна по откривањето на вистината.

Митот и драмата остануваат поврзани до денес, во една непосредна спрега од која драмата добива придобивка со тоа што го користи театралниот (*опсисот*, според Аристотел) елемент на митот. Митот и драмата се поврзани перманентно во секоја култура. Митовите се најчестиот извор за заплетот во драмата, од многу причини, но пред сè, од големата драматичност и елементарна театралност и на ликовите и на нивните меѓусебни релации.

Проучувајќи ги митовите во својата долгогодишна кариера, францускиот антрополог и етнолог, Клод Леви-Строс, го покажува истражувањето на митот, од чии, пак, истражувања може да ја изведеме корелацијата со развивањето на драмското дејство: „Овде станува збор за следното: митот што се истражува и се анализира самиот да ја разоткрие

својата природа и да се подреди во некаков тип; цел што е недостижна за митографот сè додека тој се базира врз надворешните и случајно изолираните својства“ (Леви-Строс 10). Митот што се анализира треба да се анализира на адекватен начин, со анализа која му е иманентна на митот, како што продолжува Леви-Строс: „Не постои вистински термин за митската анализа и нема некоја таинствена единица мера што може да биде прифатена по расчленувањето“ (Леви-Строс 11). Но, постои начин на кој се анализира драмата и во таа анализа, во делот со анализата на структурата и анализата на фабулата, може да се направи паралела со митот: „Митовите се како јазикот: субјектот кој свесно би ги применувал во својот говор фонолошките и граматичките закони, под претпоставка дека за тоа располага со потребната вештина и потребното знаење, набргу, речиси веднаш би го загубил редоследот на своите мисли“ (Леви-Строс 17). Драмата, пак, исто како митот, говори на свој јазик, кој во себе ја носи потенцијалната театралност. Драмата ја поставува фабулата (митот) во својата основа и потоа го развива драмското дејство. Со јазикот на хемијата, митот е нуклеусот на драмата. Затоа во ова истражување тргнуваме од барањето на врската меѓу македонската драма и театар и митовите.

## 3. Македонската драма и театар и митовите

Македонската драма и театар низ историјата имаат свои митови што ги земаат за основа на драмското дејство. Од почетоците, од првите драмолетки на Џинот, па до денес, македонската драма ги реинтерпретира и локалните митови, но и оние што доаѓаат од нашето соседство. Нашата драматика е облагородена со митови и митски јунаци, кои може да се препознаат во некои од најважните драми напишани во периодот од скоро два века. Јордан Хаџи Константинов Џинот ја рециклира грчката митологија во *Минерва и девет музи*, Димитар Молеров си игра со змејот како митско суштество во *Змејовата невеста*, во современата македонска драма се сретнуваме со Болен Дојчин како митски јунак, но и елементи на митското има во драмата *Александар* на Љубиша Георгиевски. Иако навидум историското како драмски топос е почеста појава, пред сè, во битовите драми, сепак и митското доминира, посебно кај оние автори што трагаат по минатото и театарската традиција. Георги Сталев ги пишува двете драми *Болен Дојчин* и *Анѓелина* во 1971 г, односно во 1972 г, а Благоја Ристески – Платнар ја пишува *Лепа Анѓелина* во 1995 г.

Битовата драма, како најкомплетна стилска формација која организирано се поставува на сцена и се пишува од 1848 / 49 (од првите драмолетки на Џинот) до 1950 (до праизведбата на „Задруга“ на Коле Чашуле),

ја користи митологијата (народната демонологија на Македонците, различните митолошки контексти, автентични наши и на соседите, како и креира нови митови) во најразличен формат.

Начелно фокусирана на прикажување на слики од животот, богато илустрирани

> со етнотеатарски, фолклорни или пак (типични) / карактеристични социокултурни топосии / или стереотипи, за да може – најпосле – целиот ‚тој' материјал да се структурира во драмска форма со помошта на неколку типизирани сижеа: сите варијанти на попречување на остварувањето на некоја среќна љубов, сите варијанти на социјални конфронтирања (на релација сиромаси – богати), сите варијанти на етички и етнички конфронтации (на релацијата туѓинец-угнетувач – нашинец-праведник), со еден збор, со сите варијанти на заплетите кои што ќе можат интересно (и драматично) да се отплеткуваат според архаичните матрици *црно – бело, криво – п̄раво, зло – добро, живо̄т – смр̄т*. (Лужина 7-8)

Во овој контекст може да ја гледаме и битовата драматика како една митска матрица, како своевидно театрализирање на најосновната митска матрица: борбата меѓу доброто и лошото. „Ние веруваме дека ништо не може да е подобро од митологијата да ја отслика и емпириски да ја покаже вистинитоста на оваа изразена мисла“ (Леви-Строс 17).

## 4. Студија на случај – митот за Болен Дојчин во македонската современа драма

Болен Дојчин како лик и / или темат во современата македонска драма се сретнува во три драми: *Болен Дојчин* и *Анѣелина* на Георги Сталев и *Леѣа Анѣелина* на Благоја Ристески – Платнар. Трите драми го третираат Болен Дојчин на сопствен, посебен, специфичен начин. Пред да почнеме со прочитот на драмите, добро е на едно место да ги детериминираме основните податоци за овој митски јунак.

Митскиот јунак – Болен Дојчин има сестра Ангелина и тројца побратими: Митре Поморјанче, Умер Калкачија и Павле Плетикоса. Дојчин има и непријател – Црна Арапина, истиот митски антагонист како оној на Крале Марко (уште еден митски јунак во нашиот фолклор). Народната песна почнува со мошне театрален опис на главниот настан:

> Попаднала црна Арапина,
> Попаднала под града Солуна,
> Глава имат колку еден казан,

Уши имат колу два таруна,
Очи имат колку два шиника.
Ми кондисал под Солуна града,
Под Солуна, Солунски ливаѓе,
Па ми удрил белана чадара;
И ми собрал старци и попои,
Таин сакат од Солуна града,
На ден сакат по две фурни лебец,
И им сакат крава јалоица,
И им сакат по бочка ракија,
И им сакат по две бочки вино,
На ден сакат п' убаа нееста,
На ноќ сакат п' една малка мома,
Ми и' љубит и ми и' загубвит.
Сите ми се редум изредија,
Ред падна на млада Ангелина.
Ангелина Дојчинова сестра. (Миладиновци 117)

Ваквиот несомнено театрален почеток може да се „оправда" со времето на настанувањето, кога доминира дијалогизмот и театралноста во народната поезија и проза, а истовремено – да го покаже начинот на третманот на митот. Митот / приказната за Болен Дојчин е стара во нашиот фолклор и најчесто поврзана со Солун и неговата околина. Таа приказна, подоцна, народниот пејач ја опева во народна песна. „Поетскиот мотив Болен Дојчин несомнено потекнува од Македонија" (Пенушлиски 119) вели Пенушлиски во претходноспоменатата студија за Болен Дојчин. Тој се шири од Македонија во соседните земји, но останува автентична митска фигура на нашата култура и фолклор. Имајќи ја Македонија за матичната земја од која тргнува да се шири митот за Болен Дојчин, би било логично да се очекува тој да трансцедентира во драмски мотив, поточно во основа за градење на драмскиот материјал. Дојчин како протагонист има адекватен антагонист – Црната Арапина, дојденецот, кој е како и во секоја митска матрица претставник на хаосот.

Виртуозните колку и злокобни *црни* драми за Болен Дојчин и за сестра му Ангелина на Ѓорѓи Сталев, во кои *црното* – стигматизирано и со / преку ликот на Црна Арапина – освен што несомнено евоцира / еманира хаос, зло, смрт, тага, несвесно.... подеднакво интензивно ќе ја сугерира и онаа стравотна темница која го сигнализира не само *крајот*, туку и *новиот почеток*. Не само **танатос**, туку и силниот-нескротиливиот **ерос.** (Лужина 91)

Затоа се и толку моќни овие драми, затоа што иманентно одговараат на она што го загатнува самиот мит. Она што го пласира Лужина во овој труд е драматолошката оска на развивање на заплетот: протагонистот – митскиот јунак што станува драмски, треба да го победи мрачниот и темен антагонист, во линија на базично креирање на драмската матрица врз база на митската. Во таа корелација може да го приближиме и тврдењето на Мелетински во насока на функционирањето на митолошките симболи во однос на личното и општото, од кои подоцна ќе биде изградена и централната драматолошка оска. Во драмата, во нејзината суштина секогаш лежи конфликтот и дејството, а тој е можен само ако протагонистот и антагонистот се развиени на една сериозна матрица. Симболите и нивните функции и во митот и во драмата функционираат на уникатен начин, поточно во насока на тоа што го тврди Мелетински.

> Митолошките симболи функционираат така што човечкото лично и социјално однесување и неговиот поглед на свет (аксиолошки насочен модел на светот) заемно да можат да се поддржуваат во рамките на единствен систем. Митот го објаснува и го санкционира постојниот општествен и космички поредок, разбран на начин карактеристичен за одредена култура: така митот на човекот му го објаснува него самиот и светот што го опкружува за да го одржи тој поредок: едно од практичните средства на таквото одржување на поредокот е репродуцирање на митовите во ритуалите кои редовно се повторуваат. (Мелетински 205)

Драмите *Болен Дојчин* (1971) и *Анѓелина* (1972) од Георги Сталев секогаш ги читам / гледам како дуодрама. Поточно, како огледални слики, двата дела сочинуваат една суптилна поетска драма која реферира на театарскиот симболизам. Оваа дуодрама е креирана во непосреден однос со народната песна за Болен Дојчин. Неслучајно Георги Сталев, несомнено најголемиот познавач на народниот верс, се решава да напише вакви драми и не е случајно што традицијата во овој контекст ја продолжува Благоја Ристески - Платнар, автор што во нашата култура, пред сè, драма и театар, придонесе со многу нешта, но најмногу со создавањето свој јазик, своја говорна форма која оперира со она што е есенцијално за нашиот фолклор и традиција.

На маестрален начин, „Георги Сталев, народната песна за ‘Болен Дојчин’ ја трансформира во драмски материјал и тоа во стихови и тоа прецизно конструиран и апликативен за изведба“ (Стојаноска 103). Овој тип драматургија е редок во македонската драматика, а тоа го прави и специфичен и личен, непосреден, адекватен. Овој тип на драматургија ги влече корените од античките парадигми, поставувајќи го митот да би-

де централна оска на драмското дејство. Во овој случај, во двете драми, авторот одлучува креативно да го инкорпорира митот во драмата и тоа на најемотивен начин, градејќи атмосфера со помош на стиховите. Како што ни е познато, поезијата на симболизмот се трансцедентира во звук, а симболистичката драма е инспирирана од поезијата, па ја трансформира во дејство. Затоа и стихот реферира на народниот верс, на нешто што Георги Сталев го познава извонредно. Георги Сталев ја препрочитува македонската лирска традиција, спецификите втемелени во начинот на кој се пее, игра, везе, плете, создава... Третманот на митот за Болен Дојчин во однос на драмата го вмрежува во комплексната симбиоза не само како дел од културното наследство на еден народ, туку и игрите, верувањата, магиските чинки, временските констелации кои алудираат на соништата, народните мудрости и приказни, авторот ги користи за прецизно, темелно, меѓутоа и лирско, симболичко ткаење на драмскиот материјал. Уште со воведната дидаскалија, која е графички издвоена и ставена во загради, авторот ја поставува драмата во изместен, несигурно реален простор, поточно, се проблематизира постоењето не само на ликовите, туку и на нивното дејство. Таквиот пристап кулминира во драмата *Анѓелина*, во која веќе не се знае од каде до каде се појавуваат ликовите без реквизити и без сценски елементи. Во *Болен Дојчин* промената на светлото го менува односот реалност – сон. И просторот и времето се сомнамбулни, (не)веројатни и неможни да се постават во една класична драматолошка анализа. Драмите и не се одделени во чинови, слики, појави (нема традиционална драматуршка структура). *Болен Дојчин* и *Анѓелина* се напишани како што е претходно посочено: како два дела од ист темат. И тука се гледа односот кон митот. Не може едната ниту другата драма да се одвојат. На сличен начин како што во античката театарска традиција еден мит бил дисеминиран во една или повеќе тетралогии. Драмата *Болен Дојчин* може да се чита како претставник на машкиот - соларен принцип. Драмата во границите на нејзината конструкција, посистематична, има некакви референци и кон надворешниот свет, иако се случува отпосле, целото дејство испеано во народната песна.

За разлика од неа, *Анѓелина* е женска, лунарна, целосно напишана *оѓаде*, каде што веќе не е прашањето на сонот и јавето, туку на сонот и смртта. Неговото читање на овие две драми е создавање на самосвој однос кон театарот што сега веќе не е реален, строг и систематичен, туку создаден во меѓу-сон-меѓу-јаве, измислен меѓу стварноста и соништата, поставен отаде, од другата страна, која може да биде и смртта, и пеколот, но и човекот сам по себе. Во драмата *Болен Дојчин* ликовите на девојките се појавуваат како антички хор, како менади, како мојри кои бараат израмнување на сите сметки. За разлика од тоа, во *Анѓелина* бројот на ли-

ковите е намален, и дејството комплетно подредено на специфичниот и комплексен однос меѓу братот и маж и син – Дојчин и неговата Ангелина, која е и сестра и жена и мајка, и тоа и родилка и неплодна истовремено. Емотивниот комплекс кулминира во *Анѓелина*, затоа што беше задржан, стокмен, присебен во *Болен Дојчин*. Драматуршкиот климакс не е едноставен, експлозивен, како што би се очекувало, туку, прикриен, имплозивен, дури и внатре еруптивен, типично женски – лунарен.

Сталев користи посебни драмски средства – светло, симболи и музика со кои, како да му контрира на еден од тогашните (мислам на седумдесеттите години од минатиот век) трендови на македонскиот театар – реалистичен, тензичен, модерен театар, презентиран преку драмите на Бранко Пендовски. Одговорот на таквиот начин на читање го дава и драмата *Лепа Анѓелина* (1995) од Благоја Ристески-Платнар. За разлика од другите свои драми во кои експериментот со народната инспирација е темелен на јазикот и ликовите, во *Лепа Анѓелина* тој прави личен препрочит, и тоа не само на народната балада за Болен Дојчин, не само на драмите на Георги Сталев, туку и на неколку други историски фигури познати од некое друго време и во некој друг просторно-временски контекст.

> Лепа Ангелина е напишана во девет ненасловени сцени, секоја со воведна дидаскалија во која се дефинира драмскиот простор. Изобилува со сценски и театарски референци за просторот и актуелното време - не е конкретно, временски контекстирана, иако може да се претпостави историското време. Убавината на архаичноста на сопствениот јазик, создаден според принципите на некоја друга граматика, Платнарот, ја користи за сценичноста на драмата. Неговиот јазик е уникатен, архаичен, посебен, мелодичен, јазик кој не се говори ниту пишува надвор од неговата естетика. (Стојаноска 104)

Тоа ја прави уште попривлечна оваа драма, иако наместа ја обременува и ја поставува под наративноста, која, можеби, нему како автор му е иманентна. Тој дејството го сместува од чинот на обележувањето, жигосувањето на Дојчин со сквернавењето на црквата Света Недела во Солун и со спротивставувањето на една религија - словенската како политеистичка со другата, тогаш доминантна - христијанската, монотеистичка. Платнарот гради една мрежа, комплексна и посебна на мотиви преземени од повеќе културни контексти, за да може да го создаде својот Дојчин и за да го позиционира во одреден конфликт. За разлика со симболичноста во драмите на Сталев, овде Дојчин е реален, суров и сиров истовремено, Дојчин кој е воден од својот изглед, за да биде потоа

и скршен од тој изглед. Неговиот настап во првата сцена е импозантен, силовит и агресивен и како таков е воден сè до проблемот – односно до клетвата на света Недела. Сите други ликови се подредени на Дојчин. Секоја реплика од побратимите го дорасветлува односот на Дојчин кон нив. Така е и со сите ликови во драмата. Меѓутоа, авторот суптилно, скоро непрепознатливо, ја прикажува иронијата кон историските ликови и се обидува да ја побие нивната величина, која е репрезентативна за сите негови драмски текстови. Драмата завршува на истото место со доаѓањето на Ангелина, која го очекува вечниот суд што го изрекува света Недела – од часот кога „внуци роди“ ѝ следува смрт.

Неверојатно е како е емотивно набиен дијалогот и целосно ја осветлува амбивалентната природа на Ангелина. И овде, исто како и кај Сталев, има женски ликови што реферираат на една друга драмска традиција. Овде се стариците, кои пресудуваат слично на трите мојри од античката традиција. Историската тематика поврзана со Словените и со конкретните ликови од едно друго време само го обременува драмскиот материјал, но е толку специфичен за поетиката на овој вонреден драмски автор.

## 5. Заклучок

Болен Дојчин и според Аристотел е доследен карактер: „Меѓутоа, и во карактерите исто како и во собитијата секогаш треба да се бара или нужното или веројатното, така што да биде или нужно или веројатно таквиот човек така да зборува или да дејствува, и ова да стануца по она според нужноста или според веројатноста.“ (Аристотел 57) Болен Дојчин како митски јунак е доследен и веројатен. Тој има своја хамартиа и свој хабитус. За да може да видиме на кој начин овој лик од епски станува драмски во контекст на третманот на митот како драмски материјал, би направиле краток преглед на дефинирањето на ликов во самите драми. Драмата *Болен Дојчин* од Сталев почнува на следниот начин:

Дојчин: (Се размрдува. Се поткрева од постелата, со напори да стане; но останува полулежејќи, потпрен на рацете):

> Покрварив, страден за една солза здравје,
> редејќи ги под ова зглавје
> остатоците од ноќиве изглодани
> во кои се препознав
> преполовен за една реченија. (Сталев, *Болен Дојчин* 201)

За разлика од тој Дојчин, Дојчин во *Анѓелина* прво се јавува како глас, а подоцна како етеричен лик:

> Дојчин:
>
> Ја чувствувам твојата болка и беда!....
> А не знам кој ми е потежок одан:
> Сестра си или жена си кога
> На вакво дереџе ја гледам!...
> Окапана буна во душава навира.
> Нејзиниот раскинат диб
> Ни љубов ни омраза не може да задржи веќе“ (Сталев, *Анѓелина* 271)

Дојчин на Платнар е силен на почетокот, како и секој митски јунак, подоцна ќе биде разболен и за прв пат во историјата на митот за Дојчин, самиот автор дава објаснување дека Дојчин станува Болен Дојчин како резултат на клетвата од света Недела, чија црква ја осквернавува. Истовремено создавајќи поинаков однос кон христијанството и словенската традиција на која Дојчин и припаѓа. Во првата сцена на драмата, Дојчин е прикажан како типичен јунак.

> Болен Дојчин: (изгледа импозантно: со долга коса и кожен калпак на главата. На левото бедро носи сабја дипленица, на десното сјаен кинжал. Облечен е во панцирна кошула)
>
> Како што кажа Ефтимиј, пророкот кутмичевички, негде долу под белава мрамора, скрито лежи знамењето Перуново. Копјето негово, веда недодржима и штитот негов, пред наезди непопустив. Барајте. (Платнар 497)

За разлика од овој Дојчин, по само 4 сцени тој се претвора во падната сила, во сенката на минатиот Херој.

> Болен Дојчин: Не знам злата сестро, или да узнам се колебам, од спознајата страшна, наслутена на сон, во нов сон бегам како во засолн кој ќе ме спаси. Но и таму Ангелино да дофатам што сонувам заканата иста се густи. Седум дена ноќ предолга, низ соништа пусти пловам, да досегнам мир во сонот, мирно соне да уловам. (Платнар 515)

Кога на едно место го имаме прегледот од драмите, логично е да го донесеме заклучокот дека митскиот јунак Болен Дојчин станува одлична

парадигма за драмски јунак и во трите анализирани драми. Тој ја остварува својата цел и покрај сопствената трагична вина на најавтентичен за него начин. Болен Дојчин е пример за тоа како една култура се однесува со својот митски потенцијал. Како од еден фолклорен и традиционален мотив може да се развие не само етнотеатарската, туку и современата театарска практика.

**Цитирана литература:**

Аристотел, *За поетиката.*Култура, 1990.

„Болен Дојчин.“ *Македонска Енциклопедија*, macedonism.org, пристапено на 16 јули 2025. https: / / macedonism.org / Македонска-Енциклопедија / болен-дојчин /

Леви-Строс, Клод. *Митолошки I.*Табернакул, 2005.

Лужина, Јелена. *Македонската нова драма.* Детска радост, 1996.

---. *Македонска битова драма.* Микена, 2008.

*Македонската драматика / драматургија помеѓу традицијата и современоста*. Приредила Јелена Лужина, МТФ „Војдан Чернодрински“, 1997.---. *Театралика.* Матица Македонска, 2000.

Мелетински, Елеазар М. *Поетика на митот,* Табернакул, 2002.

Миладиновци, *Зборник 1861-1951.* Кочо Рацин, 1962.

Пенушлиски, Кирил. *Марко Крале, Болен Дојчин.* Матица, 2005.

Ристески-Платнар, Благоја. *Лепа Анѓелина*. *Современа македонска драма*. приредила Ана Стојаноска. Микена, 2008, стр.493-543.

Сталев, Георги. *Болен Дојчин*. *Современа македонска драма*, приредила Ана Стојаноска, Микена, 2008, стр. 197-244.

---. *Анѓелина*. *Современа македонска драма*, приредила Ана Стојаноска, Микена, 2008, стр. 245-279.

Стојаноска, Ана. *Театар – предизвик.*УКИМ, 2018.

---. *Македонска драма и театар – современи рефлекции.*УКИМ, 2023.

821.163.3-2.09
2-264:821.163.3-2.09

# Интегрирањето и функционирањето на митот во македонската современа драма (преку драмата *Словенски ковчеī* од Венко Андоновски)

**Биљана Рајчинова-Николова**
Институт за македонска литература
b_rajcinova@yahoo.com

**Апстракт**: Релацијата помеѓу македонската современа драма, митот и идентитетот, како и одгатнувањето на функционирањето на митот во драмата, денес стануваат сé поактуелни за промислување. Во истражувањето се поаѓа од тврдењето на Бронислав Малиновски дека „Митот е неопходно средство кое му помага на човекот да најде цврста потпорна точка за припадност, која има улога на регулатор и стабилизатор“ (Малиновски, цитиран според Шкринарић 13). Во трудот при потрагата по коренот на потеклото како можни излези се спротивставуваат два мита: словенството како мит за заедништво / митот - апсолутна вистинита приказна и современиот мит во согласност со актуелните општествено – политички состојби / митот – илузија. Следствено, ќе се испитаат последиците и ефектите врз идентитетот од спротивставувањето на овие два мита при потрагата по корените на потеклото, со што се отвора релацијата: идентитет - мит – потрага по коренот на потеклото. Трудот треба да одговори на прашањето каков процес е потрагата по сопствениот корен на потеклото и да ја потврди тезата дека спротивставувањето на двата мита (за потеклото) претставува една идентитетска асоцијација на трагичен процес – неочекувана трагика како можен излез при потрагата по коренот на потеклото. За одговор на прашањето и за докажување на тезата ќе се фокусираме на драмскиот текст *Словенски ковчеī* од Венко Андоновски (1996), користејќи ги сознанијата од постколонијалната теорија, имагологијата и студиите за идентитетот.

**Клучни зборови**: драма, мит, идентитет, сопствен корен, потрага по идентитет

# The Integration and Functioning of Myth in Macedonian Contemporary Drama: *Slovenski Kovčeg* by Venko Andonovski

**Biljana Rajčinova-Nikolova**
Institute of Macedonian Literature,
b_rajcinova@yahoo.com

**Abstract**: In this paper we focused on the dramatic text *Slovenski kovčeg* by Venko Andonovski (1996), where the action is time-situated in 1993; a time of transition, a time when the issue of identity is problematized, using insights from postcolonial theory, imagology and identity studies. We researched the relationship between the Macedonian contemporary drama, myth and identity, and we discovered the functioning of myth in the search for the root of origin. In the paper of searching for the root of origin, two ideas opposed each other as possible solutions: the idea of the mythical past (myth - absolute truth) and the contemporary idea of an externally imposed identity argumentation, in accordance with the current socio-political conditions (myth - illusion). We also examined the consequences and effects on identity of the opposition of these two ideas in the search for the roots of origin, as well as the relationship identity - myth - search for the roots of origin. The paper answered the question of whether the search for one's own root of origin is a tragic process and confirmed the thesis that the opposition of the two ideas: represents a process of unexpected tragedy as a way out - in the search for the root of origin.

**Keywords**: drama, myth, identity, own root, search for identity

## 1. Вовед

Венко Андоновски „со своето драмско творештво, го испишува своето продолжение на драмската и театарската приказна што ја почна Војдан Поп Георгиев – Чернодрински токму на прагот на 20. век, поточно во 1900-та, и која се надоврзува на онаа на Горан Стефановски“ (Мојсова – Чепишевска 127). Несомнено, ова е исклучителен повод да се проговори за суштината на неговото драмско творештво, како значајно остварување во 90-тите години на 20. век и во годините на 21. век, како еден континуитет на македонската драма (и по заокружувањето на опусот на Стефановски во 2018 година). Андоновски во дел од своето драмско творештво е инспириран од потрагата по корените на потеклото, од (современиот) митот за потеклото вткаен во едно време – транзиција, од релацијата Исток-Запад (Македонија-Европа). Оттука, прифаќајќи го размислувањето на Шкрињариќ дека „митот како тотален и доминантен начин на мислење е својствен за архаичните култури, но како ниво или фрагмент може да се наоѓа во најразлични култури, во уметноста, книжевноста, драмата поврзан со потрагата по корените на потеклото“ (Шкрињариќ 9), сметаме дека во нашата национална култура и книжевност, а и пошироко, драмското творештво на Андоновски не е истражено преку релацијата македонска современа драма[1], митот (за потеклото) и идентитетот, односно преку функционирањето и улогата на митот во процесот на потрагата по коренот на потеклото.

Во истражувањето се поаѓа од тврдењето на Бронислав Малиновски дека „митот е неопходно средство кое му помага на човекот да најде цврста потпорна точка за припадност - коренот на потеклото, која како излез има улога на идентитетски регулатор и стабилизатор“ (Малиновски, цитирано според Шкринариќ 13). Оттука, повикувајќи се на Шелева дека „идентитетот е структуиран во вид на крст каде што се вкрстуваат два вида припадности - по вертикална и по хоризонтална линија. Во идентитетската вертикала спаѓа врската со традицијата и минатото – митското минато, а вториот крак, хоризонталниот, ги содржи врските со современието“ (Шелева 32), во трудот при потрагата по коренот на потеклото како можни излези се спротивставуваат ‘словенството како мит за заедништво’ и ‘современиот мит во согласност со актуелните општествено-политички состојби’, па сакаме да испитаме какви последици

[1] Современата драматургија во Македонија е некаде на полпат меѓу традиционалната (или поточно битовската) стилска формација и онаа што штотуку доаѓа, која кокетира со времето и со начинот на кој е напишана, односно во себе ги опфаќа и драмите на модерната (со сите нејзини-изми) и драмите на постмодерната. Во тој контекст, во овој труд се анализира драма која е репрезентативен примерок (и на модерната и) на постмодерната драматика.

и ефекти предизвикува нивното спротивставување врз идентитетот. Согласувајќи се со Бановиќ-Марковска дека „*словенството како мит за заедништво и современиот мит согласно актуелните општествено – политички состојби,* ги диктираат условите и начинот на постоењето на индивидуата“ (Бановиќ-Марковска 388, *Курзив Б.Р.Н.*), ќе се испита и функционирањето и улогата на митот при потрагата по корените на потеклото, со што се отвора релацијата идентитет – мит – потрага по коренот на потеклото. Истражувањето треба да одговори на прашањето каков процес е потрагата по сопствениот корен на потеклото (словенството) и да ја потврди тезата дека спротивставувањето на словенството како мит за заедништво и современиот мит во согласност со актуелните општествено-политички состојби, како можни излези при потрагата по коренот на потеклото, овозможува идентитетска самопотврда и самоидентификација, самозаштита и самоопределување, и претставува трагична егзистенција на индивидуалниот идентитет. За одговор на прашањето и за испитувањето на тезата се фокусираме на драмскиот текст *Словенски ковчеѓ*[2] од Венко Андоновски (1996), користејќи ги сознанијата од постколонијалната теорија, имагологијата и студиите за идентитетот, оние кои го објаснуваат идентитетот преку есенцијалистичкиот, конструктивистичкиот и концептот за помеѓу-идентитет.

Носечка синтаксема во текстот е ‘потрага по коренот на потеклото‘, која е погодна да се проблематизира функционирањето и улогата на митот при потрагата по коренот на потеклото и по континуитетот и дисконтинуитетот на идентитетот. Според Мирча Елијаде „митот соопштува апсолутна вистинита приказна, доживување кое се случило во фиктивно време на самиот почеток“ (Елијаде, цитирано според Шкринариќ 12). Од друга страна, пак, „современото значење на зборот мит, го одразува токму тој миг кога вистинитоста на митот е надмината, и тој почнува да се доживува како илузија“ (Елијаде, цитирано според Шкринариќ 12). Токму за ‘митот кој соопштува една апсолутна вистинита приказна’ (словенството како мит за заедништво) и за ‘митот кој се доживува како илузија’ (современиот мит во согласност со актуелните општествено-политички состојби), кои претставуваат еден од можните излези при потрагата по коренот на потеклото, како и за нивното функционирање при тој процес станува збор во трудот[3]. Според Малиновски митот има „функција на хармонизирање и средување на поредокот[4], прагматична функ-

[2] Првата изведба на *Словенски ковчег* била на 22 април, 1998 година, во режија на Димитар Станкоски на сцената на Драмски театар.

[3] Во трудот условно прифаќаме:‘мит-апсолутна вистинита приказна (словенството како мит за заедништво)’ и ‘современ мит-илузија’ (современиот мит согласно актуелните општествено-политички состојби).

[4] Митот е неопходно средство кое му помага на човекот да си го најде своето место во

ција[5] и социо-регулативна функција[6] и улога на регулатор и стабилизатор и на човекот му дава практични правила на однесување“ (Малиновски, цитирано според Шкринарић 12). Следствено, човекот во контекст на актуелната сегашност може да ја нагласува индивидуалноста и чувството на континуитет, бидејќи „постојат непроменливи, често вродени основи на идентитетот кои се искажуваат како објективни општествени факти“ (Djordjevic 134), што укажува на есенцијалистичкиот концепт на идентитетот. Понатаму човекот може да е подложен на криза, сомнеж, оспорување, конструирање и да се менува низ бројните компоненти - идентитет за другиот, чувство за сопствен (дис)континуитет, бидејќи според Хол, „идентитетот подлежи на постојана трансформација, тој е предмет на континуирана игра на историјата, културата и моќта“ (Hall 225), што укажува на конструктивистичкиот концепт на идентитетот. И секако, човекот го актуализира чувството за надминување на инфериорноста затоа што според Баба, „идентитетот може да се редефинира и зависно од ситуацијата во која ќе се најде повторно се преговара за него“ (Baba 87), со што се актуализира концептот за помеѓу – идентитет.

‘Митот - апсолутна вистинита приказна’, ‘современиот мит – илузија’, нивното функционирање во контекст на актуелната сегашност како и идентитетот дефиниран според овие три логики, своите рефлексии ги наоѓаат и во драмата *Словенски ковчеѓ* на Андоновски, кој не губејќи го чувството на идентитетско разнообразие (конструктивистички идентитет) и неговото редефинирање во согласност со ‘современиот мит – илузија’, се стреми да го достигне и непроменливиот (есенцијалистички) идентитет, кој во ‘митот - апсолутна вистинита приказна’ го гледа можниот излез од потрагата по коренот на потеклото.

## 2. Авторот – драмата - митот

Андоновски, како вонредно инвентивен и имагинативен мајстор на драмскиот збор, во драмата *Словенски ковчеѓ* [7] ни ги доближува приказните за егзистенцијалните катастрофи, траумите, болките и дилемите на

светот и да се ориентира на вистинскиот начин во светот кој го опкружува.

[5] Митот не е само начин на човековото преднаучно осознавање на околината, туку врши практични функции – митот ја кодифицира мислата, го зацврстува моралот, поставува правила на однесување.

[6] Митот се занимава со хармонизирањето на односите меѓу индивидуата и општеството, меѓу социјалната група и природната средина, односно митот е длабоко социјален, дури и социоцентричен.

[7] Насловот упатува на *словенствоūто* како мит за заедништво, драмскиот текст е испишан по законите на модерната и на постмодерната драматургија и длабоко понира во сферата на потрагата по коренот на потеклото.

луѓето на оската Исток - Запад при ‘потрагата по коренот на потеклото’. Притоа, Андоновски дејствата ги гради врз контурите на спротивставувањето на ‘митот- апсолутна вистинита приказна’ (словенството како мит за заедништво) и ‘митот како – илузија’ (современиот мит во согласност со актуелните општествено-политички состојби), а се усредоточува кон борбата помеѓу две ‘јас‘ (ликовите Кукла, Бела, детето), и кон (не)моралните принципи на човекот (ликовите Кука, Томо, Змија). Имено, едни од ликовите, при потрагата по коренот на потеклото излезот го гледаат во ‘митот – апсолутна вистинита приказна’, други во ‘митот – илузија’, а трети и во ‘митот – апсолутна вистинита приказна’ и во ‘митот – илузија’. При ова, функционирањето на двата мита е ‘‘рбетот низ кој се протегаат докажувањето на континуитетот, на конструирањето и на чувството на (дис)континуитет на идентитетот, кој како резултат на спротивставувањето на двата мита на површина го вади конформизмот, конфликтот и антагонизмот кон ‘митот – апсолутна вистинита приказна’ и кон ‘митот – илузија’. Спротивставувањето**,** пак, потврдува дека токму асиметричниот друг[8] е најблиску изложен и на отпор кон и на наметнување на идентитетска аргументација од моќта[9] на моќниот друг**.** Со тоа (низ драмата) авторот овозможува да се идентификуваат последиците и ефектите од функционалното спротивставување на двата мита, што го дава одговорот на прашањето каков процес е потрагата по сопствениот корен на потеклото (словенството)? За потврда на констатацијата и за одговор на прашањето ќе се задржиме на содржината на драмата (со фокус кон функционирањето и на спротивставувањето на двата мита).

Драмата *Словенски ковчеѓ,* која е напишана луцидно и во / за времето денес од една страна зборува за симболичен ковчег[10] во кој симболично е скриено ‘словенското заедништво’ што како предок постоело некогаш, а денес се трага по него, и специфично е што неговото запалување и исчезнување е заменето со суровиот свет на бизнисот, парите и новите правила на западниот морал. Од друга страна, пак, зборува за самоба-

[8] Во драмата асиметричниот друг е „детерминиран од дискурзивниот режим на моќта, односно од онаа моќ што идеолошки ја воспоставува дополнителната дискриминациска граница, видена во мрежата на општествено-политичките, националните, социјално-класните и други односи“ (Шелева 87). Асиметричниот друг е оној што се измолкнува на нашата свест и знаење и она што престојува вон ‘нашата’ култура и заедница. Тој е не-јас, не-ние.

[9] Моќта не треба да се сфати како поединечна институција или способност која ја поседуваат одредени поединци, туку „таа е име за сложена стратегиска ситуација во дадено општество“ (Крамариќ 131).

[10] Ковчегот асоцира на богатиот духовен свет и автентична традиција на словенските народи изразена преку митологијата, фолклорот и творештвото во целина кон која традиција, а „модерните Словени“ негуваат негаторски и игнорантен однос, наспроти понизниот однос кон западната, европска реалност.

рањето на човекот во околината во која се распаѓа сè: семејството, домот, љубовта, моралот, верувањето и се бара потеклото за луѓе без свое јас, за луѓе што немаат свое мислење, што слушаат туѓи гласови во себе, за шизофрениците што се именуваат како дублери. Сржта на драмата е асиметричниот друг – Македонец (Кукла, Кука, Бела, детето, Арсо, Томо) и Моќниот Друг – Европеец (Змија). Нивните животни судбини (зависно од тоа кој каде се нашол), поврзани со запалувањето на ковчегот во подрумот, како и егзистенциите во согласност со конформизам, конфликт и антагонизам (како идентитетско дејствување), кон митот - апсолутна вистинита приказна и митот – илузија имаат различно упориште и се елаборираат во транзициски обоен општествен контекст.

Во драмата во која 'Човекот е кукла' дејствијата се случуваат на оската Исток-Запад[11] за време на транзицијата и елаборирана е судбината на Кукла (трага по Словенскиот ковчег и златното јаболко), кој верува дека во 'митот - апсолутна вистинита приказна' се наоѓа излезот од потрагата по коренот на потекло; судбината на Кука (сака да го заборави Словенскиот ковчег), кој верува дека излезот се наоѓа во 'митот – илузија'; судбината на Бела (на Исток самовила, на Запад манекенка во мртовечки чевли), која верува дека излезот се наоѓа и во 'митот - апсолутна вистинита приказна' и во 'митот – илузија, тројца пријатели кои ќе ги раздели Западот, но реперкусиите од Западот за тројцата ќе има трагичен белег. Понатаму, судбината и моќта на Змија (виенски моден креатор, трговец со багери, кожи, жени и друго), кој под декорот на 'вишите интереси', бездушно се обидува да го разурне и да го уништи најдрагоценото кај луѓето - човечноста, како и судбината на детето (син на Бела, со златно јаболко одбира татко), кое постојано го бара својот татко, надвор во светот.

Дејствијата и случувањата Андоновски ги лоцира во Македонија и во Австрија / Виена и временски ги ситуира во 1993 година. Тоа е време на распаѓање на разни идеологии и идеолошки системи, време на транзиција[12], време кога се проблематизира прашањето за идентитетот. Идентитетот во процесите на транзиција „добива исклучително, скоро магично значење, потврдува, сочувува, открива, развива свои посебни обележја и се спротивставува на безличноста, на наметнувањето на туѓо-

[11] Оската Исток-Запад во драмата е катализатор на новите односи што ги носи новото време, една понесеност во новиот живот, која ја прикажува и трагедијата на недоразбирањата и неразбирањата и во новото и за новото време.

[12] Транзицијата упатува на еден општествено-идеолошки феномен, проект, но и фактичка состојба, која имплицидно повлекува некаков премин, раскин, пресврт кон нешто друго сè уште не дефинирано, а ја означува и потребата за создавање на нов идентитет и нова идентификација, која подразбира најмалку два процеса: идентификација со колективот и самоидентификација.

то и на отуѓувањето“ (Георгиевска-Јаковлева 55), при што стариот облик ја губи силата, се претвора во руина, а новиот не се наѕира. Со таа безличност или потонатост во безличност се соочуваат асиметричните други: Кукла, Кука и Бела, кои поради функционалното спротивставување на двата мита како еден од излезите при потрагата по коренот на потеклото, трпат одредени последици и ефекти, со што се отвора релацијата идентитет – мит – потрага по коренот на потеклото. За потврда на оваа констатација ќе се задржиме на последиците и ефектите, кои произлегуваат од функционирањето на двата мита и од моќта на Моќниот друг, како и на релацијата идентитет – мит – потрага по коренот на потеклото.

## 3. Потрага по коренот на потеклото - функционирање на митот - последици и ефекти

Спецификата на потрагата по коренот на потеклото се огледува во егзистенцијално идентитетската реакција кон ‘митот-апсолутно вистинита приказна’ и кон’ митот-илузија’. Имено, станува збор за транзициски обоен општествен контекст во кој ликовите при потрагата по коренот на потеклото манифестираат конформизам, конфликт и антагонизам како индивидуален модел на идејно ангажиран однос кон едниот од можните излези: ‘митот-апсолутна вистинита приказна’ и ‘кон митот-илузија’, за три функции и три тека на функционирање на митот / митовите, кои пак го артикулираат односот ‘доминација – потчинетост’, ‘заповед – послушност’, ‘доминација – (не)послушност’ и предизвикуваат три тека на судбинско-егзистенцијални последици и ефекти врз (личниот) идентитет.

### 3.1. Функционирање на митот-апсолутна вистинита приказна - последици и ефекти

Првиот индивидуален идејно ангажиран однос, при барањето на можниот излез при потрагата на коренот на потеклото, се огледува во конформизмот на Кукла и детето кон ‘митот-апсолутно вистинита приказна’, чие функционирање овозможува „да не се предзначи сета егзистенција и идентитетот на индивидуата“ (Шелева 63). Тоа е еден индивидуален однос, кој е очигледно иницран од судирот меѓу два непомирливи света – светот на безумието (Змија) и светот на човечноста (Кукла, детето); од потребата да се докаже сопственото потекло; од чувањето на сопственото Јас / ‘идентитетот – потекло’, и од нешто на кое не се сметало – асиметричните други Кукла и детето пред моќниот Друг (Змија), да проговорат. Свесноста на Кукла и на детето, кои се „остварен спој на тагата, копнежот, надежта и самосвесна дисциплина“ (Капушевска-

Дракулевска 76), дека за да се потврдат и да опстанат во средината како свои треба да не го прифатат дискурсот на Моќниот Друг, им овозможува при потрагата на коренот на потеклото излезот да го гледаат во ‘митот-апсолутна вистинита приказна’, идентитетски да не отстапат од ‘идентитетот-потекло’, да не се смени нивната идентитетска рамка на самоидентификација, а при односите кои ги градат со околината се соочуваат со „решителноста да не се потклекне пред препреката“ (Шелева 56). Следствено ‘митот-апсолутна вистинита приказна’ кој функционира „во насока - хармонизирање и средување на поредокот“ (Малиновски, цитиран според Шкринарић 12), како резултат на спротивставувањето со ‘митот-илузија’ го артикулира односот ‘доминација – потчинетост’ и ја предизвикува последицата - отпор, која реферира на ефектот ‘егзистенцијално идентитетско жигосување – смрт’.

Непријатните настани во драмата за Кукла (иницирани од Моќниот Друг – западноевропеецот - Змија[13]), започнуваат со самиот ‘пожар во подрумот’ и со запалувањето на ковчегот, поради што Кукла добива седумгодишна затворска казна, а по излегувањето од затворот под притисок на новите околности – бизнис, лаги, корупција се чувствува изгубен. Кукла се бара себеси и му останува само неговиот сон за ветениот Запад видливо во репликата: „Одам по мојот ковчег. Во него има сенки и златно јаболко“ (Андоновски 495). Кукла трагајќи по корените на потеклото / по ковчегот стигнува до Запад - Виена, каде соочувајќи се / сретнувајќи се со супериорниот Моќен друг – Австриецот, под прекарот – Змија[14], кој прави напори да завладее со идентитетот на Кукла, видливо во репликата: „Немам ништо против истокот. Јас сум против лудилото, што доаѓа од истокот“ (Андоновски 509), почнува да го брани своето право и интегритет видливо во репликата „Од каде знаете дека сум од Исток“ (Андоновски 493). Кукла не го прифаќа дискурсот на моќниот друг, па во согласност со тоа дека „затекнатото и новото секогаш и секаде носат егзистенцијален и идентитетски немир“ (Малуф 87), поради самопотврда и самоидентификација прави еден радикален пресврт - како сопствена не ја прифаќа размислата на Змија: „вие сте лудилото што доаѓа од Исток“ (Андоновски 497), што води кон последицата отпор кон моќниот Друг, која пак реферира на ефектот ‘егзистенцијално идентитетско жигосување – смрт’, видливо во репликата на Кукла: „Значи ќе умрам“ (Андоновски 516). Кукла бесмислено ќе западне во беспаќе и ќе доживее

[13] Западноевропските маестра го имаат правото да ја прогласуваат моќта, тие се привилегирани да ги раководат, да ги насочуваат или да ги уредуваат идните развојни процеси во т.н. второстепени балкански земји / субјекти.

[14] Змија, кој е опскурен лик од подземјето и презрив коментатор на словенската „душа“, во Виена поседува модно студио, кое е покритие за јавна куќа, во која е вработена Бела, дојденката од Македонија.

лична трагика – смртоносен куршум, убиен е на границата, преку која, како услов за поинаков живот, го испраќаат други – Змија.

Непријатните настани за детето, започнуваат со самото негово оставање пред вратата на Цвета и Арсо – родителите на Кукла, од страната на Бела. Детето, кое е во постојана потрага по корените на потеклото, односно постојаното барање на својот татко видливо во репликата упатена кон Кукла „Значи не сакаш да ми бидеш татко?“ (Андоновски 516), и не ја прифаќа сугестијата на Бела: „Покажи дете татка си, со нишан златно јаболко, кому ќе нишан подариш него ќе татко завикаш“ (Андоновски 527). Во согласност со тоа дека „нема да биде подобро, новото не секогаш и секаде победува“ (Малуф 87), детето поради самопотврда и самоидентификација прави радикален пресврт - како сопствена**,** не ја прифаќа импутацијата ‘копиле’ што води кон последицата отпор**,** која пак реферира на ефектот ‘егзистенцијално идентитетско жигосување – идентитет – потекло’, видливо во репликата на детето: „Одам да си играм“ (Андоновски 527).

Кукла и детето, како асиметрични други, со желба за идентитетот да се чува во интегрален облик, да не се отстапи од ‘светите норми на потеклото’ (и да се остане во рамки на функционирањето на ‘митот-апсолутна вистинита приказна’), не го прифаќаат наметнатиот дискурс на Моќниот друг. Како објекти на набљудување (од Моќниот Друг - Змија) и субјекти на дејствување, не ја напуштаат тезата за неможноста за чисти идентитети (и останување во рамки на функционирањето на ‘митот – апсолутно вистинита приказна’). Но, како динамични феномени во континуитет, трагајќи по себепотврда и себеидентификување, одлуките што ги носат се во согласност со отпорот кон Моќниот Друг – Змија, кој не успева во одржувањето на односот ‘доминација-потчинетост’ и во експлоатацијата на идентитетот видливо во репликата на Змија: „површен сте и нељубопитен, постојано сте во потрага по некој нов подобар свет“ (Андоновски 494). Кукла во зацртаната просторна координата Запад во кој „човекот повеќе не е исклучен од можноста за лично влијание во сферата и текот на историското, т.е. развојното, дејствителното“ (Кристева 88), и детето, кое во зацртаната просторна координата – ‘Исток’ „изнаоѓа алтернативни начини да учествува во одлучувањето и во донесувањето на сопствена пресуда за своето дејствување“ (Кристева 98), не прифаќаат да бидат идентитетски обезличени. Кукла и детето чувствуваат дека во просторот се фатени во вителот на настаните: притисок – наметнување во кои тие (вечно) се вртат — една состојба која води кон „самозапрашаност на самоидентитетот, за себепотврдување, за себеодбрана и за себеидентификување: ’кој е овде?.. јас или некој што личи на мене?’ (Шелева 67). Наспроти нивната доскорешна пасивност, сега во согласност

ност со ставот за „зачувувањето на идентитет - потекло, совладување и воздигнување над драмата на човековиот живот и на индивидуалното искуство“ (Капушевска-Дракулевска 78), тие не ја губат контролата над животните околности. Имено, како решение против експлоатацијата, маргинализацијата при потврдувањето и зачувувањето на ‘идентитет – потекло’, и при потрагата по коренот на потеклото како можен излез дејствувајќи согласно есенцијалистичкиот концепт на идентитет низ компонентите идентитет за себе и чувство на сопствен континуитет на самопотврдување и себеидентификување како ‘идеално јас’ ја актуализираат функцијата на ‘митот – апсолутно вистинита приказна’ - хармонизирање и средување на поредокот. Рефлексијата на индивидуалното јас е видлива во конформизмот кон ‘митот-апсолутно вистинита приказна’ како можен излез при потрагата на коренот на потеклото. Оттука, излезот од една страна се огледува во – таткото (детето), а од друга се огледува во смртта (на Кукла), односно иницира ‘егзистенцијално жигосување – смрт’ (смртта на Кукла), како одговор на прашањето ‘каков процес е потрагата по сопствениот корен на потеклото?’. Иако, одговорот е потврден, сепак ‘словенството како мит за заедништво’ (како излез), во драмата ја има улогата да стабилизира, да ја нагласува индивидуалноста и чувството на континуитет во времето, со кој асиметричните други го добиваат својот глас.

Релацијата идентитет – мит – потрага по коренот на потеклото реферира на тоа дека секој поединец поседува внатрешна срж, различен е и има свој идентитет кој не може да се разложува, односно „идентитетот е вграден во темелите на личноста и не може да се менува“ (Barker 166). Што ќе рече дека како можен излез при потрагата на корените на потеклото, Кукла и Детето се во дослух со конформизмот кон ‘митот-апсолутна вистина’. Тој, пак, функционирајќи во насока на хармонизирање и средување на поредокот, ја детерминира судбината, егзистенцијата на Кукла и Детето, го потврдува изворниот идентитет-потекло рефлектиран и самопотврден како емоционален внатрешен трепнеж на себеидентификување и себепотврдување, и како резултат на спротивставувањето со митот – илузија го артикулира односот ‘доминација – потчинетост’ и ја предизвикува последицата отпор, која, пак, реферира на ефектот ‘егзистенцијално идентитетско жигосување – смрт’.

### 3.2. Функционирање на митот – илузија - последици и ефекти

Вториот индивидуален идејно ангажиран однос, при барањето на можниот излез од потрагата на коренот на потеклото се огледува во конформизмот на Кука (вљубен во Бела) и на Темо (кој на Исток е Змија**,** лик со телесен инвалидитет, имал сексуален однос со Бела), кон ‘митот-илу-

зија', кој „фатално ја предзначува сета егзистенција, идентитет и вредности на индивидуата" (Шелева 63). Тоа е однос кој е иницран од судирот меѓу два непомирливи света – светот на заповедта (Темо) и светот на послушноста (Кука). Свесноста на асиметричниот друг Кука кој е „остварен спој на тагата, копнежот и надежта" (Капушевска-Дракулевска 76), дека за да се заштити и да опстане во средината треба да го прифати дискурсот на Моќниот Друг (Темо), води кон тоа при потрагата на коренот на потеклото излезот да го гледа во 'митот-илузија'. Имено, идентитетски да отстапи од 'идентитетот-потекло' и радикално да се смени и неговата идентитетска рамка на самоидентификација – 'копиле и сенка', па при односите што тој ги гради со околината се соочува со „чувството на неугодност, но и на абјектност, одбивност" (Шелева 56). Следствено, 'митот-илузија', кој функционира прагматично како резултат на спротивставувањето на 'митот-апсолутна вистинита приказна' го артикулира односот 'заповед – послушност' и ја предизвикува последицата - конфликт, која, пак, реферира на ефектот 'егзистенцијално идентитетско жигосување – полудување'.

Непријатните настани за Кука иницирани од Моќниот Друг – Темо, кој на Исток е Змија и според кој на Исток: „живеат осакатени – празни човечки души кои согоруваат како ноќни пеперутки залепени на ламбата" (Андоновски 505), започнуваат со самиот 'пожар во подрумот' и со запалувањето на ковчегот. Но, Кука (и останатите Арсо, Темо, Цеце), за да ја прекрие вистината за сторителот на пожарот отвора кафеана каде што се соочува со моќта на системот. Адаптирајќи се на новите околности - бизнис, пари, корупција и не интересирајќи се за судбината на ковчегот / за коренот на потеклото, ја прифаќа претставата што Моќниот Друг – Темо ја негува за него, кој прави и напори да завладее со идентитетот на Кука, кој, пак, станува негова конструкција. Кука од една страна знае дека конформизмот кон 'митот-илузија' значи обид „за вградување на фундаментална пукнатинка во неговиот идентитет и дека со тоа тој би требало да го прими генот на инфериорноста како трајно национално обележје" (Бановиќ-Марковска 87). Од друга страна, пак, сметајќи дека во 'митот-илузија' ќе најде утеха и утока за својот неспокој, па во согласност со тоа дека „затекнатото и новото секогаш и секаде не носат егзистенцијален и идентитетски немир" (Малуф 87), поради самозаштита и самоопределување прави радикален пресврт и како сопствена ја прифаќа импутацијата 'копиле и сенка', што води кон последицата конфликт, која, пак, реферира на ефектот 'егзистенцијално идентитетско жигосување – полудување, видливо во репликата на Кука: „за Демир Хисар сум" (Андоновски 464), кој ќе западне во беспаќе и ќе доживее лична трагика – на раце му умира Кукла, кој е убиен на границата.

Следствено, Кука, како асиметричен друг кој ‘отстапува од светите норми на потеклото’, е и објект на набљудување (од Темо) и субјект на дејствување (кон Темо), и ја напушта тезата за неможноста за чисти идентитети (и вечно останување во рамките на функционирањето на ‘митот – апсолутна вистинита приказна’). Но, како нестабилен инфериорен феномен кој во континуитет бара самозаштита одлуките што ги носи се во согласност со конфликтот со Моќниот Друг - Темо видливо во репликата на Кука: „Јас сум ти син, Темо“ (Андоновски 522), кој успева во одржувањето на односот ‘заповед – послушност’ преку експлоатација на идентитетот видливо во репликата на Темо: „Дај телефонот вам у, копиле. Кој си ти бре сенко?“ (Андоновски 523). Кука во зацртаната просторна координата ‘Исток’ во кој „човекот на моменти е исклучен од можноста за лично влијание во сферата и текот на историското, т.е. пресвртувачкото еволуцијата“ (Кристева 88), не ја игнорира верзијата на „копиле - сенка / идентитет - проект“, во кое настојува да го вклопи ’Моќниот Друг – Темо. Идентитетски обезличен, Кука чувствува дека во просторот го гонат непомирливи сили што му ја одземаат сета автономија на дејствување, фатен во настаните во согласност со „трансфигурација на неговиот идентитет, за совладување и воздигнување над драмата на човековиот живот“ (Капушевска-Дракулевска 78), ја губи контролата над животните околности. Имено, не трагајќи по решенија против експлоатацијата, маргинализацијата, па при потврдувањето на ‘идентитет – проект’, и при потрагата по коренот на потеклото дејствувајќи согласно конструктивистичкиот концепт на идентитет низ компонентите идентитет за друг и чувство на сопствен (дис)континуитет на самозаштита, и на самоопределување како доживеано и општествено јас, како можен излез ја актуализира прагматичната функција на ‘митот – илузија’. Следствено, излезот од една страна се огледува во конформизмот кон ‘митот-илузија’, а од друга се огледува во конфликтот со Моќниот друг со што се иницира ‘егзистенцијалното жигосување – идентитетско обезличување и полудување како одговор на прашањето каков процес е потрагата по сопствениот корен на потеклото. И во овој случај, во драмата, трагичен е излезот, но сепак ‘современиот мит-илузија’, ја има улогата на регулатор кој го нагласува чувството за сопствен (дис)континуитет во времето, и дотогаш асиметричните други Западот ги препознава како фикција, со која потоа живее и работи.

Оттука, релацијата идентитет – мит – потрага по коренот на потеклото реферира на тоа дека поединецот презема различни идентитети во различни времиња, и во просторот поединецот не е заокружена и самосвесна единка, туку се формира во односите со другите, врз основа на одредени процеси се врзува за одредена општествена група – класата (во

конкретниот случај – со Моќниот друг - Темо), на чија основа се создава неговиот ‘идентитет - проект’. Имено „идентитетот на поединецот се вшива во таа поширока структура, со што се стабилизира неговиот свет, а на чија основа и поединецот и поширокатa општествена структура – стануваат единствени и предвидливи“ (Хол 16). Што ќе рече дека како можен излез при потрагата на корените на потеклото и при самата креација на ‘идентитетот-проект’, Кука е нужно во дослух со конформизмот кон ‘митот-илузија’. Тој, функционирајќи прагматично, ја детерминира судбината, егзистенцијата, го потврдува ‘идентитетот-проект’ препознаен и самопотврден како емоционален внатрешен трепнеж на себеодбрана и самозаштита, и како резултат на спротивставувањето со ‘митот-апсолутна вистинита приказна’ го артикулира односот ‘заповед - послушност’ и ја предизвикува последицата конфликт, која, пак, реферира на ефектот ‘егзистенцијално идентитетско жигосување – полудување’.

### 3.3. Функционирање на митот – апсолутно вистинита приказна и на митот – илузија - последици и ефекти

Третиот индивидуален идејно ангажиран однос при барањето на можниот излез од потрагата на коренот на потеклото се огледува во конформизмот на Бела, која е испровоцирана од „нејзиниот фундаментален проблем - укинувањето на нејзините желби и разрешувањето од битисувањето“ (Кристева 76), како кон ‘митот-апсолутно вистинска приказна’ така и кон ‘митот-илузија’, кои успеваат „фатално да ја предзначат сета егзистенција, идентитет на индивидуата“ (Шелева 63). Тоа е однос кој од една страна е иницран од судирот меѓу два непомирливи света – светот на безумното насилство (Змија) и светот на човечноста (Бела); од „немањето место за ниту најформалното и најобичното право на субјективитет“ (Жижек, цитирано според Крамариќ 124). Понатаму, тоа е однос кој е иницран од различноста на она од каде се доаѓа и од потребата да се докаже сопственото Јас и чување на ‘идентитетот – потекло’. И секако, тоа е однос иницран и од нешто на кое не се сметало – асиметричната друга Бела пред моќниот Друг - Змија гласно да проговори. Свесноста на Бела, која е „остварен спој на тагата, копнежот, и надежта“ (Капушевска-Дракулевска 76), дека за да се потврди во средината како своја треба да не го прифати дискурсот на Моќниот Друг - Змија, па при потрагата на корените на потеклото излезот го гледа во ‘митот-апсолутно вистинита приказна’, идентитетски не отстапува од ‘идентитетот-потекло’ и не се менува нејзината идентитетска рамка на самоидентификација. Но, од друга страна, пак, за да опстане треба да го прифати дискурсот на Моќниот Друг, па при потрагата на корените на потеклото излезот го гледа во ‘митот-илузија’, идентитетски отстапу-

ва од ‘идентитетот-потекло’ се менува и нејзината идентитетска рамка на самоидентификација, па при односите кои таа ги гради со околината како меѓуидентитет се соочува со „решителноста да (не) се потклекне пред препреката“ (Шелева 56). Следствено, ‘митот-апсолутно вистинита приказна’ и ‘митот-илузија’, кои едновремено функционираат социорегулативно го артикулираат односот ‘доминација – (не)послушност’ и ја предизвикуваат последицата антагонизам, која реферира на ефектот ‘егзистенцијално идентитетско жигосување – смрт’.

Непријатните настани за Бела (иницирани од Моќниот Друг – Змија), започнуваат со самиот ‘пожар во подрумот’ и со запалувањето на ковчегот. Бела за да се спаси себеси бега од сопствената биографија, од корените на потеклото, видливо во репликата: „А кој сега ќе се грижи за мене“ (Андоновски 504), и заминува за Виена. Тука, од една страна ги прифаќа правилата на новите околности и ја чувствува тежината на пеколното време бизнис, лаги, проституција и дрогирање видливо во репликата: „Сè е обратно во овој свет“ (Андоновски 502). Од друга страна, пак, се соочува / сретнува со супериорниот Моќен друг – Австриецот – Змија, кој заслепен од моќта, стремежот за престиж над асиметричниот друг манифестира репресивен однос кон Бела и прави напори да завладее со идентитетот на Бела. Но, според Георгиевска-Јаковлева: „употребата на глаголот ‘владее’ не е случајна – таа упатува на нешто што *на Змија небаре му следува како Моќен Друг*“ (Георгиевска-Јаковлева 74, *Курзив Б.Р.Н.*), кој сака да пласира едно победничко чувство на заземање и владеење на своето, т. е. на она што тој смета дека било, е и ќе остане негово, не успевајќи во замислата, видливо во репликата на Бела: „Кукла, сакам да си одам! Овде и Сонце заоѓа, Кукла!“ (Андоновски 525). Бела, која е врската меѓу Истокот и Западот, на Исток / Балканот таа е неморална жена, на Запад ја претставуваат како модел, која при средбата со Змија почнува да го брани своето право и интегритет. Бела од една страна ја прифаќа западната доминација и го прифаќа дискурсот на Моќниот друг - Змија и поради самозаштита прави компромис со самата себеси, и како сопствена ја прифаќа импутацијата ‘Албина’ од Змија што води кон последицата проституција и дрогирање – која, пак, реферира на ефектот ‘егзистенцијално идентитетско жигосување - конструкција. Од друга страна, пак, во согласност со тоа дека „затекнатото и новото секогаш и секаде носат егзистенцијален и идентитетски немир“ (Малуф 87), поради самоопределување прави радикален пресврт - како сопствена, не ја прифаќа наредбата на Змија „Оди, соблакај се“ (Андоновски 476), што води кон последицата антагонизам кон Моќниот друг, која пак реферира на ефектот ‘егзистенцијално идентитетско жигосување – смрт’ видливо во репликата на Бела: „Ми треба. Дај ми една доза“ (508), која

ќе западне во беспаќе и ќе доживее лична трагика – самата ќе се задави – се самоубива.

Следствено, Бела, како асиметричен друг, кој (не) отстапува од светите норми на потеклото е и објект на набљудување (од Змија) и субјект на дејствување (кон Змија), свесно или несвесно ја напушта тезата за (не)можноста за чисти идентитети (и вечно останување во рамките на функционирањето на 'митот-апсолутно вистинита приказна' и на 'митот-илузија'). Но, како нестабилен инфериорен феномен кој во континуитет трага по самозаштита и самоопределување, одлуките што ги носи се во согласност со послушноста и антагонизмот кон Моќниот Друг – Змија, видливо во репликата на Бела: „толку немам смисла за стварноста" (Андоновски 503), кој, пак, успева во одржувањето на односот 'доминација – (не)послушност преку експлоатација на идентитетот видливо во репликата на Змија: „Зарем треба да се грижам и за тебе да ти биде добро" (503). Имено, Бела во зацртаната просторна координата 'Запад' во кој „жената е, но и не е исклучена од можноста за лично влијание во сферата и текот на историското, т.е. дејствителното, еволуцијата" (Кристева 88), не ја игнорира верзијата на Албина / 'идентитет-проект', во кој настојува да ја вклопи 'Моќниот Друг. Од друга страна, пак, не прифаќа да биде идентитетски обезличена, и – самата се задавува – се самоубива. Чувствува дека во просторот ја гонат непомирливи сили што ѝ ја одземаат сета автономија на дејствување, па фатена во вителот на настаните – во согласност со „зачувување на идентитет-потекло, виталното совладување и воздигнување над драмата на човековиот живот и на индивидуалното искуство" (Капушевска-Дракулевска 78), како и „трансфигурација на нејзиниот идентитет-потекло, за виталното совладување и воздигнување над драмата на човековиот живот и на индивидуалното искуство" (Капушевска-Дракулевска 78), не ја губи рефлексивната контрола над животните околности како помеѓу-идентитетот.

Следствено, (не) трага по решенија против експлоатацијата, маргинализацијата, па при потврдувањето и зачувувањето на идентитетот-помеѓу и при потрагата по коренот на потеклото дејствувајќи во согласност со концептот за помеѓу-идентитет низ компонентите идентитет за себе, и идентитет за друг, чувство за сопствен (дис)континуитет на самоопределување на идеалното јас и на доживеаното јас, како можен излез ја актуализира заедничката социорегулативна функција и на 'митот-апсолутно вистинита приказна' и на 'митот-илузија'. Следствено, излезот од една страна се огледува во едновремениот конформизам и антагонизам и кон 'митот-апсолутно вистинита приказна' и кон 'митот-илузија', а од друга се огледува и во конформизмот и во антагонизмот кон дискурсот на моќниот друг – Змија, кои, пак, го иницираат 'егзистенцијалното жи-

госување – чувство на самопочит и идентитетско обезличување и смрт како одговор на прашањето ‘каков процес е потрагата по сопствениот корен на потеклото. И во овој случај, во драмата трагичен е излезот, но сепак ‘митот-апсолутна вистинита приказна’ и ‘митот-илузија’, ја имаат улогата да стабилизираат и да регулираат, и да го нагласат чувството за сопствен (дис)континуитет во времето, и дотогаш субалтерните Западот ги препознава како фикција, со која потоа живее и работи (како што е случајот со Бела).

Оттука релацијата идентитет – мит – потрага по коренот на потеклото реферира на тоа дека секој поединец е различен и има свој идентитет (вистинскиот природниот), „кој од една страна не може да се разложува, а од друга пак, може да се менува па поединецот трага по корените / потеклото за да посочи на вистинскиот идентитет“ (Малуф 87). Што ќе рече дека како можен излез при потрагата на корените на потеклото и при самата креација на ‘идентитетот-помеѓу’ Бела е нужно во дослух и со конформизмот кон дадената реалност ‘митот-апсолутно вистинита приказна’ и ‘митот-илузија’ кои, функционирајќи социорегулативно, ја детерминираат судбината, егзистенцијата на Бела, го потврдуваат помеѓу-идентитетот рефлектиран и самопотврден како емоционален трепнеж на себеопределување и себезаштита, и како резултат на спротивставувањето на двата мита се артикулира односот доминација – (не) послушност и се предизвикува последицата антагонизам, која пак го иницира ефектот ‘егзистенцијално жигосување – чувство на самопочит и идентитетско обезличување и смрт’.

Следствено, може да се констатира дека при потрагата по коренот на потеклото, функционирањето на ‘митот-апсолутна вистинита приказна како хармонизирање и средување на поредокот е клучно за континуитетот на идентитетот со што се потврдува есенцијалистичкиот опстанок. Прагматичното функционирање на современиот ‘мит-илузија’ ја актуализира актуелната општествено-политичка состојба како моќ за (дис) континуитет, криза, сомнеж и оспорување на идентитетот, со што се потврдува конструктивистичкиот опстанок. Едновременото социорегулативното функционирање и на ‘митот-апсолутна вистинита приказна’ и на ‘митот-илузија’ е клучен за градењето на сопственото чувство на самопочит, со што се потврдува меѓуидентитетскиот опстанок. Ваквите констатации ги потврди и самата предметна драма, преку која покажавме дека при потрагата по коренот на потеклото како можни излези се спротивставуваат два мита: ‘митот-апсолутна вистинита приказна’ и современиот ‘мит-илузија’ чие спротивставување претставува една неочекувано трагична егзистенција на индивидуалниот идентитет.

## Заклучок

Андоновски во драмата нурнува во најскриените пластови на човековата егзистенција и неговата потрага по коренот на потеклото. Кај Андоновски видлива е желбата да даде свое видување на егзистенцијалните и идентитетските проблеми кои ја засегаат индивидуата, а се поврзани со функционирањето на ‘митот-апсолутна вистинита приказна’ и ‘митот-илузија’, како можни излези при потрагата по коренитe на потеклото, кои, функционирајќи во насока на хармонизирање и средување на поредокот, прагматично и социорегулативно ја детерминираат судбината, егзистенцијата на идентитетот-потекло, идентитетот-проект и меѓуидентитетот. Спротивставувањето на двата мита ја артикулира приказната за конформизам (Кукла,), за конфликт (Кука) и за антагонизам (Бела), реферира на ефектот ‘егзистенцијално идентитетско жигосување – смрт’, и укажа дека излезот од потрагата по коренот на потеклото е трагичен. Во драмата се посочува на недостатокот од разбирањето на асиметричниот друг, а драмата тој недостиг го толкува како конфликт, односно судир (Исток-Запад), виден преку спротивставеноста на двата мита, кои доколку најдат заедничка точка, би можеле да достигнат успешно решение на проблемот – излезот од потрагата по коренот на потеклото да не е трагичен. Моменталната општествено-политичка ситуација сé уште го бара излезот / решението за коренот на потеклото и токму тоа ги прави актуелни прашањата што ги третира драмата: потрагата по коренот на потеклото, функционирањето на ‘митот-актуелна вистинита приказна’ и на ‘митот-илузија’, и (личниот) идентитетот. Следствено, пак, актуелноста на овој труд се огледува во сознанието дека тој (трудот), меѓу другото, може да претставува и повик кон понатамошно истражување, во смисла на тоа како митот се третира во други постјугословенски драмски дела, или, пак, во современа македонска режија.

## Цитирана литература

### На кирилица:

Анастасова-Шкрињариќ, Нина. *Митски координати*. Македонска реч, 2008.

Андоновски, Венко. *Собрани драми.* Табернакул, 2010.

Бановиќ-Марковска, Ангелина. *Групен портрет.* Магор, 2007.

Георгиевска-Јаковлева, Лорета. *Идентитети.* Институт за македонска литература, 2012.

Капушевска-Дракулевска, Лидиј. *Поетика на несознајното.* Магор, 2001.

Мазова, Лилјана. *Театарски сложувалки.* Силсон, 2019.

Мојсова-Чепишевска, Весна. „Македонската поетика и стилистика: 1990-2025“, *Македонска поетика и стилистика*. Тошовиќ, Б., Ковилоски, С. (ур.), 113-138. Комисија за стилистика при Меѓународниот славистички комитет, 2025.

Павловски, Мишел. *Театарот и митот.* МИ-АН, 2004.

Саид, Едвард. *Ориентализам.* Магор, 2003.

Стојановска, Ана. *Македонски постмодерен театар.* ФДУ, 2006.

Тодорова, Марија. *Замислувајќи го Балканот.* Магор, 2002.

Чакраворти Спивак, Гајатри. *Постколонијална критика*.Темплум, 2003.

Шелева, Елизабета. *Културолошки есеи.* Магор, 2011.

### На латиница:

Baba, Homi. *Smeštanje kulture*. Beogradski krug, 2004.

Hall, Stuart. „Kome treba identitet“, U. D. Duda (ур.), *Politika teorije.* Disput, 2006.

821.163.3-93-2.09”18”
2-264:82-93-2.09

# Митолошкото и сказновидното во драмата за деца од 19 век до новото време: врз примери од македонски и странски драми

**Сузана Мицева**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за фолклор „Марко Цепенков“
suzana.micev@gmail.com

**Апстракт:** Митот се среќава како подлошка во голем број книжевни жанрови. Како фрагмент што го поддржува наративот или само како метафора, митолошките приказни и претстави се присутни и во книжевноста за деца. Покрај митолошкото, примерите што ги анализираме во овој труд содржат и бројни сказновидни елементи, кои ќе се обидеме да ги детектираме. Драмата за деца не е исклучок. Митолошките теми и сказновидните се среќаваат во некои од првите драмски текстови за деца во Македонија, но и пошироко. Драмата е соодветна форма за изразување на детската креативност и спонтаност, доколку детето е учесник во неа, но и средство за поттикнување на имагинацијата и непосредно учење, кога низ драмска игра се претставуваат различни животни ситуации, историски и митолошки приказни. Во основа на драмската игра е имитацијата, она што е карактеристично и за детето. Драмата сфатена како продолжување на детската игра е важна алатка во развојот на детето. Низ игра детето се забавува, учи, комуницира, но и создава. А, создавањето и креативноста се клучни за поттикнувањето на детската фантазија и имагинација. Само низ процес на создавање детето може да ги развива своите потенцијали, да го осознава светот во кој живее, но и да оформи нови гледишта. Во овој труд ќе се обидеме да го препознаеме и да го анализираме митолошкото и сказновидното низ неколку примери во драмите за деца од 19 век до современието, вклучувајќи ги и телевизиските и радиодрамите, како особено популарна форма.

**Клучни зборови:** мит, драма, детска драма, книжевност за деца

# The Role of Myth in Children's Drama from the 19th Century to Contemporary Times: Examples from Macedonian and International Works

**Suzana Miceva**
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Marko Cepenkov Institue of Folklore
suzana.micev@gmail.com

**Abstract:** Myth is found as a substrate in many literary genres. As a fragment that supports the narrative or just as a metaphor, mythological stories and plays are also present in children's literature. In addition to mythological, the examples that we analyze in this paper also contain numerous fairy-tale elements that we will try to detect. Children's drama is no exception. Mythological and fairy-tale themes are found in some of the first drama texts for children in Macedonia, but also beyond. Drama is an appropriate form for expressing children's creativity and spontaneity, if the child is a participant in it, but also a means of stimulating imagination and direct learning, when different life situations, historical and mythological stories are presented through dramatic play. At the heart of dramatic play is imitation, which is also characteristic of the child. Drama, understood as an extension of children's play, is an important tool in the development of a child. Through play, a child has fun, learns, communicates, and creates. And creation and creativity are key to stimulating a child's fantasy and imagination. Only through a process of creation can a child develop their potential, understand the world in which they live, and also form new perspectives. In this paper we will attempt to recognize and analyze the mythological and fairy-tale elements in children's dramas from the 19th century to the present day, including television and radio dramas, as a particularly popular form.

**Keywords:** myth, drama, children's drama, children's literature

## 1. Вовед

Ако се бара основата на целокупната книжевност, тоа секако ќе биде во корените на митот како место во кое е зачната и културата воопшто. Митот ѝ помага на уметноста не само да се оформи и да се изрази, туку ја прави универзална, во согласност со гледиштето на Касирер, кој го третира митот „како еден дел од културата, на еднакво рамниште со јазикот, уметноста, религијата, науката“ (Cassirer 110). Човекот како креатор на митовите денеска може само да ги претпоставува причините и условите за нивното создавање, затоа што митот стана помоќен од својот креатор. Го надмина надживувајќи го и станувајќи стар колку и времето и севкупното сеќавање. Митот честопати се разбира како приказна за почетокот на светот, но и се „обидуваат да му дадат смисла на постоењето, со истакнувањето на иницијалната светост и на врската која луѓето ја имаат со божественото“ (Тодоровска 9). Дури и дефинирањето на митот е невозможно. Бројни теоретичари од различни дисциплини направиле обид да го дефинираат митот и да ги расветлат неговите функции. Барт тргнува од општото поимање на митот како „јазик сам за себе“, кој може да подлежи на бројни читања, интерпретации и значења“ (Bart 206).

Како што забележува Ван дер Лев, митот ѝ се спротивставува на секоја теорија со крајна тврдоглавост. Лешек Колаковски не се ни обидува да го дефинира митот, а Јохан Шмидбауер вели дека јасното разграничување на митот од сказната, легендата, анегдотата или епското пеење е возможно само доколку митот сè уште живее во општеството (Ilic 88).

Росиќ смета дека „традиционалниот митолошки материјал од митолошки претстави, легенди, приказни и преданија во авторските книжевни дела се користи во понатамошното обликување на непрегледната низа на слики и симболи“ (Росић31). Сепак, во книжевната теорија има обиди да се направи разлика помеѓу митот и сказната пред сè во разбирањето кое постоело кај старите народи за овие две раскажувачки форми. Имено, за митот се верувало дека е вистинит, додека бајката никогаш немала таква претензија. Според Анастасова-Шкрињариќ „терминот бајка е архаичен термин, кој постои многу одамна во словенските јазици, но во стручната литература се употребува дури во XVII век како ознака за „чудесна приказна“ или „приказна за неверојатни и чудесни настани, заснована на измислица и фантазија“ (Анастасова-Шкрињариќ 7). Но, современата наука не може да ја направи јасната дистинкција помеѓу митот и сказната. Уште во 19 век браќата Грим бајката ја сфаќале како продлабочена митологија. Дека бајката е на некој начин наследничка на митот говори и Стипе Ботица, смета дека убавината на сказновидното случување е во совладувањето на различни препреки, за кои особено е

значајна досетливоста на човекот кој сето тоа може да го направи, за што е потребна човечка логика и волшебни средства.

Може да се смета дека бајката тоа го има наследено од митот бидејќи во митот главните актери сами по себе поседуваат волшебна моќ. Митовите разрешуваат одредени судбински општочовечки прашања, додека бајките конкретни поединечни ситуации. Крајот на митовите е трагичен и неповолен, а во бајките е целосна спротивност - тие се позитивни и бескрајно весели (Botica 12).

Со сличен став е и Бошковиќ-Стули, која вели дека „сказните содржат елементи од обичниот живот, мотиви со магиско и митолошко потекло, реликти на ритуалите и обичаите, сексуални мотиви и симболи, но сите тие се ослободени од првобитното конкретно значење (Bošković-Stulli 285).

Во целокупната книжевност митот и сказната се среќаваат како граѓа со која се создаваат уметничките дела, па во согласност со тоа и во книжевноста за деца како нејзин интегрален дел. Митолошки и сказновидни елементи се среќаваат и во драмските текстови кои се предмет на интерес на овој труд. Примерите на драмските текстови што се анализираат во овој труд се обидуваат да ги пронајдат токму врските помеѓу митолошкото, сказновидното и уметничкото (авторското).

## 2. Митот и сказната: граѓа во книжевноста за деца

Пишувањето драмски игри за деца во Македонија, своите почетоци ги има во преродбенскиот 19 век. Ваквите драмски обиди немаат некоја изразена книжевна вредност, но за македонската литература се значајни затоа што претставуваат почеток на драмската дејност во Македонија. Џинот прв го воведува театарот во училиштата. Подготвувал театарски претстави, а напишал и осум театарски сцени, од кои една има митолошка основа. „Занимливо е дека Јордан Хаџи-Константнов Џинот ги организирал своите ученици во подготовките за изведување на одделни драмски форми прикажувани на празници во училишниот театар“ (Стефановски 368).

Во драмскиот текст *Минерва и девет музи и Остримеч разговарајат ради изгубена Болгарија“* доминира дијалогот помеѓу Минерва, лик од грчката митологија, која ја претставува божицата на мудроста и Остримеч. Поленаковиќ верува дека зад ликот на Остримеч е самиот автор-Џинот, кој „задоен со грчката митологија, од Олимп симнува во Македонија цела група богови и богињи, музи, за да ја разбудат татковината на Џинот и неговиот заспан народ“ (Поленаковиќ 319). Во драмскиот текст божицата Минерва вели дека „ќе ја венчат Болгарија,

па затоа се подготвуваат да ја даруваат како што претходно ја дарувале и цела Европа“ (Тодоровски 112). На прашањето со што ќе ја даруваат, Минерва одговара: „Клобуко мој, кој значи Смирение. Но крилата что гледаш на клобуко, са ум, разсудок и размишление. Ете ова ќе ја дарувам сестрата моја Болгарија. Но чадата нејни мало са упорни и неохотливи за мојат дар. Обаче се надејем сос овија девет девојчина да ги победиме глупите чадаБолгини“ (Тодоровски 112).

Минерва упатува забелешки за начинот на кој се живее во тогашна Бугарија, алудирајќи дека народот е мрзелив и сака лесен живот, лишен од учење и напорна работа. Нејзините дарови се смирение, ум, расудување и размислување, со надеж дека ќе ги натера да го засакаат и практикуваат учењето. Драмската сцена на децата низ игра им ја пренесува важноста на образованието, што е сосема разбирливо ако се имаат предвид условите во кои Џинот ја изведувал наставата во тогашна Македонија. Џинот веројатно не ја избрал Минерва случајно да биде онаа што ќе го разбуди заспаниот и неук народ. Или, како што наведува Поленаковиќ, поради „задоеност од грчката митологија“. Тој ги користи митолошките божества како симболи со цел да ги инспирира децата, да ги поттикне на размислување. Џинот како автор, а пред сè како учител, веројатно на тој начин се обидел да влијае во градењето на народната свест и кај возрасните – гледачи на драмските претстави и кај учесниците – ученици. Минерва ја претставува мудроста што му е потребна да го натера народот на ука, па затоа се симнува дури од Олимп со своите придружнички да ја изврши просветителската мисија. Остримеч поставува и други прашања поврзани со значењето на предметите што ги носи Минерва, а нејзиното објаснување повторно го симболизира она што му недостига на народот: труд, посветеност, храброст, решителност. Така, на прашањето што значат двете змии испреплетени околу стапот што го држи во раката, таа одговара: „Мудро постапуане между несогласито и несоединението. Зашто на Болгарија чадата ѝ са совсем во неслогата и глупо влечење. Пијани са от тупиот упор (инат) и глупиат разсудок, за нос всекој ги влече. Неучението ги покварило, за едно кафе мужеството си го претворуват во жени“ (Тодоровски 112). Преку симболиката на двете змии Џинот на наједноставен начин ги илустрира несогласувањето и неслогата како видливи проблеми во тогашната средина. Тој постојано алудира на неукоста како причина за лошото расудување на народот.

Драмската сцена „Минерва и девет музи...“ го има токму дидактичко-просветителскиот наратив, толку потребен во втората половина на 19 век. „Организирајќи школски престави, Џинот имал можност и на овој начин-од сцената, да го поучува своите ученици, нивните родители и останатите граѓани што присуствуваа на изведувањето на дијалошките

сцени“ (Поленаковиќ 317). Со ваквите изведби и децата усвојуваат нови вештини, низ игра учат но и ги интерпретираат проблемите во реалниот свет.

И светската драмска литература за деца познава примери со митолошки признаци. Раниот дваесетти век, кога создаваат европските симболисти, ја забележува драмата *Синаѓа ѓтица* од фламанскиот писател Морис Метерлинк, во која на еден симболичен начин се употребуваат митолошки, но и сказновидни елементи. Мелетински вели дека митологизмот е карактеристика на целокупната литература на дваесеттиот век. И како уметничка постапка, и како однос спрема светот на кој се заснова таа постапка. Тој впечатливо се манифестирал и во драмската литература и во поезијата и во романот (Мелетински 361).

Митологизмот што го користи Џинот е повеќе во фукнција на постигнување на дидактичките цели, ако се имаат предвид условите во кои творел овој претставник на македонскиот романтизам, додека Метерлинк во *Синаѓа ѓтица* митолошките елементи ги користи со симболичка функција, со што делото добива своја уметничка вредност.

Според Мелетински, семантиката на сказната може да се интерпретира само ако се појде од митолошките извори. Станува збор за митолошка семантика, меѓутоа таа се одвоила од племенските верувања и примила извесна поетска условеност, а од друга страна, направила исчекор од космичкото − кон социјалното и индивидуалното (Мелетински 48).

Па така, уште на самиот почеток при запознавањето со ликовите во оваа драма ги гледаме обележјата на сказната. Тилтил носи облека како Палче од приказната на Шарл Перо, додека неговата сестра Митил ја носи облеката на Црвенкапа. Родителите и бабата и дедото носат облека на селско сиромаштво и дрвосечачи од германските приказни на браќата Грим, сосетката Берленго, т.е. вила Берилин носи костим на просјачка од приказните, со исклучок на првиот чин во кој се појавува и како кнегиња. Митот е сложена стварност, иако се среќава и како едноставна форма, но, на животот на неговите ликови во уметничката книжевност може да им се пристапи од различни перспективи (Zalar 103).И во драмата *Синаѓа ѓтица* митолошкото служи за да му создаде на детето-читател одредена слика за светот. „Детето многу постихијно се вовлекува во животот, отколку возрасните, кои имале време да изградат некои хиерархии и односи. Тоа го восприема светот најпрво со своите сетила (Todorov 113). Во митологијата среќаваме бројни нереални ликови како добрите и зли духови, добри и зли вили, митските владетели, суштествата од задгробниот свет итн. Така, ликовите што ги среќаваме Мајчинската љубов, Домашната среќа, Големата радост, Светлината, Дрвјата, Лебот, Огнот, Водата, но и Кучето и Мачето, кои се облечени во специфични костими

со глави што дискретно потсетуваат на животните што ги претставуваат, можеме да ги набљудуваме и низ митолошка призма. Најголемиот дел од дејството на оваа драма напишана во вид на сказна се одвива во сонот, во состојба на несвесното, каде што сѐ е возможно и се случуваат најголеми чуда. Бајката ги содржи сите функции што Проп ги наведува во својата книга *Морфологија на сказната*, а помошниците им помагаат да ја пронајдат сината птица, волјата, среќата или потребата за живот.

Драмата почнува сосем вообичаено, мајката и таткото ги проверуваат децата пред спиење. Во еден миг едното од нив прозборува, но, не е сосем јасно дали е будно или зборуваат во сон.

Тилтил: Спиеш ли?
Митил: А ти?
Тилтил: Па не спијам штом зборувам со тебе (Meterlink 18).

Во разговорот Тилтил и Митил спомнуваат дека мајка им ја заборавила ламбата, но претходно нараторот објаснува дека „Мама Тил ја гаси ламбата па излегува од собата“, при што децата остануваат во темница. Ова ни навестува дека станува збор за заеднички сон на децата. Домот во кој живеат се опишува како скромен, но не и бедна дрвосечачка колиба. Детската фантазија оди дотаму што Тилтил и Митил целосно се соживуваат со прославата на Божиќ во домот на богатото семејство,којго набљудуваат од нивниот прозорец. Чистите детски срца се радуваат на веселата празнична атмосфера кај богатите деца, без воопшто да завидуваат на благосостојбата што ја сведочат во другиот дом.

Митил: А што е сето тоа на масата?
Тилтил: Колачиња, овошје, торта со павлака...
Митил: И јас еднаш кога бев мала тоа го јадев...
Тилтил:И јас, тие слатки се повкусни од лебот, ама ги има сосем малку.
Митил: Тие имаат многу. Полна е масата. Сите ли ќе ги изедат?
Тилтил: Сигурно, што друго ќе им прават? (Meterlink 21).

Набљудувањето на Божиќ во богатото семејство е како позајмена сцена од бајката *Девојчето со ќибритчињата* на Андерсен . Само што дечињата не се смрзнуваат додека ја набљудуваат прославата, туку од топлиот, но скромен дом вчудоневидени ја гледаат раскошната трпеза и веселбата.

Нејасната граница помеѓу сонот и јавето, помеѓу реланото и фантастичното се потврдува со доаѓањето на сосетката Берленго, која пред децата го отфрла својот идентитет, и им се претставува како вила

Берилинг. Таа наликува на вештерките од сказните за Ивица и Марица и Снежана: стара, подгрбавена со голем кукаст нос што ѝ ја допира брадата. Ликот на вештерката, отелотворена анима − фигура која ја надополнува женската страна во машката личност (Анастасова-Шкрињариќ166). Вештерката вусшност упатува на архетипските претстави што се одлика на сказните, кои Јунг ги поврзува со феноменот на иницијацијата. Јунг смета дека вештерката е проекција на машката анима, односно женски древен аспект кој опстојува во потсвеста на човекот: вештерките ја отелотворуваат таа омразена сенка, од која човекот никако не може да се ослободи и истовремено се надарени со огромна моќ (Шевалие и Гербран 149). Самопрогласувањето на сосетката во вила е уште еден митолошки симбол. Вилите или самовилите се чести суштества во многу светски митологии. Во хиндуистичката и во будистичката митологија, приказот на самовилите одговара на апсарите (небесни нимфи). Во грчката митологија, нимфите се полубожества:млади жени кои имаат карактеристики на самовили, додека во германската митологија, Валкира е воин. Русите и Чесите имаат приказни за самовили-Русалки. Во хрватското традиционално наследство исто така се среќаваат Русалки, што е словенско име за водни самовили (Kulišić 139). Преобразувањето на сосетката во вила се случува со помош на зеленото шеширче со дијамант, кое го става на главата на Тилтил, при што таа станува прекрасна кнегиња. Дијамантот е симбол на совршеноста, но и еден вид амајлија. Според преданијата на Западна Европа, тој ги растерува и дивите животни, духовите, вештерките и сите ноќни кошмари (Шевалие и Гербран 250). Магијата полека почнува да го обзема и целиот простор: едноставните камења од кои е сосидана куќата стануваат скапоцени сафири и сè наоколу добива душа и своја волја.

> Тилтил: Кои се овие убави госпоѓи?
> Вилата: Не плаши се, тоа се часовите од твојот живот кои се среќни што за момент станаа слободни и видливи.
> Тилтил: Кои се тие простаци?
> Вилата: Ништо сериозно: Тоа се душите на лебовите од два килограма, кои го користат правото на вистината и излегуваат од дупката каде што се стегнати.
> Тилтил: А тој голем црвен ѓавол што смрди?
> Вилата:Шш! Не зборувај премногу гласно. Тоа е Оган. Тој има лоша нарав (Meterlink30).

Метаморфозата, односно трансформацијата на ликовите од еден во друг облик, е една од значајните карактеристики и на митот и на сказната. Брус Кларк пишува за литературните трансформации, велејќи дека од си-

те митски феномени низ кои можат да поминат литературните субјекти, физичката трансформација е една од најдраматичните и најтипичните (Clarke 35). Понатаму, магијата се пренесува на млекото и шеќерот, но и на мачката и кучето, кои стануваат жена и маж со мачешка, односно кучешка глава. По преобразбата имаат способност да зборуваат и со децата споделуваат сè што не можеле додека биле обични домашни животни. Првиот чин завршува со уште еден магичен момент:прозорецот се проширува и станува врата низ која излегуваат Вилата, децата и целата нивна придружба. Драмата зборува низ симболи, со цел да пренесат сложени пораки, идеи и емоции. Симболистите ги прикажуваат субјективните фантастични и мистични теми често користејќи мотиви од митологија. При посетата на мртвите во „Земјата на спомените“ е опишан еден митски простор. Местото е обвиено со магла, а на влезот има даб со натпис „Млечна светлина“. Дабот е свето дрво во многу преданија, дадени му се привилегии на врховно небесно божество, несомнено поради тоа што го привлекува громот и симболизира возвишеност (Шевалиеи Гербран 223). Кај Јужните Словени, остатоци од култот кон дабот се зачувани до најново време (Кулишић, Петровић и Пантелић 308). Во „Земјата на спомените“ мртвите спијат, и како што објаснуваат починатите баба и дедо, чекаат да ги разбуди некоја мисла од живите. Во различните култури сонот се толкува како творец и пренесувач на симболи. За Фројд сонот е израз или исполнување на скриената желба. Во литературата, тој го става сонот во контекст на карактерот на книжевниот лик кој го сонувал, животната ситуација во која тој лик ја наоѓа содржината на својата свест, како и настаните од претходните денови, кои се причина за појава на конкретен сон (Frojd 45). Сонот се среќава во книжевното творештво во речиси сите периоди на развојот на книжевната мисла „особено со стапувањето на сцената на надреалистичкото движење, сонот ќе биде прифатен како самостоен настан, дел од психичкиот живот на единката, кој влегува во книжевниот текст (...) за да укаже на еден паралелен, скриен, подземен тек во човековото живеење“ (Урошевиќ 241). Сонот го среќаваме и во третиот чин, во „Дворецот во ноќта“, но како дете-син на Ноќта. Отелотворувањето на апстрактните поими во луѓе продолжува и тука. Децата се запознаваат со Помрачувањата, Ужасите, Болестите, Мирисите на сенката. Откако ќе ја пронајдат, па ќе им избега сината птица од „Дворецот во ноќта“, децата со својата придружба се упатуваат кон шумата каде што ја продолжуваат потрагата. Целата шума ја опфаќа магијата на дијамантот и душите на дрвјата излегуваат од нивните стебла. Почнуваат да се движат и да зборуваат откривајќи ги своите различни карактери и размислувања, слично како и кај луѓето. Сонлива, полна со симболи и значења е детската авантура. Барајќи ја сината птица

тие ја запознаваат Мајчинската љубов, Среќата, Времето, минуваат нив различни слоеви на животот, запознавајќи го и растејќи. Птицата како еден од најстарите симболи во митологијата има различно значење во различни култури. Тие имаат улога на медијатор, но и моќ да минуваат од еден свет во друг. Од земјата во подземјето, од земјата во небесното итн. Дури и според некои космогониски митови, светот настанал од птица, т.е. во митот за јајцето од Калевала имало само една птица на светот која го снела космичкото јаце од кое најпрво настанале небото и земјата, а потоа се уредил светот (Тодоровска 116). Во драмата „Сината птица" децата минуваат низ различните предели и светови барајќи ја птицата на среќата. Кога ќе заврши сонот децата повторно се во кругот на најблиските. Тие ќе продолжат да се навраќаат на заедничкото сонување како на некое сеќавање. Во мигот кога сосетката ги посетува, со надеж дека ќе ѝ ја дадат птицата на Тилтил на нејзината болна внука, дознаваме дека станува збор за гулабица. Во митолошкиот речник, гулабот е света птица за која се верува дека е грев да се убие, но и дека може да претскаже дожд и смрт (Кулишић, Петровић и Пантелић 1020). Во оваа приказна гулабицата го излекува девојчето.

> Сосетката: Погледнете го ова чудо!
> Мајката Тил: Не е возможно, се движи!Оди! Всушност, трча, игра, лета! Кога ја здогледа птицата, скокна вака, во еден скок, кон прозорецот за да види дали навистина тоа е Тилтиловата птица. А потоа одлета кон улицата, како ангел, Едвај ја стигнав (Meterlink190).

И македонската литература за деца од дваесеттиот век познава драмски текстови за деца во кои се испреплетуваат митолошки симболи и елементи. Драмскиот текст *Мустаќите на генералот Рококајко,* кој е дел од трилогијата *Дворец на опачини,* е пишувана во раните седумдесетти години на минатиот, дваесетти век. Пишувајќи го ова дело, авторот Ристо Давчевски ја објавува првата драмска трилогија во македонската книжевност за деца. Освен драмата *Мустаќите на генералот* Рококајко, трилогијата ја сочинуваат и драмите за деца *Опачко* и *Видовитиот питач*. Приказната се врти околу генералот Рококајко, кој има 75 години и сака да се ожени со принцезата Лина Линареза, која има 70 години. Дека не станува збор за вистински град туку приказната е плод на фантазијата дознаваме уште на самиот почеток од драмата. Поделена на две дејствија: првото е насловено „Шеќерна војна", што само по себе е оксиморон. Шеќерот е синоним за нешто убаво, слатко, вкусно, додека војната е синоним за немир, страдања, крвопролевања и борби. Обидот да се ублажи ефектот на војната всушност е навестување дека драмата не е заснована на описи од реална, вистинска војна, туку на војна на детски

начин – игрива и шеќерна. Во таа насока е и воведниот текст во кој се објаснува сценатa.Сценатa е поделена со врвки, кои означуваат граница направена на детски начин. На десната половина одади, низ декорација и други можни елементи, се импровизира град од бајка, на некој начин осовремен со тоа што, на пример, кубињата можат да имаат форма на оџак (Давчевски 9).

Веднаш потоа на сценатa настапуваат гласовите кои велат дека „оваа е приказна за една измислена историја“ и дека најголемата империја Непостојанија ја нема на ниту една географска карта. Бајковитоста на драмата ја потврдуваат и двете деца Пејко и Смејко, кои велат дека се измислени и се одмрзнуваат и оживуваат благодарение на фантазијата. Денкова вели дека идејата на оваа драма-комедија е да се прикаже злото на коленици, додека доброто триумфира во лицето на генералот, кој освоил 13 земји и исто толку ордени и чинови.

Комедијата не претставува само идејно неутрална приказна за љубезноста на стариот генерал Рококајко и неговата венчавка со старата принцеза Лина Линареза, иако дијалогот и ситуациите се изведени крајно комедиографски ноншалантно во однос на каква и да е идејна порака и дидактичка поука (Денкова 84).

Мустаќите, според кои оваа драма и го носи името, се посебна гордост за генералот Рококајко. Самозаљубен во своите мустаќи, тој ги тера војниците да одговорат кој е најубав генерал во империјата на диктаторот со најдолго име - Цинцириминцирио Де Мачкарок.

> Војниците: Нема поубав генерал од генералот Зајко Рококајко!
> Рококајко: Браво. Кажете ми, војници, зошто нема поубав генерал од генералот Зајко Рококајко?
> Војниците: Поубав генерал од генералот Рококајко нема, бидејќи ниеден генерал како генералот Рококајко нема убави мустаќи!
> Рококајко: (Одушевен до плачење) Тогаш, кажете војници, кому му припаѓа Лина Линареза, најубавата принцеза?
> Војниците: Никому освен на генералот, кој има најубави мустаќи! (Давчевски 14-15).

Мустаќите како смешен, но исклучително значаен детаљ во описот на генералот, авторот ги позајмил од народната епика, каде што се симбол за јунаштво и голема сила. Бановиќ забележува дека во епската литература, мустаќите како симбол на херојство се директно врзани со храброста на јунакот: колку поголеми мустаќи, толку поголема храброст и сила (Banović 233). Мустаќите се вткаени во драмското дејство до крајот на приказната. Дури и во свадбените завети, принцезата Линареза ги истакнува како предуслов за љубовта кон генералот.

> Линареза: Никогаш не го сакав мојот татко Цинцириминцирио, кој немаше мустаќи. А покојниот дедо Вртиглав, што многу го ценев, имаше мустќи подолги од роговите на татко ми. А кога се возев на нив, не викаше ни Оф! Ни Боф!... Мустаќите на дедо рококајко...
> Светицрн: Мислите на младоженецот Рококајко, не?
> Линареза: Да, мустаќите на генералот Рококајко се одраз на Дедовите мустаќи, а Дедовите мустаќи беа симбол на човековата стрпливост (Давчевски 64).

Идејата да се претстави апсурдноста на војните на еден комичен начин и да се покаже сета грдотија на војувањето, авторот ја постигнува на еден сказновиден начин, со замена на срцето на генералот. Замената ја прават „довчерашните непријатели со кои ќе склопи примирје: Пејко и Смејко кои во неговото тело, вместо срцето од гарежи и железо, (такво станало поради постојаните војувања), ќе пресадат срце на Славеј“ (Поповски 103). Така, авторот во земјата „Непостојанија“ војните ги заменува со песна и смеа, а оружјето со шеќерна муниција.

Сказновидното е присутно и во телевизиските драми за деца од доцните осумдесетти години на дваесеттиот век. Серијата, *Чук, чук, Стојанче,* која се произведуваше од Телевизија Скопје во период од неколку години, ангажирала повеќе актуелни македонски писатели за деца, чии текстови биле драматизирани и снимени во куси телевизиски приказни наменети за најмладата публика. Писателот Михо Атанасовски во епизодата „Царскиот син“ преку ликот на малото лавче, Лавко Лавковски, го отелотворува современото дете кое се соочува со безброј „забрани“ од родителите. Така, давајќи му ги особините на детето, авторот ги набројува забраните што му се наметнати на малиот Лавко: „Лавко мора да внимава на ставот, како се поклонува, како се зборува и како се дише. Не смее да гледа по излозите туку само право. Не смее ни носот со ракав да си го брише“. Продолжува редењето на сè што му е забрането на Лавко, но, авторот не заборава да ги потсети децата, т.е. гледачите дека станува збор за сказна, па во тој дух додава: „Кутриот Лавко Лавковски, кутрото царско дете. Лавко не смее ни стрипови за читање да бара. А чита само закони и царски декрети, понекоја химна и ода посветени на царот“ (Атанасовски). Замената на детето со лик од животните, понекогаш е најдобар начин да се перципираат нештата од поинаков агол и од дистанца. Лавко всушност е олицетворение на современото дете, кое расте презаштитено, како во „принц“ во „царско“ семејство и наместо да истражува и да се забавува на свој, детски начин, возрасните обидувајќи се да му обезбедат најдобра грижа го затвораат во „златен“ кафез, на тој начин изолирајќи го од нештата што тој природно би требало да ги искуси на таа возраст „како тркалање обрач или колце“. Авторите во

драмите за деца, на тој начин не само што забавуваат, туку индиректно им се обраќаат токму на родителите, старателите, да ги остават децата да бидат обични деца.

И во српската книжевност за деца од дваесеттиот век се среќаваат примери на драми чија основа е во сказната, но се среќаваат и митолошки елементи пресликани во ликови кои го асоцираат злото. Драмата за деца на познатиот југословенски и српски писател Душан Радовиќ *Капетан Џон Пиплфокс* (1953), зборува за авантурите на темпераментните пензионирани морнари кои пловат со брод на отворено море. Во оваа радиодрама која претставува модерна сказна, се среќаваат и митски претстави, како што е морското чудовиште со седум глави, но и Пештерата на волшебното ехо, која е всушност алузија на симнувањето во подземниот свет. Исто така можеме да повелечеме паралела и со Ехо, нимфа во грчката и во римската митологија, која била казнета од божицата Јунона, претворена во карпа и осудена да ги повторува последните зборови на оние што ѝ се обраќале. Пештерата е антропоморфизирана и комуницира со морнарите кои доаѓаат кај неа за да им открие каде се наоѓа чудовиштето. Истовремено, пештерата може да се анализира и од аспект на функциите на сказната според Проп, каде што таа ја има улогата на лик – помошник.

Капетан: какви прашања да му поставам (на чудовиштето)?
Пештера: Повеќе тешки одошто лесни.
Ехо: Повеќе тешки одошто лесни!...
Капетан: И уште што!
Пештера: И ни-што по-ве-ќе
Ехо: И ништо повеќе! И ништо повеќе! (Радовиђ)

Целата драма има шеговит тон, кој се чувствува и во дијалогот помеѓу пештерата и морскиот капетан. Обидувајќи се да добие насоки како да го пронајде и да го совлада чудовиштето, пештерата му дава полузагатки, полуодговори, правејќи ја нивната конверзација чудна и смешна истовремено. Фантастичното како еден од главните белези на митско-фолклорните елементи се среќава и во најновите македонски драми за деца. „Земјата на заборавените сказни“ од Билјана Црвенковска, објавена во 2023 година, ги следи авантурите на три деца, братче и две сестрички кои заминуваат на летен распуст кај баба им Јагода во село Бабино. Авторката се обидела низ еден спој на реалното и фантастичното да направи приказна која ја буди детската фантазија кога децата во Бабино почнуваат сами да се забавуваат бидејќи немаат мобилен, ниту компјутер или пристап до интернет. Иако негодуваат на мерките што ги одредил татко им, децата се оставени сами да се снаоѓаат за игра и забава,

па им се навраќаат на „старомодните“ и „досадни“ книги. Сепак, преку книгите се развива нивната имагинација и тие се преселуваат во заеднички сон каде што сè што е невозможно станува возможно.

> Мирон: (се проѕева) Аааа, каков чуден сон сонував...
> Илина: (трие очи) И јас. Ама...каде сме?!
>
> Мартина, Илина и Мирон погледнаа наоколу. Наместо во куќата на баба Јагода, тие се наоѓаа во некоја густа, мрачна шума. Се погледнаа и себеси – наместо во пижами, беа облечени во облеки за надвор!
>
> Мартина: Леле, што е ова? Сигурно уште сонувам!
> Илина: Јас сонувам, а ти си во мојот сон.
> Мирон: Не, туку вие сте во мојот (Црвенковска 25).

Како што почнува сонот, децата сè повеќе навлегуваат во светот на фантазијата, а надреалноста се зачинува и со ликови од сказните и со описи на типични простори во кои царуваат самовили, змејови итн. Авторката во поговорт вели дека Баба Јага е „другото“ лице на баба Јагода и наместо да е вештерка се навраќа на првичната функција што овој лик го имал во словенскиот фолклор, симбол на женскиот принцип, на циклусот на животот, на раѓањето, смртта и повторното раѓање на природата и нејзина заштитничка (Црвенковска 118). Необичната Баба Јага е причина за децата да навлезат во уште почудни авантури. Таа ги тера да тргнат во потрага по „срцето на шумата“ и да ѝ го донесат. Барајќи го срцето, децата ќе навлезат во Земјата на заборавените сказни, која е поделена на четири дела, кои се всушност четирите годишни времиња. Во Снежното кралство децата ќе ја запознаат снегулката што сака да ги смрзне, а потоа низ Царството на пролетта ќе сретнат кралови и принцези со имиња на пролетни цвеќиња. Патувањето продолжува преку Царството на самовилите, каде што владее вечно лето, а потоа во Царството на есента, или Кралството на печурките. Според кажувањата на шумските жители „срцето на шумата“ или „она-што-не-смее-да-се-спомене“ се наоѓа во Шашавата шума. Таму, пак, на сказновиден начин дрвјата се во сите бои, а цветоците се огромни. Некои, растеле и со корењата нагоре. Сепак еден од највпечатливите настани е метаморфозата на Мира Црната Мечка.

> Мартина: Ама, како да се вратиме назад дома?
> Во тој миг сонцето зајде зад планините, а шумата потона во мрак.
> Бувот Сезнаел, волкот Василије и Мира Црната Мечка-која во

меѓувреме се претвори во жена-воин, се погледнаа и молчеа.
Илина: Зарем не го знаете патот кон нашата земја?
Мира Црната Мечка одмавна со главата.
Мирон: И што да правиме сега ние?

Авантурите завршуваат со поучното откритите на Баба Јага, која им соопштува на децата дека срцето на шумата е во целата шума - сè што постои ја прави жива. Ваквите споредби ја издигнуваат шумата на рамниште на човек, давајќи му една сказновидна нота на дијалогот што се води помеѓу бабата и децата, иако тој се случува во реалноста.

Баба Јага ( тивко, нежно): Ах, деца...Срцето на шумата не е предмет, не е камен. Срцето на шумата е насекаде околу нас: дрвјата, грмушките, животните...Тоа е во тревата, во мирисот на земјата, во црцорењето на птиците, во летот на пчелите од цвет на цвет... (Црвенковска 103).

Драмата завршува со враќање во домот на баба Јагода во Бабино, каде што децата по вторпат ја читаат книгата „Земјата на заборавените сказни“. И самите тие се изненадени колку бргу им поминаа две седмици, читајќи и играјќи во зелената околина на селото, па во договор со татко им остануваат уште три недели да истражуваат и да ги читаат безвременските книги.

Авторката умешно ги искористила митско-фолклорните белези за да ја изгради драмата, да биде забавна за децата, но и да ги поттикне на читање. Таа не се обидува да го исклучи детето од технолошката реалност, но внимателно ги насочува за технологијата да не биде целата детска реалност, туку умерено да е присутна во детската игра и забава.

## 3. Заклучок

Како што гледаме од приложените примери, митот и фолклорот се присутни во драмата за деца повеќе од век и половина. Македонските, но и светските автори ги инкорпорирале во своите пиеси за да ги збогатат фантастичните моменти и да ги доближат до детскиот свет кој е богат, игрив и шарен. Митологијата како прамајка на книжевноста останува извор од кој секогаш може да се налее нова идеја, да се понуди поинакво толкување и контекст на старите митолошки приказни.

Драмата за деца, како дело напишано за изведба на сцена е најсоодветна форма на забава и едукација на детето, кое првите сознанија за светот ги добива преку игра и песна. Оттаму, користењето на митските белези и фолклорни белези само ја надополнуваат играта, ја прават мно-

гу поразбирлива за детето, му даваат простор да истражува и да осознава без ограничување. Токму затоа, митот и драмата за деца веројатно и понатаму ќе наоѓаат многу заеднички точки во творештвото наменето за најмладата публика.

## Цитирана литература

### На кирилица:


Анастасова-Шкрињариќ, Нина. „Археологија на сказната (В. Проп – палеонтолошко истражување на волшебните приказни).“ *Историски корени на волшебната приказна,* од В. Проп, Македоника литера, 2011, стр. 5–22.

Андерсен, Ханс Христијан. *Најубави бајки*. Феникс, 2021.

Атанасовски, Михо. *Царскиот син, Чук, чук, Стојанче: Телевизиска серија за деца.* Телевизија Скопје, 1987. YouTube, https: / / www.youtube.com / watch?v=WxxNc3ZLF20

Давчевски, Ристо. *Мустаќите на генералот Рококајко.* Македонска книга; Детска радост; Култура; Мисла; Наша книга, 1987.

Денкова, Јованка. *Сказновидното во македонската проза за деца и млади.* УГД – Филолошки факултет, 2015.

Кригер, Мери. *Теорија критике*. Нолит, 1982.

Кулишић, Шпиро, Петар Петровић и Никола Пантелић. *Српски митолошки речник.* Нолит, 1970.

Мелетински, Елеазар М. *Поетика на митот.* Табернакул, 2002.

Поленаковиќ, Харлампие. „Драмските обиди на Џинот.“ *Книга за Џиност,* Матица македонска, 2004, стр. 315-338.

Поповски, Александар. „Разговор за делото ‘Мустаќите на генералот Рококајко’ од Ристо Давчевски.“ Во Давчевски, Ристо, *Мустаќите на генералот Рококајко,* Македонска книга; Детска радост; Култура; Мисла; Наша книга, 1987, стр. 103-104.

Радовиќ, Душан. *Капетан Џон Пипилфокс.* MPUS, https: / / mpus.org.rs / wp-content / uploads / 2016 / 02 / %23U0414%23U0443%23U0448%23U043a%23U043e-%23U0420%23U0430%23U0434%23U043e%23U0432%23U0438%23U045b.pdf.

Росић, Тиодор. „Митопоетика у бајкама Илије И. Вукићевића.“ *Узданица,* т. XI, бр. 1, 2014, стр. 29–36.

Стефановски, Ристо. „Џинот и џиновските зафати во театарот.“ *Книга за Џиност,* уредил Гане Тодоровски, Матица македонска, 2004, стр. 367-371.

Тодоровска, Марија. *Митот како света сказна*. УКИМ - Филозофски факултет, 2015.

Тодоровски, Гане. *Книга за Џиност.* Матица македонска, 2004.

Урошевиќ, Влада. *Астролаб*. Македонска академија на науките и уметностите, 2000.

Хейзинга, Йохан. *Homo Ludens*. Прогресс – Традиция, 1997.

Црвенковска, Билјана. *Земјата на заборавените сказни*. Чудна шума, 2023.

Шевалие, Жан и Ален Гербран. *Речник на симболи*. Табернакул, 2005.

**На латиница:**

Banović, Stipan. „Mašta prema istini u našim narodnim pjesmama.“ *Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena,* Jugoslavenska akademija znanosti i umjetnosti, 1928, str. 193-256.

Bart, Roland. *Književnost, mitologija, semiologija.* Nolit, 1979.

Biti, Vladimir. *Pojmovnik suvremene književne i kulturne teorije.* Matica hrvatska, 2000.

Botica, Stipe. *Hrvatska usmenoknjiževna čitanka.* Školska knjiga, 1995.

Bošković-Stulli, Maja. *Smisao i značenje bajki.* Poduzetništvo Jakić, 2004.

Cassirer, Ernst. *The Philosophy of Symbolic Forms. Vol. 1.* Yale University Press, 1953.

Clarke, Bruce. *Allegories of Writing: The Subject of Metamorphosis.* SUNY Press, 1995.

Frojd, Sigmund. *Tumačenje snova. II.* Preveo A. Vilhar, Matica srpska, 1970.

Ilić, Veselin. *Mitologija i kultura.* Književne novine, 1988.

Kulišić, Špiro. *Stara slavenska religija u svjetlu novijih istraživanja posebno balkanoloških.* Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, 1979.

Meterlink, Moris. *Plava ptica.* Vega Media, 2004.

Todorov, Cvetan. *Mi i drugi: francuska misao o ljudskoj raznolikosti.* Slovograf, 1994.

Zalar, Diana. „Mitološka bića hrvatske umjetničke proze za djecu danas.“ *Zbornik Četvrtoga okrugloga stola o zavičajnosti: Utjecaj hrvatske usmene tradicije u suvremenoj književnosti za djecu i mlade,* uredili Grozdana Ribičić, Vesna Mihanović, et al., Gradska knjižnica Marka Marulića, 2000, str. 26-38.

821.163.3-2.09
255-264:821.163.3-2.09

# Класичниот мит во драмата *Баханалии* од Горан Стефановски

**Дарин Ангеловски**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за македонска литература
d.angelovski@iml.ukim.edu.mk

**Апстракт:** Во македонската книжевност од деведесеттите години па наваму, евидентна е појавата на голем број драмски дела во кои класичниот мит е поставен како централна тема. Оваа тенденција одговара на интересот за истражувањето на специфични идеи како што се: идентитет, дом, другост, припадност, татковина, сеќавање, мултикултурализам итн., кои одиграле клучна улога во дискусиите за културата и општеството, како и за односите меѓу нив од периодот по осамостојувањето и транзицијата.
Фокусот на истражувањето ќе биде насочен кон следење на начините на кои класичниот мит за Дионис е вграден во структурата на современата македонска драма *Баханалии* (1996) од Горан Стефановски според постапките на имитација, емулација и рекреација сфатени како модели на рецепција, кои покажуваат самосвесен и креативен однос кон третманот на класичниот мит во трагедијата *Бакхи* од Еврипид.

**Клучни зборови:** драма, рецепција, мит, Горан Стефановски, Еврипид

# Classical Myth in Goran Stefanovski's Play *Bachanalia*

**Darin Angelovski**
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Institute of Macedonian Literature
d.angelovski@iml.ukim.edu.mk

**Abstract:** In Macedonian literature from the 1990s onwards, there is a notable emergence of dramatic works that place the classical myth at the center of their thematic concerns. This tendency reflects a growing engagement with concepts such as identity, home, otherness, belonging, homeland, memory, and multiculturalism — all of which played a pivotal role in cultural and societal discourse during the post-independence and transitional period. This study focuses on examining how the classical myth of Dionysus is woven into the structure of the contemporary Macedonian play *Bachanalia* (1996) by Goran Stefanovski. The analysis employs the concepts of imitation, emulation, and recreation, understood as modes of reception that reflect a self-conscious and creative engagement with the classical tradition.

**Keywords:** drama, reception, myth, Goran Stefanovski, Euripides

Мигот во кој митскиот опис на постојното започнува да се рефлектира во книжевноста, се создаваат услови за следење одреден вид креативни интеракции со размена на улоги помеѓу старите и новите приказни. Во овој процес новите елементи не ги заменуваат старите, туку ги апсорбираат во својот свет. Таму тие функционираат како рамнотежа и контраст и како елемент на трансценденција, што е суштински дел на секое уметничко дело. Оваа креативно мотивирана релација меѓу старите и новите митови, која се согледува како дијалог помеѓу класичните и современите митови, може да се следи со поголем или со помал интензитет во речиси целокупниот драмски опус на Горан Стефановски[1]. Но, во две негови драми тој прецизно и мошне конкретно назначува обилно користење на митска граѓа од класичната култура. Таков е случајот со драмата *Баханалии* (1996) работена според мотиви од трагедијата *Бакхи* од Еврипид и драмата *Одисеј* (2012) создадена како спој на мотиви од Еврипидовата трагедија *Тројанки* и избрани делови од Хомеровата *Одисеја*. Сепак, фокусот на овој труд ќе биде насочен кон следење на начините на кои класичниот мит за Дионис е вграден во структурата на современата македонска драма *Баханалии* од Горан Стефановски според постапките на угледување, на емулација и на имитација сфатени како модели на рецепција, кои покажуваат самосвесен и креативен однос кон третманот на класичниот мит во трагедијата *Бакхи* од Еврипид.

Стефановски ја создава драмата *Баханалии* според мотиви од трагедијата *Бакхи* од Еврипид, која според мислењето на многумина теоретичари важи за најдобра и воедно најкомплексна за толкување трагедија поради сложената митска материја во која се измешани различните природи на богот Дионис. Проучувајќи ја религијата на ентузијазмот и опијанетоста заедно со елементите на култот на плодноста и на дивото, екстатично и оргијастичко обожување на богот Бакхос, односно Дионис, заедно со сета придружна ритуална мистика што имал можност да ја посведочи за време на самонаметнатиот егзил кон крајот на својот животот, кога во навечерјето на Пелопонеската војна престојувал и творел на дворот на македонскиот крал Архелај, Еврипид се свртува кон митовите што го објаснуваат потеклото на дионизиското обожавање за да ја преиспита идејата дека преку обредни чинодејствувања посветениците можат да се исчистат од своите гревови и да станат едно со Бог.

[1] Горан Стефановски (Битола, Македонија, 27.4.1952 – 27.11.2018, Кентербери, Велика Британија) е водечки македонски драматург, сценарист, есеист, предавач и интелектуалец. Пишуваше за театарот, телевизијата и филмот, следејќи долга академска кариера во предавањето креативно пишување за театарот. Стефановски за театарот напиша вкупно 23 долгометражни претстави. Значајни драмски текстови се: „Јане Задрогаз“ (1974), „Диво месо“ (1979), “Лет во место“ (1981), „Тетовирани души“ (1985), „Сараево“ (1993), „Баханалии“ (1996), „Демонот од Дебар Маало“ (2006), „Одисеј“ (2012).

Стефановски му приоѓа на ова класично дело непосредно по војната во Босна и распадот на Југословенската федерација, воден од идејата за осознавање на тековната стварност преку испитување на содржината на митската материја во нејзината најопшта смисла како можност за дијалог со другоста. Овој духовен, идеен и интерпретативен амбиент, кој го обединува читањето, односно препрочитувањето, со пишувањето, односно со пренапишувањето, има за цел, не да ја побие, туку да ја релативизира оригиналноста на преттекстот сведувајќи ја, па дури и разводнувајќи ја сложената, деликатна и временски оддалечена културна реалност на класичниот образец во една поперцептивна, а со тоа и порецептивна ситуација.

За тоа говорат и белешките на авторот од типот „работено според фрагменти од...“. Тие упатуваат на настанувањето на современото драмско дело како резултат на задлабочена и креативна рецепција на класичниот мит и осовременување на класичната предлошка со воспоставување на густа мрежа од интертекстуални релации меѓу содржината на тековната стварност со онаа од класичното минато. Од една страна, и во обете современи драмски остварувања на Стефановски (*Баханалии* и *Одисеј*), следиме релативно стабилно придржување до сржта на основните митски схеми и доследно преземање на класични обрасци од класичните драмски и епски предлошки. Од друга страна, во обете драмски писма на Стефановски евидентни се и низа отстапувања од класичните митски матрици што ги споделува традицијата. Овие отстапувања се манифестираат како разлики во драмската структура, слобода при карактеризацијата на ликовите и контаминација на класичните митски фабули со етички поведенија и со естетички решенија својствени за актуелниот контекст на постмодерното општество и за транзициските процеси, кои имаат за цел да ја адресираат општествената дихотомија на овие простори во современиот контекст.

Овој вид креативна рецепција на класичниот мит кај Стефановски се остварува според наизменична примена на низа книжевни постапки каква што е постапката на *уѯледување,* сфатена како релативно стабилно придржување до сржта на основните митски схеми и доследно преземање на класични обрасци од драмската предлошка; потоа со постапката на *емулација,* сфатена како употреба на форми и мотиви од античката класика со значителна самосвојност и воведување новини, со цел да се создаде уметничко дело рамно на класичниот урнек, но поинакво и ново; и со постапката на *имиѯација,* сфатена како рецептивен модел што не е оптоварен со чувството за духовна сопственост или плагијат (Димовска 56). Адаптацијата и книжевната деривација во драмското писмо на Стефановски резултира со низа отстапувања од класичните обрасци, ка-

ко што своевремено и Еврипид дејствувал креативно со ново и непредвидливо поставување на митските схеми за богот Дионис што му биле достапни. Како мајстор на интригата Еврипид и во трагедијата *Бакхи* им дава предност на случајноста и воведувањето на новите ситуации преку трансформација на драмската ситуација што се реализира преку препознавање или низ пресврт, поттикнувајќи го на тој начин изненадувањето, преминот од незнаење во знаење, а со тоа и драмскиот ефект. Оваа негова драма речиси комично ги прикажува стариот крал Кадмо и стариот пророк Тејресија, кои на самиот почеток се обидуваат да му оддадат почит на богот водени од желбата да останат на безбедната страна. На сосема спротивно етичко рамниште е врвното претставување на трагичниот страдалник Пентеј, кој брутално се обидува да ја искорени новата религија како нешто што ги субверзира интересите на Тебанскиот полис. Конечно, Еврипид во оваа своја трагедија за првпат во историјата на античката драма го изведува на сцена богот Дионис како маничен дајмон, постојано менлив, претставувајќи го како големо и добро божество, кое во понатамошниот развој на драмските ситуации ја покажува својата разулавена и непопустлива суровост. Синот Себсов, главниот лик во оваа трагедија, се јавува де како самиот бог Дионис де како неговиот посветен слуга и пророк од Лидија под истото име. Разработувајќи го ликот на божеството, Еврипид има потреба да ги упати гледачите во развојот на драмската состојба, па во прологот на трагедијата објаснува зошто богот Дионис земал лик на смртник престорувајќи се во маж со човечки облик (Еврипид 187), додавајќи со тоа драматичност во разврската на трагедијата.

Кај Стефановски драмските ликови излегуваат од контекстот на делото во кое настанале и нивните емотивни, етички и интелектуални својства добиваат универзализирачко и осовременувачко значење. Ако ја земеме за пример изведбата на карактеризацијата на богот Дионис, ќе видиме дека во драмата *Баханалии* тој е „[с]ив, уморен, облечен како професионален политичар, апаратчик, црн костум од листер, бела кошула, вратоврска, светнати чевли“ (Стефановски 251).

Разликите меѓу современото дело и неговиот класичен образец се евидентни и во структурните обликувања на драмските дела. Еврипид ја осмислува драмата *Бакхи* според основната структура на древната трагедија: Пролог, Парод, Епизоди 1-6, Стасимон 1-5, Излез, додека драмата *Баханалии* е осмислена во шеснаесет сцени означени со наслови. Она што може да се каже во поглед на примената на драмските постапки со кои се служи Стефановски, какви што се *приспорување* или *удвоена стварност,* е дека тие се карактеристични за метадраматското актуа-

лизирање на антиката според илузијата за верност кон хипертекстот на изворникот.

Интерпретативниот кадар на митот за Дионис во обете драми се резимира и во подрачјето на хорот. Во античката драма воопшто, и поконкретно, во трагедијата, хорот претставува основен идентификациски елемент и во продукциска и во поетолошка смисла. Тој предничи пред драмските ликови, а неговиот глас ги коментира настаните во драмата, однесувањето на драмските ликови или искажува некаков општ став. Намерата на овие хорски рефлексии, и покрај тоа што се искажуваат во прво лице еднина, е да ја прикажат свеста и светогледот на колективниот и анонимен субјект на полисот. Тие не подлежат на личен идентитет иако произлегуваат директно од перото на авторот. Во таа смисла дејствувачкото поле на хорот во античката драма се следи како подрачје во кое се разгледуваат и се преиспитуваат можностите за разрешување на судирите меѓу драмските ликови во согласност со меѓусебно наметнатите обврски или очекувања (Томовска 93).

Во драмата на Еврипид хорот е составен од група од бакхи, придружнички на Дионис за време на неговото патување, т.е. доаѓање од Азија. Елена Колева него го определува како најдејствено лице во трагедијата:

> ...првпат во трагичкиот вид поезија, Хорот, инаку носител на правда и сострадание, е обележан со хибрис. Имено, Хорот „паѓа во грешка“, зашто од почетокот до крајот дејствува во слепило на безбожност, и тоа не поради страсната насоченост кон трагичната цел, ниту поради волја за трагична страст, туку токму обратно – поради немање благородна цел и поради отсуство на занес и страст. Тебанскиот Хор, мајката Агава и тебанскиот крал Пентеј се наоѓаат во страотен привид поради дрскоста на разумноста и трезвеноста! Целата полис Теба страда од опасното беснило на трезвеноста сè додека не паднат во смртоносното лудило на безбожно пијанство. Сувата, пресметана трезвеност е тежина и болест. Во оваа проста и безбожна болест, Хорот, Агава и Пентеј не го препознаваат прекрасниот бог на светиот занес (*θεία μανία*) и светата опијанетост, ниту имаат почит за светите оргии на Дионисовиот Хор – Мајнади. Овој ентусиазиран Хор е единствен надвор од страшните собитија, зашто обземен, знае, го видува и препознава Бога (Колева 1995).

Надвор од страшните собитија, хорот служи како начин за засилување на драмскиот ефект како на пр. кога се повикува на „подлоста на лудилото“ во исчекување на убиството на Пентеј, покажувајќи извесна наклонетост кон природата на Дионис, а со тоа неговиот глас добива димензија на етички и политички коментар.[2]

[2] Едвард Саид во *Ориентализам* се навраќа на Еврипидовите *Бакхи* за да укаже на

Индивидуализирањето на хорот што го презема Еврипид во драмата *Бакхи* е новината со која се служи и Стефановски во обликувањето на овој драмски сегмент во неговата драма *Баханалии*. Во првата сцена на *Баханалии* неговото воспоставување е изведено во качество на високо индивидуализирана свест водена од етика на ниски прагми: „Хорот е составен од карактеристични балкански мажи. Се сугерираат (во манирите и во костимите) галерија индивидуални примероци. Хорот е составен од мачо, патријархален тип на луѓе. Седнуваат на долга маса и се напрчуваат како во меана“ (Стефановски 251).

Како и кај Еврипид, и кај Стефановски улогата на хорот е изедначена со улогата на драмските ликови. Неговата транспозиција во понатамошниот тек на пиесата е збогатена со дејствувања што го подвлекуваат културниот контекст на македонската транзициска реалност. Оваа жива и постојана активност на хорот во текот на целата пиеса е во дослух со една од основните улоги на античкиот театар сфатен како миметички простор на дејствување какви што се чинодејствувањата во втората сцена на *Баханалии* осмислени како смена на серија сценски таблои. Хореутите

> [д]оаѓаат, заминуваат, кружат, јадат, мезат и пијат, играат карти, домино, ломотат, разговараат, танцуваат, прават бизнис, повраќаат и спијат. Разни националности. Делови од текстот на хорот се рециклираат на други јазици. Вавилонска збрка. Употребуваат пејџери, безжични телефони, тука се случува мало стопанство, промена на девизи, шверц и дубара. На масата има радио, секој го врти на своја станица. На масата има тв, секој го врти на своја програма. Тебанците се озборуваат зад грб, прават краткотрајни алијанси, кои брзо ги раскинуваат. Се меркаат едни со други, на раб се да се закараат или да се степаат. Пеат со набабрени вени и замижани очи. Си соборуваат раце, одвреме-навреме, накусо, удираат заедничка песна или се фаќаат на оро. Во оваа сцена пијат разни алкохоли, ракии во мали пагурчиња, вина, соди и шприцери (Стефановски 254).

---

тоа дека книжевните дела се алатки што ги употребува колонијализмот велејќи дека: „[п]оуката што Еврипид ја има на ум е драматизирана низ присуството во драмата на Кадмо и Тиресија, учени возрасни луѓе кои сфаќаат дека со луѓето не се управува само ‘супервеноста’, постои и нешто што се нарекува расудување, велат тие, што значи правилно одмерување на моќта од непознатата сила и стручно справување со неа. Оттогаш наваму ориенталните мистерии ќе се сфаќаат сериозно, но не само поради тоа што тие ќе го предизвикуваат рационалниот западен ум секогаш одново да ја искажува својата трајна амбиција и моќ“ (Саид 63).

Стефановски го постигнува овој ефект и со помош на моќта на говорниот израз, односно со стилот кој е вешто приспособен на предметот на мимеса, многу слично и речиси во дослух со говорниот стил на Еврипид, кој своевремено и самиот вешто користи зборови од секојдневниот говор, избегнувајќи ја на тој начин извештачената возвишеност на изразот на неговите претходници.

Оттука станува јасно дека постапките на емулација или имитација, заедно со сентентичноста и цитатноста, имаат за цел да ја адресираат општествената дихотомија на современиот контекст, одошто да искажуваат верност кон класичниот образец. Репертоарот на драмските „припитомувања“ на класичното дело во писмото на Стефановски се реализира и преку вметнување на досетки, поговорки, дискретно нијансирани просопографски епизоди или референци на настани од тековната стварност, кои, иако реферираат на класичниот културен контекст, имаат за цел да го нагласат духовниот амбиент на тековната стварност:

> ДИОНИС: Бев во вашиот Народен театар. Гледав претстава од *Бакхи* на Еврипид. Трогателна приказна за негативецот Дионис и неговата дива орда Менади.
>
> ПЕНТЕЈ: Ја ставија на репертоар по моја сугестија. Идејата беше публиката да ги сфати оргиите на Дионис за да научи да се клони од нив. Но која публика? Деца сосила доведени од училиште. Пензионери задремани на топло (Стефановски 278).

Ваквата културолошка контекстуализација што ја презема Стефановски го поставува современиот македонски и поширокиот балкански и европски културен контекст врз класичниот образец преку иронично интониран хумор чија цел е да предизвика нови конотации на строгото и свечено пеење какво што е речиси непристрасното фабулирање на религиско-психолошка тема што го презема Еврипид во неговата трагедија *Бакхи*.

Следењето на творечките кругови на драмските дела *Бакхи* од Еврипид и *Баханалии* од Горан Стефановски покажува и извесна логика на синхроницитети помеѓу животните прилики на нивните автори. Еврипид иако не учествувал директно во политиката, тој преку своите дела реагирал на актуелните моменти од политичкиот живот. Неговите драмски ликови се занимаваат со општите полисни проблеми на атинската демократија и ги одразуваат неговите лични заложби за праведност и законитост, правејќи го осамен критичар и моралист, кој според својата реалистичност бил посочуван како уривач на старите добри обичаи. Во такви околности, фален и куден, Еврипид од Атина зами-

нал во Македонија каде што ја создал својата најтрагична и најубава трагедија – религиско-психолошката драма *Бакхи*[3]. Во личната приказна на Стефановски лирскиот аспект се судира со епскиот принцип во онаа точка која говори за изгубеноста, за лутањето и неснаоѓањето што ќе го натера Стефановски да каже: „Тешко е кога човек е странец во странство. Но уште потешко е кога човек е странец дома“ (Стефановски 2006). Стефановски се противи на терминолошката збрка наметната однадвор, од другите, која го обележува како имигрант, како некој кој е во доброволен егзил или во привремен и повремен егзил, дури и во значењето на *commuting exile* кога живее во Кентербери, Англија, но престојува и во Скопје за да подучува драматургија на Факултетот за драмски уметности. Како што забележува Гоце Смилевски, Стефановски ја избира позицијата надвор од овие дефинирања, можеби и затоа што не може да најде најсоодветен термин за сопствената состојба, па наместо да ја именува, тој ја опишува како живеење меѓу две приказни (Смилевски 2019). Токму оваа состојба „помеѓу“ ја поттикнува ремитологизацијата како континуирано возобновување на класичниот мит преку неговото приближување до доминантните идеологии и интереси на древниот полис или оние на современата држава. Во таа смисла се чини дека последната голема војна на овие простори со распадот на Југословенската федерација, заедно со транзициските процеси што следеа, ја ревидираат имагинативната креативност на Стефановски, а рецепцијата (и книжевната, и театролошката) го препознава неговото драмско дело *Баханалии* како вистина за современата стварност.

[3] Хрватскиот хеленист Миливој Сироњић ја определува трагедијата *Бакхи* како „најтрагична и најубава трагедија на поетот, достојна на бурниот и мачен поетов живот. Полна е со страв и сожалувања, полна со блескав лирски занес, особено во хорските партии, кои се преполни планинска осаменост и волшебна природа. Тоа е драма на бакховска екстаза, но и драма на човековите слабости пред снагата на неправедното и свирепо божество. *Бакхи* ја посведочува снагата на инспирацијата, трагичноста и извонредната творечка свежина на старецот Еврипид. Екстазата и култот на Дионис наликуваат на епидемија која не е без аналогија со некои феномени на религискиот занес на христијанскиот среден век“ (Sironić 1977). За исклучителноста на трагедијата *Бахки* види уште: Euripides. *Bacchae.* Cambridge University Press & Assessment. 2024.

## Цитирана литература

### На кирилица:

Еврипид. *Хиполит, Ифигенеја во Авлида, Бакхи*. Превод од старогрчки Даница Чадиковска, Зумпрес, 1995.

Димовска, Весна. *Античката литературна традиција во македонската литература од времето на преродбата*. Маг. Труд. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет, 1994.

Колева, Елена. „Уште неколку белешки за Еврипид.“ *Хиполит, Ифигенија во Авлида, Бакхи* од Еврипид, поговор на Елена Колева, Зумпрес, 1995, стр. 261-278.

Саид, Едвард. В. *Ориентализам*. Магор, 2003.

Смилевски, Гоце. „Ставовите на Горан Стефановски за идентитетот и за идентитетските наративи“. *Филолошки студии* vol.17, no. 2, 2019, стр. 160-172.

Стефановски, Горан. „За нашата приказна“. *Пристапни предавања на новите членови на македонската академија на науките и уметностите* vol. *XV*, 2006, стр. 357-369.

Стефановски, Горан. *Избрани драми*. Полица, 2022.

Томовска, Весна, и Даниела Тошева. *Античка драма*. Три, 2018.

### На латиница:

Sironić, Milivoj. “Euripid”. *Povjest svjetske književnosti*. Mladost, 1977.

821.163.3-2.09
2-264:821.163.3-2.09

# *Патот на Масада* од Венко Андоновски – транскрипција на Сизифовата контемплација на патот од врвот кон подножјето на планината

**Катерина Панов Кожаров**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“
katerinakozharov@gmail.com

**Апстракт:** Секој искусен автор е свесен за грандиозноста со која митологијата постои како некаков прасвет, вечно паралелен со нашиве. Швајцарскиот психијатар, основачот на аналитичката психологија Карл Г. Јунг, говорејќи за колективното несвесно кај човекот, има докажано дека постои врска меѓу длабинските елементи на соништата и фантазиите на невротичарот со митологијата. Фројд, пак, дури ќе го дефинира митот како колективен сон на човештвото, па оттука, митот исто како и сонот не можат да се разберат без латентните содржини на потвеста. Погледнато вака, митот е некаков вграден дел од нашето битие, и веројатно, одговори на многу нејаснотии и дилеми треба да се бараат таму. Венко Андоновски во својата пиеса *Патот на Масада* практично ја покажува валидноста на теоријве со тоа што во драмава не се среќава само некаков резидуум од митолошките приказни, туку, митологијата ја става како единствен прозорец преку кој можеме да го видиме светот што тој сака да ни го покаже. Приказната за Сизиф како главен егземплар на теоријата на апсурдот е клучна за декодирање на пораката пратена преку шесте есеи за убиството и самоубиството.

**Клучни зборови**: Венко Андоновски, *Патот на Масада*, драма, мит, идеологија, Сизиф, теорија на апсурдот, самоубиство

# *The Siege of Masada* by Venko Andonovski: Transcribing Sisyphean Contemplation in the Path from the Top to the Bottom of the Mountain

**Katerina Panov Kozharov**
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Blaže Koneski Faculty of Philology
katerinakozharov@gmail.com

**Abstract**: All accomplished authors are aware of the magnificence that enables mythology to exist as a type of proto world, eternally parallel to ours. The founder of the analytical psychology, the famous Swiss psychiatrist, Carl G. Jung, having mentioned man's collective unconsciousness, had proved that there had been a connection between the deepest parts of a neurotic's dreams and fantasies and mythology. Furthermore, Freud would even define the myth as mankind's collective dream, so additionally a myth as well as a dream could not be understood without the quiescent contents of our subconscious. From this perspective, the myth is an internal part of our being, and probably, answers to many dilemmas should be resolved there. In his play *The Siege of Masada*, Venko Andonovski actually proves the validity of these theories by putting mythology as a central window for us to see his point of view. The story of Sisyphus as a symbol of the philosophy of the absurd is a key to decoding the message given through his six essays on murder and suicide.

**Keywords**: Venko Andonovski, *The Siege of Masada*, play, myth, ideology, Sisyphus, philosophy of absurdism, suicide

*Токму за време на тоа враќање, при*
*тој одмор, ме интересира Сизиф.*
*Лицето што страда во непосред-*
*ната близина на каменот дури и*
*самото тоа е камен!*
Ками

## 1. Вовед: егзистенцијалистичкиот аспект на драмата

Со епохалните достигнувања во полето на психоанализата, австрискиот психијатар Зигмунд Фројд ќе остави значаен белег и во гносеолошкиот пристап кон драмската дејност. Во својата книга *Од културата и уметноста* тој објаснува дека таков каков што е човековиот живот, со сите болки, разочарувања и нерешливи загатки, е премногу тежок за природата на човекот. Таа е всушност причината за постоењето на „помошните конструкции“ како екстремните одрекувања (со кои полесно ја потценуваме својата немоќ), замените на задоволството (кои го смалуваат истото) и опојните средства (со кои „отрпнуваме“ за сите животни удари). Тој дообјаснува дека замената за задоволството што ја пружа уметноста се илузиите во однос на стварноста, но поради улогата која ја има фантазијата во душевниот живот на човекот, не е помалку делотворна (Frojd 275-276). Дека Фројд е во право кога вели дека врвот на задоволствата што се постигнуваат со фантазирање се уметничките дела (како извор на уживање и животна утеха) (Frojd 283), потврдува и цитатот на Брехт: „Треба да се каже дека особина на театарските средства е да пренесуваат знаења и импулси во форма на насладување; длабочината на знаењето и на импулсот одговара на длабочината на насладата“ (цит. според: Лужина 297). Затоа Ан Иберсфелд вели дека Фројд всушност го открива психичкиот корен на театарското задоволство: „тука е она што не е тука; еден знак, една ‚замена’ е тука за да го заземе местото на предметот на мојата желба и ми причинува задоволство кое истовремено е и реално и имагинарно“ (цит. според: Лужина 310).

Точно поради ова Ниче вели: „„Уметноста и ништо освен уметноста’ оти ја имаме уметноста за да не умреме од вистината!“ (Miloševi ć 34). Погледнато вака, драмата навистина има една еминентна егзистенцијалистичка функција, која треба да биде подвлечена пред онтолошко-аналитичките погледи што следуваат. Од теоретско-критички агол, пак, Ќулавкова ќе каже:

> Дури и самата текстуална предлошка подразбира извесна интерактивност, транстекстуалност и, следствено, извесна нестабилност, недовршеност и адаптибилност, со оглед на фактот дека театарските претстави се прават не само врз драми сфатени како заокружени (едни и цели) драмски дела, туку и врз синопсиси, скици, колажи и фрагменти од коишто режисерот допрва треба да продуцира / изведе театарска претстава (Ќулавкова 179).

Уште поминуциозен поглед во овој интер- / транстекстуален аспект на драмата ни дава Владимир Краљ, кој точно ги набројува изворите од кои драмата ја црпи својата енергија. Тој пишува за историјата како мотив (Шекспир и неговите кралски драми и трагедии); книжевни текстови кои имаат драмски особини (*Ромео и Јулија* на пример, која била инспирирана од љубовна приказна со видливи драмски елементи: пречка, противници, пресврт, изненада...); романсата како мотив (шпанскиот златен век); секојдневните случувања (европскиот театарски реализам и натурализам); но пред сите овие ги споменува *митот* и легендата како главна драмска материја (Едип, Антигона...) (Kralj 11). Тој додава дека барем една од противречните спротивности во односот човек – свет и обратно мора да биде драматичен нерв, кој ќе биде интегрален дел на драмското тело и кој ќе се појавува низ целата драмска приказна преку одредени случувања, во ликовите, дијалозите, во нејзината трагика и комика. Тие антиподи за кои тој говори се: општото и посебното, објективното и субјективното, заедничкото и индивидуалното, сакањето и морањето, слободата и тиранијата, срцето и разумот, природноста и неприродноста, вистината и лагата, разумот и неразумот, изгледот и суштината итн. (Kralj 12).

Последново ја покажува и етичко-културолошката функција што ја имала драмата низ историјата на човештвото со својата непосредна улога во редефинирањето на културолошките темели и вредности. „Драмата сфатена како интеракција и постојано преместување на нејзините рамки на рамниште на референцијалност и авторефернцијалност, е исклучително, активно, самокритички поставена спрема општеството, стварноста и спрема сама себеси“ (Д. Шваниц преку: Ќулавкова 186).

Една таква општествено-хуманистичка функција насочена кон моралното прочистување на човекот има и драмата *Падот на Масада* од Венко Андоновски, чија главна цел е наше соочување -во четири очи- со апсурдот и неговиот антоним – луцидноста.

## 2. Што е поважно – човекот или Големата Идеја?

> Постои само еден, навистина сериозен филозофски проблем: самоубиството. Да се суди дали животот заслужува или не заслужува да биде одживеан, тоа значи да се даде одговор на основното прашање на филозофијата... Никогаш не сум видел никој да умре поради онтолошки доказ. Галилеј, кој застапувал значајна научна вистина, мошне лесно се откажал од неа кога животот му бил доведен во опасност... Но, затоа гледам дека многу луѓе умираа зашто сметаат дека животот не заслужува да се живее. Гледам и други кои парадоксално гинат поради идеи или илузии кои даваат смисла на нивниот живот (она што се нарекува причина да се живее истовремено претставува инзворедна причина да се умре). И затоа сметам дека смислата на животот е најзначајното прашање. Како да се одговори на тоа прашање? (Ками 11-12б).

Гледајќи ја пиесата *Падот на Масада*, човек ќе добие впечаток дека Венко Андоновски решил да го остави Ками да проговори преку актерите на сцена, уште повеќе подвлекувајќи дека нештата се немаат променето и темата останува отворена и милениуми по 73-тата г.н.е. Дека тоа е така потврдува и неговата изјава: „Пиесата го поставува прашањето: колку имаме право на самоубиство (зашто *самоубиството е силна желба за живот ама на друг начин,* како што вели еден од ликовите), и колку имаме право со себе да повлекуваме и други во самоубиствените чинови, без разлика колку тие од историска или идеолошка дистанца изгледаат како величествен чин на хероизам.“[1] Впрочем, и насловот на драмата е алузија на прашањето само по себе: ако Масада стои како симбол на храброста и гласот на народот „Ние први се побунивме, последни ќе паднеме!“, тогаш нејзиниот пад силно ги актуелизира прашањата: А вреди ли? Колку чини таа храброст? Паметна ли е животната отплата на честа? И имаме ли воопшто право да носиме одлука за судбината на луѓето околу нас?

И логичен е почетокот на Андоновски со сцена од автентичното израелско тло во време кога е актуелна јудејско-римската војна: додека илјадници Евреи биле убиени, заробени или испратени на принудна работа, Масада стои не само како физички, туку и како морален врв за околу илјада Евреи кои со месеци им давале отпор на нападите на Римјаните. Одличен увид во психологијата на тој народ за кој честа е цел да се живее, ама уште повеќе да се умре, ни дава дијалогот помеѓу Елеазар

[1] Преземено од личната архива на авторот, копија од сценаристичката експликација доставена до Министерството за култура во Скопје, 2023.

(заповедникот на Масада) и Хана (жена која е веќе обесчестена, односно силувана од Римјаните):

Елеазар:

Проблемот, драга моја, е во тоа што не си се борела. Си се предала. Тоа е срамно. Кога човек се предава, настанува уживање од чувството дека имаш господар! Ти не заслужуваш да бидеш Јудејка!

Хана:

А што сум можела да направам?

Елеазар:
Да се убиеш! [2]

Во суштината на јудеизмот е вреднувањето на овдешниов живот, и како такво самоубиството (потполно исто како и убиството ) е негација на Божјата добрина. Сепак, во екстремни услови, кога требало да ја предадат својата религија, тие недвосмислено бирале „свој нож во грло“. И ваквото „дефинирање на честа“ несомнено е „меч со две острици“: додека проширеното самоубиство се доживува како продолжување на своето и уште поголемо осветување на Божјото име, толкувањето на одбраната во голема мера би фрлило сенка на големината на суицидниот чин, смалувајќи го до степен на кукавичлак кој го бира полесниот пат. Во овој контекст, дел од интервјуто направено со Зигмунд Фројд во 1930 г., ќе му даде сосема ново светло на овој навидум неверојатно херојски чин:

Можно е самата смрт да не е биолошка потреба. Можеби умираме затоа што сакаме да умреме. Исто како што омразата и љубовта кон една личност истовремено постојат во нашето срце, така и сиот живот поседува желба за одржување и амбивалентна желба за сопствено уништување. Всушност како што една растегната гумена лента има тенденција да го добие својот првобитен облик така и сета жива материја, свесно или несвесно се обидува да ја врати целосната и апсолутна инерција на неорганското постоење. Желбата за живот и желбата за смрт постојат во нас една покрај друга. Смртта е пандан на љубовта и заедно владеат со светот. На почетокот, психоанализата сметаше дека љубовта е. Денес знаеме дека смртта е еднакво важна. Биолошки, сите живи суштества, без

[2] Овој, и сите цитати од драмата *Падоm на Масада шmо* следуваат, се преземени од необјавениот драмски скрипт на Венко Андоновски депониран во архивата на Драмскиот театар во Скопје: декември, 2023.

> разлика колку живот пламтел во него, копнее за нирвана, копнее за престанок на треската наречена ‚живеење'. Желбата може да биде маскирана со разни околности. Сепак крајната цел на неговиот живот е уништувањето. Тое е филозофија на самоуништувањето. Ова го оправдува самоубиството и логички води кон глобално самоубиство... (Фројд 4).

Водени од таа илузија дека имаат моќ да умрат храбро и слободно, во 73-тата г.н.е. во Масада, Израел, ќе се случи најмасовниот суициден чин во историјата на човештвото, кога на 960 мажи, жени и деца ...*им е даден божествениот подарок: честа!*... и тоа по принципот на семејно самоубиство кога мажот ќе ја убие сопругата и своите деца, потоа со жреб ќе бидат определени десет мажи кои ќе ги убијат сите други, па еден ќе ги убие останатите девет, за да на крајот си пресуди сам за да му покажат и докажат на непријателот дека *од самиот почеток ја претпоставиле смртта пред ропството*. Доказ дека дистракцијата од своето себеуништување човек ја наоѓа во насладата на туѓата несреќа (валидизација на постулатите на Големата Идеја), Венко Андоновски приложува преку зборовите на Исус Навин (татко на вонбрачната ќерка на Хана):

> Исус:
>
> Замислете како Римјаните ќе беснеат кога ќе ги најдат нашите тела мртви, и кога пленот ќе им гори пред очите! Ќе ги оставиме само храната, виното и водата, затоа што тие ќе бидат сведоци, откако нас ќе нè нема, дека не нè совладал глад, туку дека од самиот почеток сме ја претпоставиле смртта пред ропството!

Фројд смета дека постојат два основни нагони во човечкиот живот: Ерос – нагонот за живот и Танатос – нагонот за смрт. „Танатос е нагон за смрт, кој сепак не е исто што и агресивната желба за убивање, туку подразбира еден вроден порив за себеуништување кој е присутен кај сите луѓе како исконска желба да се вратат во состојба на не-постоење" (Анастасова Шкрињариќ 41б). И нè остава Андоновски да ја видиме силината на таа себедеструктивна сила на Танатосот и во следните пет етиди кои следуваат. Всушност и поднасловот на драмата е „Шест драмски есеи за убиството и самоубиството".

Една од темите е познатото самоубиство на комитската чета на Христо Узунов во селото Цер во 1905 г. Речиси две илјади години по Масада, истите зборови ќе бидат изговорени во нов контекст: „Револуцијата не признава приватни причини! Нема приватна татковина! За нас смртта не е приватна работа!...Ние, дваесет и шестмина комити, по крв и род

Македонци, за да не паднеме во рацете на непријателот, самите си пресудивме...“ Андоновски продолжува да ни ја доближува теоријата на Клод Леви-Строс за постоењето на еден универзален човеков ум како валидна, временски и просторно независна супстанција и функција, и преку третиот дел посветен на Хитлер, Гебелс и останатите нацисти во познатиот бункер на Адолф Хитлер во 1945, кои исто така ќе го изберат самоубиството наместо понижувањето во рацете на Русите. И сосема очекувано, современиот бомбаш – самоубиец, модерниот депресивец со суицидна опсесија и алузијата на Фројдовата ординација се совршен доказ дека „каменот на самоубиството“ се тркала во голема мера и до ден денешен.

Иако драмата завршува со отворена порака секој од нас да го најде својот интимен одговор, авторот ненаметливо ни го доближува својот став вметнувајќи го црвот на сомнежот, или подобро црвот на надежта, во секој од шесте чинови на претставата. Андоновски не ги остава своите јунаци да брилјираат со своите тези дека под само точно утврдни уредби животот заслужува да се живее. Тој ги има вметнато репликите на споредните ликови на кроток начин, но со гротескен ефект. Така, уште во првиот дел, продолжението на разговорот меѓу Елеазар и Хана даден погоре е ваков:

> Хана:
>
> Но, тоа е безбожно! Да го фрлиш животот пред нозете на Господ Бог Саваот! Да го понижиш враќајќи му го најголемиот дар?!

Или, пак, зборовите на таткото на нејзиното чедо, Исус, чии последни зборови откако го одбира животот на своето дете пред националното и религиско самочувствие (сепак залудно и предоцна):

> Исус:
> Седни до мене, чедо мое. Што е смртта, кога нѐ спои, а не може да нѐ раздели споени, ако не – обична измама? (Пауза) Ќе чекаме подобри времиња. Кога вистината ќе стане историја, а не историјата вистина. И кога ќе биде важна болеста на историјата, а не историјата на болеста.

Продолжува Андоновски во иста смисла и понатаму со зборовите на дезертерот од етидата за македонските комити, кој го очекува раѓањето на својот син и кој отворено се противи на Божјата улога која ја зазема Узунов со неговата идеја за колективно самоубиство и обвинувањето дека сите што размислуваат поинаку се *оросиии пред ташковината.*

Дезертерот:

Ако умрам нема веќе да можам да лежам на трева и да гледам во облаците со часови пред дождот....Облаците постојат, иако се на небо. Татковината ја нема, иако е на земја...Нека имам знак на предавник на челото, само нека останам жив!!!

Третиот дел го носи Хитлеровото обвинување за хистеријата на Ева Браун, која наместо да биде среќна дека името ќе ѝ остане запишано во историјата како шестчасовна сопруга на најголемото нацистичко име, е опседната со мислата дека нема да може да ја одигра ролјата на жена – леунка која го лула своето бебе. Не можете да не забележите дека единствените надежни ликови – жртви во драмата никогаш не жалат за сопствената несреќа. Нивните трагедии не значат ништо погледнати осамени, затоа што човековиот живот сам по себе е безвреден без сите социјални врски што го дефинираат. И во таа смисла, драматургот Андоновски не заборава да го акцентира името на Адолф Хитлер, кој и покрај смртта на блиските околу него во последен миг носи одлука дека можеби и е попаметно да поживее, макар постоел сам, но сепак остава еврејската правда да си ја задоволи својата жед по принципот на универзалните закони на доброто и злото. На единствениот од шесте милиони Евреи кому Хитлер има *подарено милослива смрт* (девојката Еврејка, чиј црн дроб единствено бил компатибилен да го замени заболениот на Хитлер), ќе ја освети смртта на својот народ забивајќи го ножот во својот црн дроб наместо ветеното сечење вени. И во следните сцени од драмата сме натерани да ѝ погледнеме на дилемата во очи, и тоа преку директен контакт со она што е наша сурова реалност. Така, зборовите на девојката кон терористот кој ја прашува дали знае што е татковина, се:

Девојката:

Не баш. Ама останавме без неа. Твојата е поделена, нашата веќе не постои. Европа нè прогласи за туристи, а си бевме народ.

И понатаму, истата таа девојка ќе ги каже неизговорените зборови на сите претходни „камиказе жртви“ на кои Андоновски им ја дава силината на ехо, кое непрестано одекнува во просторот и времето околу нас:

Треба ли татко ми да умре, за ти, или јас да имаме татковина?... Само ако бидеш татко, можеш на децата да им оставиш татковина.

Авторот допира повеќе нервни завршоци со само една реплика, невралгии со кои секојдневно живееме и таа синтеза е типична за ракописот на Андоновски. Во тој контекст последните две етиди се некаква рефлексија на сè претходно споменато, историјата е сегашност исто толку колку што сегашноста е историја. Психијатарот во „симулираната“ Фројдова ординација ќе каже:

> Психијатарот:
>
> Лудницата не е место, лудницата е состојба на духот. Погледни ја целата историја, на пример. Колку само наликува на некаква лудница во која здравите треба да се преправаат дека ги гледаат привиденијата на болните!

Крајот на драмата нè враќа на самиот почеток, ништо не е променето, само преоблечени контексти, но, се назира некаква можност дека човекот конечно може да го надмине апсурдот, дека конечно може да ги сфати одговорите, кои милениуми претходно се ставени пред него и дека може да се издигне над животот разбирајќи ја неговата апсурдност преку прифаќањето. Вандалот од последната сцена е голем затоа што од него конечно е исцедена храброста за самоубиство и затоа и може гласно да ја изговори баналноста на апсурдот. Во него е останато само некакво нејасно сеќавање на идеологијата на Масада, но кристално јасна свест за нејзината јаловост:

> Вандалот:
>
> Јас сè што барам е да се самоубиете со мене. Имам еден пиштол во панталониве. Ќе го извадам. Ќе влечеме сламки кој во кого ќе пука. Кој остане последен сам се упукува. И така херојски сме загинале за мојата татковина, мојата несудена жена. А и татковина е погрешно. Треба да се вика мајковина. Што требаше да ми народи деца за цела мајковина. Ама вие нејќете да се убиете со мене. Сакате да живеете!

## 3. *Митот – света и апсолутно вистинита приказна* (М. Елијаде)

Секој искусен автор е свесен за грандиозноста со која митологијата постои како некаков прасвет, вечно паралелен со нашиве. Швајцарскиот психијатар, основачот на аналитичката психологија Карл Г. Јунг, гово-

рејќи за колективното несвесно кај човекот, има докажано дека постои врска меѓу длабинските елемети на соништата и фантазиите на невротичарот со митологијата. Фројд, пак, дури ќе го дефинира митот како колективен сон на човештвото, па оттука, митот исто како и сонот не можат да се разберат без латентните содржини на потвеста. Погледнато вака, митот е некаков вграден дел од нашето битие, и веројатно, одговори на многу нејаснотии и дилеми треба да се бараат таму. Венко Андоновски практично ја покажува валидноста на теориите со тоа што во драмава не се среќава само некаков резидуум од митолошките приказни, туку, митологијата ја става како единствен прозорец преку кој можеме да го видиме светот кој тој сака да ни го покаже.

Според етичко-психолошкото толкување на Пол Дил, циитирано во *Речникот на симболи* на Гербран и Шевалие, најзначајните ликови во митологијата, посебно грчката, означуваат некоја функција на психата, а нивните меѓусебни односи го изразуваат интрапсихичкиот живот на луѓето (така Умот се вика Зевс, ускладувањето на желбите – Аполон, потиснувањето – Хад...). Таквиот клуч за толкување му дозволува на авторот едно ново сфаќање на митот како драматургија на внатрешниот живот. Други толкувачи, по Евемер (4 век п.н.е.), гледале во митот приказ на минатиот живот на народите, нивната историја, полубоговите и нивните подвизи, затоа што на некој начин се издигнати на ниво на богови и нивните постулати: од тоа гледиште митот би можел да биде драматургија на општествениот живот или поетизирана историја (Gerbran i Ševalije 579).

Постојат многу дефиниции или барем обиди за дефиции на митовите, поради нивната комплексност. Интересна е антидефиницијата на митот на Лосев, која вели дека „..митот е чудо, затоа што не е фикција; не е идеално битие; не е научна, ни примитивно-научна конструкција; не е метафизика; не е шема, ни алегорија; не е поетско дело; не е догма*;* не е историски настан“ (Анастасова Шкрињариќ 9б). Митот се дефинира и според неговата функција, па така покрај практичната, социјално – регулативната и етиолошката функција на митот:

> некои митолози основната функција на митот ја поврзуваат со исконскиот стремеж за хармонизирање и средување на поредокот (претворањето на хаосот во космос) – сметајќи дека тоа е смислата на митологијата воопшто. Митот е неопходно сретство кое му помага на човекот да најде цврста оска во еден хаотичен и променлив свет, тој е неговата потпорна точка, која има улога на регулатор и стабилизатор (митологијата му помага на човекот да го најде своето место и да се ориентира на вистинскиот начин во светот којшто го опкружува) (Анастасова Шкрињариќ 17а).

Венко Андоновски самиот ни фрла митска јадица во драмата, за тоа каде треба да ги бараме решенијата и одговорите. Во зборовите на вандалот од последната сцена, тој сосема транспаретно ни го покажува правецот преку кој треба да ја декодираме пиесата за да ја видиме целосната слика:

> Вандалот:
>
